Р Е П У Б Л И К А М А К Е Д О Н И Ј А

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“

Филолошки факултет „Блаже Конески“ - Скопје

Литературата на фактот во романите на Петре Наковски

-магистерски труд-

Ментор: проф. д-р Кристина Николовска

Кандидат: Татјана Пеливанова

Скопје, 2013 г.

СОДРЖИНА:

1. Вовед 6

2. Македонската литературна критика за „егејската тема“ и за творештвото на Петре Наковски..... 12

3. Дефинирање поими 16

4. Литература на фактот (развој) 21

4.1. Карактеристики на литературата на фактот 26

4.2. Видови литература на фактот 29

5. Апликации 32

5.1. „Постела за чемерните“ 33

5.2. „И каменот е земја“ 52

5.3. „Големата удолница“ 68

5.4. „Големата измама“ 84

5.5. „На пат со времето“ 102

6. Статусот на творештвото на Петре Наковски во контекст на македонската критика и современата македонска литература..... 125

7. Заклучоци 135

8. Био-библиографска белешка за Петре Наковски 141

9. Користена литература 144

РЕЗИМЕ

Романите „Постела за чемерните“, „И каменот е земја“, „Големата удолница“, „Големата измама“, „На пат со времето“, на авторот Петре Наковски тематски се посветени на положбата на македонското национално малцинство во Грција за време на Граѓанската војна (1946-1949), но и на годините пред тој бурен и трагичен период, а се однесуваат и на последиците за судбината на единката и на колективитетот.

Во наведените романи се опишани многу суштинските историски и општествени настани пред и во текот на Граѓанската војна со посебен осврт на учеството на Македонците во неа.

Основната карактеристика на спомнатите романи се состои во тоа што во нив е содржана вистината за историските автентични настани за кои низ факти, сведочења, историски документи, автентични настани и места, треба да се осознае вистината за опстанокот и истрајноста на Македонците со потекло од Егејскиот дел на Македонија. Романите ја носат трагичната поединечна и колективна вистина за Македонците под Грција и низ литературно прикажување ја изнесуваат вистината за уништување на човековата психа. Романите се литература за горчливата вистина, литература на херојството на македонските борци на ДАГ, за особините на борците на ДАГ, за егзодусот на децата и мобилизацијата на нивните родители, за учеството на македонската жена во Граѓанската војна и за трагичниот пораз кој доведе до искоренување и преселување од родните места без можности за нивно враќање.

Со магистерскиот труд „Литературата на фактот во романите на Петре Наковски“, подлабоко аналитички се навлегува во суштината на литературата на фактот каде најважна е вистината, историскиот факт, автентичниот настан.

Една од целите на работата на овој труд е да се согледаат вредностите на книжевното дело на Наковски чии романи раскажуваат за трагичните судбини на тие

кои страдаа и настрадаа во Граѓанската војна, од едната страна ја покажуваат нивната издржливост пред страдањата и смртта, а од другата страна бескрајната доверба, верба, хероизам и надеж. Оттука се налага, можеби, и потребата да се одговори на прашањето:

- Дали завршиле и траумите на Македонците кои го доживеале егзодусот?

Клучни зборови: **граѓанска војна, документ, факт, егзодус, страдања, вистина, верба, надеж.**

SUMMARY

The novels of Petre Nakovski, “A Bed for the Sorrowful”, “The Great Decline”, “And the Stone is Soil”, “The Great Lie”, “On the Road of Time”, are thematically dedicated to the position of the Macedonian minority in Greece during the Civil War (1946 – 1949), the years preceding this turbulent and tragic period, and also the consequences to the destinies of individuals and the collective.

Many important historic and social events before and during the Civil War are described in the mentioned novels, special attention being given to the participation of the Macedonians in them.

A basic characteristic of the mentioned novels is that they give the truth for authentic historic events through facts, testimonies, historic documents, authentic events and places and speak of the existence and the perseverance of the Macedonians from the Aegean part of Macedonia. The novels contain the individual and the collective truth of the Macedonians under Greek ruling, and through literary presentation bring the truth about the destruction of the human psyche to light. The novels speak of the bitter truth, the heroism of the Macedonian DAG fighters, the characteristics of the DAG fighters, the exodus of the children and the mobilization of their parents, the participation of the Macedonian women in the Civil War and the tragic defeat resulting in an eradication and dislocation from the birthplaces, without an opportunity to return there.

The Master’s dissertation “Non-fiction in the Novels of Petre Nakovski” goes further in the essence of non-fiction, in which the truth, the historic facts and the authentic events are the most important.

One of the goals of this work is to present the values of the literary work of Nakovski, whose novels speak of the tragic destinies of those who suffered and got killed

in the Civil War. The novels present their perseverance when exposed to suffering and death and also the endless faith, heroism and hope. Hence the need to answer the question:

- Have the traumas of the Macedonians who survived the exodus ended?

Key words: **civil war, document, fact, exodus, sufferings, truth, faith, hope.**

1. ВОВЕД

Состојбата на македонското национално малцинство во Грција по Втората светска војна и во текот на Граѓанската војна (1946-1949) во македонската историографија и во современата македонска книжевност претставува мошне интересен, но и се` уште недоволно истражен период од националното живеење на Македонците под Грција. Во македонската современа литература овој период најде одраз во романите на Петре Наковски:

- „Постела за чемерните“ (1985);
- „И каменот е земја“ (1988);
- „Големата удолница“ (2003);
- „Големата измама“,(2007);
- „На пат со времето“ (2010);

како и двете истражувачки дела „Македонски деца во Полска 1948-1968“ и зборникот документи „Македонските бегалци во Полска 1948-1975“ .

Романите на Петре Наковски без сомнение можат да се наречат свидетелство на Граѓанската војна, документ на времето, ама исто така и свидетелство за луѓето кои истраеле. Во случајот, и покрај другото, се свидетелство на злосторства и на антихуманизмот. Во нив е опишана трагедијата на Македонците во текот на Граѓанската војна во Грција и го претставува историското и житејското беспатие, во истото национално и идеолошко мачилиште, во истото психолошко огниште на изгубените и изневерените илузии на индивидуата. Претставена е историската трагика и реалната животна агонија на македонските беломорци и голготата и

годините на саможртвување во името на слободата, националното и индивидуалното достоинство.

Сите романи на Наковски се поттикнати од целта да го претстават целото зло што војната им го наметна на Македонците, и изобилуваат со описи на сцени и хроники на суровост, насилство, безочност, понижувања, предавства во историското касапење што „прокомунистичките грчки генерали и тогашните комунистички земји им ги наместија на македонските егејски испосници кои мечтаеа по својата татковина и по својот олтар на афтоќефалноста“. [1]

Романите се литература на Граѓанската војна, својствен суд за луѓето, слика за однесувањето на единката и колективот пред чинот на загрозата.

Тоа е литература за уништување на човековата психа, литература за горчлива вистина. Литература за особините за борците на ДАГ, момчиња и девојки.

Литература за македонската традиција претставена низ елементите: фолклор, вера, колективни симболи, топоними и сл.

Литература за учеството на македонската жена во Граѓанската војна.

Литература за еден од трагичните настани - егзодусот на децата и мобилизацијата на нивните родители.

Од романите на Петре Наковски, читателот има шанса да ја дознае вистината за Македонците под Грција и да најде одговор на прашањето:

Каква е вистината за Македонците во Граѓанската војна и што знае современиот Македонец?

И оттука во романите ќе бараме одговор на следниве прашања:

- Дали авторот во романите можел да ја одмине судбината на луѓето кои беа актери во тие трагични настани?
- Дали Македонците во Егејска Македонија во Граѓанската војна влегле како комунисти, т.е. како дисциплинирани членови на КПГ или влегувајќи во војната барале нешто друго за разлика од тоа што со себе го носела комунистичката идеја?

[1] Види: Рецензија на романот *Големата удолница*. - Петре Наковски: Скопје, *Макавеј*, 2003 год.

- Колку т.н. „бел терор“[2] повлијаел на поединечниот и масовниот отпор на Македонците?
- Кои биле мотивите грчката држава да го спроведе „белиот терор“ врз Македонците?
- Што ги мотивирало Македонците масовно да се приклучат и да учествуваат во Граѓанската војна?
- Дали КПГ во текот на именуваниот период ги остварила националните права на Македонците?
- Што барале?
- Што добиле?
- Што изгубиле?
- Дали биле злосторници или херои?
- Дали нивното однесување и држење заслужува да бидат осудени post factum морално гледано од аспект на времето во кое настанале романите?
- Дали ние современите Македонци треба од нашата лична и национална меморија да ја избришеме сликата на Граѓанската војна во Грција?

Низ анализа на романите преку: *факти, сведочења, историски документи, автентични настани* и *места* ќе произлезат и последиците од Граѓанската војна која завршила со пораз на националните стремежи и физичкото истребување во овој регион - уништено македонското стопанство во костурско-леринскиот регион, уништени села, иселено и раселено искрадено, истепано, пљачкано население, уништено македонското семејство со собирањето и одведувањето на децата во источноевропските земји.

И оттука повторно ќе дадеме одговор на прашањата:

- Колку Граѓанската војна придонела за опстанокот на Македонците?
- Какви последици оставила врз културното, обичајното живеење?
- Кои форми и начини биле применувани од официјалната грчка држава за асимилација на македонското население и нивниот став во однос на образованието,

[2] Види: Ετσι αρχισε ο εμφυλιος, Εκδοσεις Γλαρος, 1987 (Така почна граѓанската)

администрацијата, забраната на употреба на мајчиниот македонскиот јазик, негирањето на националниот идентитет, принудното менување на личните имиња, презимиња и топоними.

Во комунистичката пропаганда со која требало да биде привлечено македонското население најчесто биле употребувани два збора: фашизам и монархофашизам. Фашизам како остаток од италијанската, германската и бугарската окупација, а монархофашизам од обновувањето на монархијата плус белиот терор и антикомунизмот.

Одговорите на наведените прашања лежат во основата на романите на Наковски, кои ќе бидат и предмет на истражување.

Романите раскажуваат за трагичните судбини на тие кои страдале и настрадале во Граѓанската војна, од едната страна ја покажуваат нивната истрајност пред страдањата и смртта, а од другата страна бескрајниот хероизам.
Граѓанската војна завршила со пораз.

- Дали завршиле и траумите на Македонците кои го доживеале егзодусот?

Насловот на магистерскиот труд **„Литературата на фактот во романите на Петре Наковски“,** се наметнува од потребата подлабоко, аналитички низ: *факти, сведочења, историски документи, автентични настани и места*, да се осознае вистината за опстанокот и истрајноста на Македонците со потекло од Егејскиот дел на Македонија.

Наведените романи на авторот Петре Наковски ги обработуваат мошне суштинските историски и општествени настани пред и во текот на Граѓанската војна со посебен осврт на учеството на Македонците во неа.

Основната карактеристика на спомнатите романи е дека сите се однесуваат на Граѓанската војна во Грција; значајно е тоа што можат да послужат како извор за нафрлениот терор на грчката држава врз македонското население, како и за учеството на Македонците во Граѓанската војна, нивната посветеност, храброст и самопожртвуваност за национално ослободување и одбрана на идентитетот и човековото достоинство. Најсуштински во нив е вистината, историските автентични

настани, и даваат широка можност читателот да ја осознае вистината за тоа тешко, драматично и несреќно време.

2. МАКЕДОНСКАТА ЛИТЕРАТУРНА КРИТИКА ЗА „ЕГЕЈСКАТА ТЕМА“ И ЗА ТВОРЕШТВОТО НА ПЕТРЕ НАКОВСКИ

Во традицијата на документарното (мемоарско) сведочење пред се` опфаќајќи ја „егејската тема“, темата за откорнатиштвото и егзодусот, тема која бара релевантност во историските факти и развиена историска меморија, тема за историјата, идеологијата, политичките и моралните идеи на времето, во македонската книжевност се јавуваат неколку автори кои во дел од своето творештво посветуваат внимание на дела во кои се опишува судбината на Македонците од Егејскиот дел на Македонија.

Според професорот Миодраг Друговац, во делото „Историја на македонската книжевност XX век“, автори кои преземале извесни истражувања при обработка на оваа тема се: Ташко Георгиевски, Петар Ширилов, а освен овие автори за оваа тема меѓу другото пишувале и: Ката Руменова-Мисиркова, Иван Чаповски, Паскал Гилевски, Ристо Јачев, Коле Мангов.[3]

Оттука, како автори кои во своите литературни творештва внеле елементи според проф. Миодраг Друговац, познати како „проза на документот“[4], се: Ташко Георгиевски, за кој проф. Друговац вели дека: „за книжевната историја е од важност и податокот, дека тој преземал извесни истражувања (...), коишто треба да ја засилат автентичноста“[5], а поетот Раде Силјан во рецензијата на циклусот романи под заедничко име „Црно семе“ меѓу другото вели дека Ташко Георгиевски во своите дела внесува „искрен документарен опис“.[6]

Проф. Друговац исто така го издвојува и писателот Петар Ширилов за кој вели дека е „документарист, којшто и низ легендата ангажирано сведочи за историските голготи на својот народ“.[7]

---

[3] Миодраг Друговац: *Историја на македонската книжевност XX век*. - Скопје: *Мисла*, 1990, стр. 572-576
[4] Исто, стр. 625
[5] Исто, стр.572
[6] Ташко Георгиевски: *Црно семе; Змиски ветар; Време на молчење*. - Скопје: *Матица македонска,* 2008, стр. 378
[7] Миодраг Друговац: *Историја на македонската книжевност XX век*. - Скопје: *Мисла*, 1990, стр. 576

Исто така би ја споменала и Кица Барџиева-Колбе, чие дело „Егејци“[8] од литературен, историографски и социјален аспект има исклучително значење бидејќи изобилува со сведоштва и лични драми за егзодусот на стотина илјади Македонци од Егејскиот дел на Македонија, насилно прогонети во виорот на Граѓанската војна во Грција.

Познатиот поет, Раде Силјан, при едно свое обраќање по повод 70 години од грчко-италијанската војна на изложбата на книги и фотографии насловена како „Исповед на проколнатите“ во организација на Сојузот на Македонците од Егејот „МАКЕДОН“, истакнал: „Преку богатото културно наследство, преку усното творештво и особено преку високите книжевни остварувања на современите македонски писатели, македонскиот народ ја задржа својата автономност и вековна препознатливост. И покрај сите индивидуални и колективни трагедии, тортури, прогонства, застрашувања, бегства, носење на закони за промена на личните и на фамилијарните имиња и на топонимите, ние благодарение на литературниот влог на писателите родени во Егејска Македонија, во нашата свест ја задржавме целосноста на просторот отсликана уверливо, со чувство на литературна инвенција и богата лексичка изразеност. Преку делата на Ташко Георгиевски, Петар Ширилов, Иван Чаповски, Паскал Гилевски, Ката Мисиркова, Петре Наковски, Методија Тошевски, Ристо Јачев, Петре Бицевски, Стојан Кочов, Кица Барџиева-Колбе, Јован Парлапанов, Коле Мангов и други, во нашата меморија ги имаме прадедовските имиња на градовите, селата, реките, планините и на сите места и белези што се нарекувале со нашите вековни имиња. Ги имаме автентичните имиња на Кронцелево, Сетина, Крушодари, Крчишта, Свети Герман, Горничево, Сетома, Чеган, Пожарско, Костур, Воден, Родево, Пела, Кукуш, Баница, Лерин, Д`мбени, Бапчор, Кајлари, Ранци, Трсје, Жупаништа, Шестеово, Загоричани, Габреш, Черешница, Овчарани, Тиолишта и многу други населби населени со етнички Македонци. Творештвото на оваа група писатели е еден вид препознатлив амблем за македонското опстојување и визит-

[8] Кица Б. Колбе: *Егејци*. - Скопје: Култура, 1999

карта за препознавање на географските имиња, на топонимите и на личните имиња и презимиња во Егејска Македонија“.[9]

Несомнено, го издвојуваме писателот Петре Наковски, за чии дела се напишани рецензии од академик Гане Тодоровски, Димитар Солев, Бранко Цветковски, Раде Силјан, а ќе бидат предмет на анализа во овој магистерски труд, како автор кој целото свое литературно творештво го посветил на една историска временска рамка, Граѓанската војна во Грција (1946-1949), разработена низ призмата на македонскиот идентитет, борбата за негово зачувување и одржување, и сите негови пишани дела содржат елементи на *литературата на фактот*, така што во неговите истражувања, сведоштва, документи внесени во делата, можат да се најдат многу одговори за прашања кои и денес се актуелни за Македонија и Македонците од Егејскиот дел на Македонија.

Авторот во романот „На пат со времето“ забележал: „ ... нашето опстојување и постоење кое, како што рекле мудрите умови, е составка од многу минато и малку сегашност“.[10]

Во оваа смисла карактеристично е и тоа што авторот го задржува вниманието на публиката со пораката дека записите при живот, се сведоштво за минатото и на младите им остава аманет да го проучуваат и пренесуваат и на идните генерации тоа што било да се памети, да не се заборави, на хартија да се стави за трајно да остане незаборавено.

[9] radiolav.com.mk › Вести › Македонија, Сојуз на Македонците од Егејот „МАКЕДОН“ 70 години
[10] Петре Наковски: *На пат со времето*. - Скопје: *Матица македонска*, 2010, стр.10

3. ДЕФИНИРАЊЕ ПОИМИ

Поимот **литература на фактот** го вовела литературната критика меѓу двете светски војни како замена за наративната проза од триесеттите години; тоа е всушност современа наративна литература чија главна цел е веродостојно претставување на автентични настани која применува репортерски или мемоарски искажувања карактеристични за современиот роман.

Дефиниција наоѓаме во Речникот на литературни поими (Słownik terminów literackich) под редакција на Јануш Славински, кој **литературата на фактот** ја дефинира како: „Современа наративна литература која се засновува врз документот и ги содржи литературни видови, како: роман, репортажа, автобиографија, биографија, мемоари“. Во основата на литературата на фактот лежи романот - репортажа, кој е дефиниран како „роман кој низ креацијата на романсиерската фикција се стреми кон создавање тукуречи документарна релација за настани, појави, доживувања во одредена средина или историски процес“.[11]

Во „Општа теорија на литературата“ од Љубен Андреев е истакнато дека: „литературно-научен вид е таков вид творби кои по своите внатрешни и надворешни одлики имаат тесна врска со лирските, епските и драмските творби, како и со научната литература. Во литературно-научниот вид спаѓаат: *патопис, репортажа, дневник, мемоари* и др“.[12]

Во своето дело „Општа теорија на литературата“, Љубен Андреев поимот **патопис** го дефинира како: „Творба во која се опишуваат впечатоците и доживувањата од патувањето по непознати, малку познати или многу познати населени места, краеви и земји“.[13] (1991:277) Тој смета дека во патописот се дава опис на природата, на патувањето, начин на живеење на луѓето, како во минатото,

[11] Janusz Sławiński, M. Głowiński,T. Kostkiewiczowa: *Słownik terminów literackich*. - Warszawa; Kraków: *Zakład Narodowy im. Ossolińskich -Wydaw*, 2008
[12] Љубен Андреев: *Општа теорија на литературата*. - Скопје: *Просветен работник*,1991, стр. 274
[13] Исто, стр. 277

така и во сегашноста. Во патописите се опишува нивната култура, обичаите, историските податоци и впечатоците што ги оставиле на патописецот.

Поимот **репортажа,** Љубен Андреев го толкува како „творба во која на жив, динамичен, разновиден стил се опишуваат впечатоците за луѓето и настаните од реалниот, секојдневен современ живот“. (1991:284) Тој разликува два вида репортажа: новинарска и уметничка. Во новинарската репортажа со новинарски стил, фактите се изложуваат со куси црти и се опишуваат впечатоците за луѓето и настаните, а во уметничката впечатоците се опишуваат сликовито, поопширно, со емотивен стил.

Целта на двата вида репортажа е да се претстават впечатоците поживо, повпечатливо, за да го привлечат интересот на читателот.

Дневникот се одликува со богати фактографски податоци кои можат да послужат како извор за проучување на историјата на еден народ, на едно општество или пак на определен временски период. Во него се запишуваат впечатоците и настаните според хронологијата на збиднувањето. Според Љубен Андреев „**дневник** претставува таков вид творба во која вистинито се забележуваат по хронолошки ред денот, месецот, годината на најважните настани што се случуваат“. (1991:279)

Во **мемоарите** низ сеќавања се изнесуваат настани кои авторот ги доживеал, настани во кои тој учествувал и во нив се запишуваат и сеќавања на некои значајни личности од општествениот живот. Оттука во делото „Општа теорија на литературата“ од Љубен Андреев ја наоѓаме следнава дефиниција: „**Мемоари** се литературно-научни творби во кои, по сеќавање авторот го опишува не само својот живот, туку и спомените за животот на другите луѓе, настаните и времето во кое живеел и работел“. (1991:280) Карактеристично за мемоарите е тоа што тие имаат не само историска, туку и уметничка вредност.

Роман е долга епска творба во која се обработуваат теми од историјата или од секојдневниот живот на луѓето, на општеството. Во романот се опишуваат повеќе

личности, меѓу кои има главни околу кои е сконцентрирано дејството. Тие се носители на насоките на главното дејство и го привлекуваат вниманието на читателот, а во романот има и споредни ликови.

Писателот при сликањето на личностите, се стреми да го опише живописно, пластично и релјефно нивниот надворешниот изглед и внатрешните доживувања, нивните мисли, емоции, постапки и сл. Во романот се обработува една тема како главна, но има и споредни теми кои се поврзани со главната тема. Тој опфаќа широк временски период и има општествено-историска основа. Оттука, романот според Љубен Андреев е дефиниран како: „голема епска творба во проза или во стих, во која сеопфатно се обработуваат настани и животот на една или повеќе личности, или цело општество, во долг временски период“.[14] (1991:213)

Хронотоп буквално значи „*време-простор”,*[15] односно е претставена суштинската поврзаност на временските и просторните врски кои во литературата се уметнички изразени. Хронотопот во книжевноста има суштинско, жанровско значење. Според делото „Поимник на книжевната теорија“ на Ката Ќулафкова, „*книжевниот хронотоп е модел на свет персонифициран во една препознатлива, стилски и културно кодирана целина од простор, време, лик и приказна“*[16].

Во Дигиталниот речник на македонски јазик, под поимот **симбол** наоѓаме: „предмет, дејство и сл. што служи како условен знак за некој поим, идеја, уметнички лик што предава условно некоја мисла, условен знак, оличување на сите карактеристики“.[17] Тој е мотив или група од мотиви кои извршуваат функција на значење за да се постигне поголема сликовитост во изразувањето и на конкретниот предмет му даваат пошироко значење.

Фактот претставува вистинит податок, настан, неоспорна вистина.

[14] Љубен Андреев: *Општа теорија на литературата*. - Скопје: *Просветен работник*,1991
[15] Mihail Bahtin: *Teorija romana*. - Ljubljana: *Cankarjeva zalozba*, 1982
[16] Приредувач: Ката Ќулафкова: *Поимник на книжевната теорија*. - Скопје: *МАНУ*, 2007, 616
[17] http://www.makedonski.info/show

Во Речникот на литературни поими (Słownik terminów literackich) под редакција на Јануш Славински, поимот **факт** е дефиниран како: „тоа што се случило во стварноста, настан, појава, одредена состојба што се случува во одредено време и простор“.[18]

Овие поими се клучни во анализата на **литературата на фактот** во романите што се базирани врз конкретните настани, историски документи и документарна литература.

[18] Janusz Sławiński, M. Głowiński,T. Kostkiewiczowa: *Słownik terminów literackich*. - Warszawa; Kraków: *Zakład Narodowy im. Ossolińskich -Wydaw*, 2008

4. ЛИТЕРАТУРА НА ФАКТОТ
(РАЗВОЈ)

„Кога читаш литература на фактот,
ти читаш за нешто што се случило навистина –
не е приказна којашто некој ја измислил“.[19]

Литературата на фактот како поим или правец во литературата е воведена во Европа во триесеттите години од минатиот век, а апогеумот го постигна по Втората светска војна во дела кои пред се` се посветени на периодот од Втората светска војна и по неа.

Литературата на фактот од овој период најмногу е присутна во современата литература на: Полска, Русија, Грција, Велика Британија, Франција, САД.

Поимот го воведе литературната критика меѓу двете светски војни како замена за наративната проза од триесеттите години, чија главна цел е веродостојно претставување на автентични настани која применува репортерски или мемоарски искажувања карактеристични за современиот роман.

Ваквата дефиниција ја наоѓаме во Речникот на литературни поими (Słownik terminów literackich) под редакција на Јануш Славински, кој **литературата на фактот** ја дефинира како:

„Современа наративна литература која се засновува врз документот и ги содржи литературни видови, како: роман, репортажа, автобиографија, биографија, мемоари“. (...)

Во основата на **литературата на фактот** лежи: романот-репортажа, кој е дефиниран како „роман кој низ креацијата на романсиерската фикција се стреми кон

[19] www.misshannigan.com/Genre/nonfiction/nonfictionnotes.html

создавање тукуречи документарна релација за настани, појави, доживувања во одредена средина или историски процес“.[20]

Во романот - репортажа доминантната улога му припаѓа на проверен (автентичен) опис на одреден настан што се карактеризира или претставува вообичаено големо, значајно општествено, политичко, воено значење. Во оваа смисла **литературата на фактот** е дел од писменоста (книжевноста) во која доминира актуелната општествена, политичка, воена, социолошка и психолошка проблематика.

Во **литературата на фактот** најважна е вистината, историскиот факт, автентичниот настан.

Оттука, авторите ги користат оригиналните раскажувања и во тој случај најчесто се служат со:

- *репортажата, есејот, разговорот, биографските романи, белетризираните дневници, мемоарите*, кои се „многу корисни и често даваат многу важен придонес во историјата, а секако придонесот зависи и од личностите и нивната улога во историските случувања“.[21]

Овие дела имаат значајно општествено и културолошко значење. Имено, тие можат да послужат како извор за општествени, историски и политички истражувања, на животни реалности, на знаења за луѓето и мотивираност на нивните однесувања, за психата, за оценката на актуелната стварност.

Репортажата, дневникот, биографијата се класични видови на **литературата на фактот.**

Во **литературата на фактот** најважна е вистината, односно историскиот факт базиран врз документот, автентичниот настан, пренесени во роман - репортажа, есеј, разговор, и значењето на таквите литературни дела општествено и културолошки е многу значајно.

Литературата на фактот е пишување проза која ги презентира и објаснува идеите, и зборува за вистински луѓе, места, предмети и настани. Таа е експозе или интерпретација на тема која е презентирана како **факт**.

---

[20] Janusz Sławiński, M. Głowiński,T. Kostkiewiczowa: *Słownik terminów literackich*. - Warszawa; Kraków: *Zakład Narodowy im. Ossolińskich -Wydaw*, 2008

[21] Lindon Baines Jonson: *Pogled unatrag 1963-1969*. - Zagreb: *Globus*, 1974, стр.8

Според хрватските теоретичари на книжевноста, Зденко Шкреб и Анте Стамак, „**литературата на фактот** се темели на автентични доживувања и барања да се негува веродостојноста. (...) Прозата се темели врз основа на документарни факти, па со овој поим е окарактеризирана и прозата на Данило Киш во чие дело „Гробница за Борис Давидовиќ“ се претставени белетризирани факти кои авторот ги собрал од документарните записи за концентрационите логори за време на Сталиновото владеење“.[22]

Според овие критичари, „... оваа литература ги прикажува конкретните настани и се засновува врз историски документи и документарна литература и ваквите дела постигнуваат најголеми светски успеси“.[23]

Според бројни автори **литературата на фактот** е документ на времето.

Најистакнатите литературни достигнувања од овој вид меѓу другото се: „Медаљони“ - Зофија Налковска, „Да се стигне пред Господ Бог“ - Ханна Краљ, „Разговори со џелатот“ - К. Мочарски, „Раскази“ - Т. Боровски, „Императорот“ - Р. Капушчински (Полска); „Доктот Фауст“ - Томас Ман, „Опера за три грошеви“ - Бертол Брехт и др. (Германија); „Мемоари 1963-1969“ - Л.Б.Џонсон (Америка); „Еден ден на Иван Денисович“, „Архипелагот Гулак“ - Александар Солженицин, „Мајсторот и маргарита“ - Михаил Булгаков.

Карактеристично за полската книжевност е фактот дека „како класичар на литературата на фактот во Полска во 60 години го сметале Мелхјор Ванкович (1892-1974). Неговата писателска активност пред се` се ограничува на периодот од Втората светска војна. Други автори чии дела се карактеристични за полската литература на фактот се: Станислав Цат-Мацкевич, Кажимјеж Џевановски, Ричард Капушчински, Јан Јузеф Шчепански и др“.[24]

Редакторите на Речникот на литературни поими (Słownik terminów literackich) Јануш Славински и Михал Гловински истакнуваат дека „прирачниот речник на литературните поими, **литературата на фактот** ја дефинира како документарен

[22] Zdenko Skreb, Ante Stamac: *Uvod u knjizevnost*. - Zagreb: Globus, 1986, стр.337
[23] Исто, стр. 548
[24] Ryszard Matuszewski: *Literatura polska 1939-1991*. - Warszawa: *Wydawnictwa Szkolne i Pedagogiczne*, 1996, стр.137

роман или голема наративна творба чија содржина или фабула означена како роман претставува реконструкција на настани од животот на автентични современи или историски личности, се потпира на документарни знаења преземени од архивски, медиумски или историографски извори или пак собирани од самиот автор.

Наративната техника која е најблиска до репортажата, слободно користи од многу традиционални видови романи посебно од општествено обичајната и биографската сфера“.[25]

Литературата на фактот својата генеза ја наоѓа во воениот период, тогаш се однесувала на наративни дела пишувани во проза, пред се` такви кои имале документарен и биографски карактер и како таква била пренесена на тлото на современата литература.

[25] wspolczesnosc.klp.pl/a-9339.html

4.1. КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЛИТЕРАТУРАТА НА ФАКТОТ

Делата на **литературата на фактот** се разликуваат од белетристиката на неколку начини:

- Луѓето, настаните, местата и идеите кои се презентирани во *литературата на фактот* се вистинити, тие не се измислени.
- *Литературата на фактот* е раскажана од автор кој на некој начин учествувал во настаните или изворно е информиран.
- Таа презентира факти, опишува вистински животни доживувања, или расправа за идеи.
- *Литературата на фактот* е напишана за посебен **аудиториум**, или за група на читатели. Таа се осврнува на јасна **цел,** или причина за пишување. Аудиториумот и целта влијаат на видот на информација која што писателот ја вклучува.

- **Стилот** е одреден на начин, на кој писателот го користи јазикот. Стилот е одраз на личноста на авторот. Фактори кои влијаат на стилот на авторот меѓу другото се: нивото на формалност, употребата на метафорични зборови, дикцијата или изборот на зборови, шеми на реченици.
- **Тонот** е ставот на авторот и кон темата и кон читателите или слушателите. Во разговорите може да се чуе тонот на говорителот според начинот на кои зборовите и фразите се кажани. Кога читаме, може да се „слушне“ тонот во изборот на зборови и детали од страна на авторот. Тонот на литературното дело може да биде опишан со еден збор, како на пример: помпезен, разигран, сериозен, личен, саркастичен или пријателски.
- **Перспективата** е гледиштето или мислењето кое авторот го искажува за темата, директно или индиректно.

- **Пристрасност** се појавува кога писателот презентира само една страна (на пример, со игнорирање на релевантни факти или со користење на емотивен јазик кој на нефер начин ги бранува чувствата на читателите или слушателите).
- **Целта** е причината за пишување на авторот. Чести цели се: да информира, да убеди, да искаже почит, да забавува, да објасни и да предупреди.

4.2. ВИДОВИ ЛИТЕРАТУРА НА ФАКТОТ

Постојат четири типа, или модули на **литература на фактот** кои се дефинирани од нивната цел.

- **Наративната** литература на фактот раскажува приказни за настани од вистинскиот живот. Примерите вклучуваат автобиографии и мемоари. Вид на наративна литература на фактот е рефлексивното пишување, кое ги споделува мислите и чувствата на писателот за некое лично доживување, идеја, настан или прашање. Примерите вклучуваат рефлективни есеи, лични есеи и дневници.
- **Објаснувачката** литература на фактот информира или објаснува. Примерите вклучуваат аналитички есеи и извештаи од истражувања.
- **Убедувачката** литература на фактот дава причини или докази да го убеди читателот да дејствува или мисли на одреден начин. Примерите вклучуваат статии и политички говори.
- **Дескриптивната** литература на фактот користи детали поврзани со чувствата за да креира ментални слики за читателот. Примерите вклучуваат описи на ликови и научни опсервации.[26]

Предизвик за пишување на овие романи се значајни епизоди и историски моменти, архивски документи и искажувања на живи учесници во опишаните настани, лична посета на места каде се случувале настаните, кои се појавија post factum односно по одредена временска перспектива и дистанца.

Наведените романи на авторот Петре Наковски ги обработуваат многу суштинските историски и општествени настани пред и во текот на Граѓанската војна со посебен осврт на учеството на Македонците во неа.

[26] Види: www.misshannigan.com/Genre/nonfiction/nonfictionnotes.html

Истакнатиот македонски писател Димитар Солев во рецензијата за романот „Постела за чемерните “ меѓу другото подвлекува:

„При ова, треба да се одбележи дека Петре Наковски е очигледен приврзаник на *литературата на фактите*. Тенденција во современата раскажувачка култура, која бара нова рамнотежа меѓу фактографијата и имагинацијата. Поаѓајќи од животниот податок, кој има карактер на документ или на факт, таа си ја дозволува слободата нив да ги реди, да ги преплетува, да ги вкрстува, да ги комбинира - се` околу основната идеја. Но, и во литературата на фактите, фактот е повод, а авторот е творец“.

Основната карактеристика на спомнатите романи е дека сите се однесуваат на Граѓанската војна во Грција; значајно е тоа што можат да послужат како извор за нафрлениот терор на грчката држава врз македонското население, како и за учеството на Македонците во Граѓанската војна, нивната посветеност, храброст и самопожртвуваност за национално ослободување и одбрана на идентитетот и човековото достоинство. Најсуштински во нив е вистината, историските автентични настани, и даваат широка можност читателот да ја дознае и осознае вистината за тоа тешко драматично и несреќно време.

5. АПЛИКАЦИИ

5.1. „ПОСТЕЛА ЗА ЧЕМЕРНИТЕ“

„Што да речам јас?

Ништо... Се искоренивме и толку.

А за искоренетиот никој не сака ништо да знае

и никој не го прашува каде му е коренот.

Нашиот камен Нумо,

се истркала и трева не фаќа“.[27]

Романот „Постела за чемерните“ е објавен 1985 година и е прв роман на Петре Наковски. Ова е роман за националната, историската, воената, политичката и егзистенцијалната драма на Македонците од Егејскиот дел на Македонија.

Во симболиката на насловот на романот „Постела за чемерните“ низ опишаните настани е содржан само дел од трагедијата на Македонците во текот на Граѓанската војна.

Временски, дејството во романот се одвива од 22 јуни 1948 година до август 1949 година и конкретно започнува со преселување на населението од костурските села кои се нашле во непосредна близина на тешките борби водени во реонот на Северен Пинд, популарно наречен Грамос.

Слика 1. Насловна страница
на романот „Постела за чемерните“

[27] Петре Наковски: *Постела за чемерните*. - Скопје: *Култура*, 1985, стр.56

Романот е книжевен хронотоп[28] и суштински ги претставува временските и просторните врски низ кои е и проткаено неговото дејство. Опишаното време во кое се случуваат настаните е сместено во временски граници. Така, според Роланд Барт во романот „се вселува „нов код“ , кодот на просторот и времето“.[29]

Опишаните настани во романот се подредени хронолошки и авторот низ искажувањата на ликовите не` запознава не само со текот на настаните, туку и со дејствијата што се случувале во минатото, а историски се поврзани со настаните што се предмет на обработка на романот.

Оттука, се изведува заклучок дека авторот хронолошки и ретроспективно допира до историографијата, до националната судбина на Македонците, до историската катастрофа на Егејскиот дел на Македонија, „... пораз што и` ја зацрни за во вјек и вјеков егзистенцијалната перспектива на македонската нација.[30]

Во содржинското јадро на романот „Постела за чемерните“, се обработуваат следниве настани:

- Преселувањето на населението во поранешната италијанска база Прењес во Албанија.
- Организираното заминување на децата од селата во источните земји.
- Мобилизација на децата на возраст од 15-16 години како резерва на ДАГ.[31]
- Судбината на ранетите борци на ДАГ.

Романот започнува со опис на местото Прењес,[32] во кое во стари, истрошени бараки, коњски штали и магацини биле сместени околу 7-8 илјади иселени жители пред се` од костурскиот крај. Со одлука на Главниот штаб на ДАГ и во договор со

[28] „*Книжевниот хронотоп е модел на свет персонифициран во една препознатлива, стилски и културно кодирана целина од простор, време, лик и приказна“.*
[29] Венко Андоновски: *Структура на македонскиот реалистичен роман*. - Скопје: *Детска радост*, 1997, стр.123
[30] *Стожер*, јануари-март 2004, стр. 42
[31] Демократска армија на Грција
[32] Прењес - првото населено место во Албанија, по преминувањето на граничниот премин Ќафасан.

албанската влада, дел од населението од костурските села кое било најблиску до фронтот, било преселено во оваа поранешна италијанска база. Престојот во Прењес е сведоштво за тешките доживувања и личните трауми на селаните од костурскиот крај чија осама, напуштеност, разнебитеност и осакатеност во непознато се опишани на станиците на овој роман. Низ тешките и емотивни слики авторот дава опис на „вудвосаните старци, вдовици од шест војни и раскостени жени“[33] кои одделени од синовите, мажите, ќерките, болно и со лелек, со колнење и со тивки молитви секојдневно чекале вест од своите најмили кои се наоѓале на боиштата или во болниците. Страотен е описот на тие стари и изнемоштени луѓе кои трчале по камионите кои превезувале оздравеници ранети на боиштата на Вичо и Грамос, а лекувани во албанските болници во Елбасан, Тирана, Драч и Сукт и ги барале своите најблиски или пак постојано биле во очекување да слушнат некоја вест за нив, кога: „И во тој вик не се слуша ниту име, ниту презиме, туку само „о-о-о-а-а-а!!!“ и плачење, и молење, и колнење, и проколнување, и пцости и лелекање“.[34]

Престојот во Прењес е тешка и сурова вистина за Македонците испадени од родните огништа, сами, без своите најблиски, без ништо свое, бедни, беспомошни, затапени од болка, а кои една мисла водилка тајно, скришно, ги држела постојано живи, мислата за родната земја, мислата за родното огниште.

„Меѓу двете поминувања на камионите, наспроти забраните и заплашувањата, некои скришум се искачуваат до горе, до превалот и оттаму, гледајќи ја големата вода, а преку неа високите врвови на сивите планини, си шепотат во себе и покажуваат со прст еден на друг, велејќи: - „Ене, онаму е нашата дома“.[35]

Во романот „Постела за чемерните“, преку искажувањата на Кирче, мобилизирано дете, авторот не воведува во систематската и организирана акција за одведување на децата во источните земји. Целта била обезбедување посигурен живот за децата кои биле изложени на опасностите што ги носела Граѓанската војна. Во раскажувањето на Кирче трагични се сцените на разделбата: „Мајка не прегрна и молчејќи долго не држеше во прегратка... не стегаше, а солзите и капеа, та и капеа по нашите образи. Ми се чинеше дека цел век останавме така, сите сторени едно. Мајка

[33] Петре Наковски: *Постела за чемерните*. - Скопје: *Култура*, 1985, стр. 5
[34] Исто, стр. 6
[35] Исто, стр. 7

ја разлабави прегратката и, небаре плашејќи се да не се разбегаме ко пилиња, рашири раце и не` поттурна во толпата деца“.[36]

Слика 2. Мајките ги испраќаат своите деца

Така, децата од костурските села Косинец, Лобаница, Крчишта, Долно Папратско, Езерец, Галишта, Брештени и уште од неколку села од Костенаријата, по несигурната ноќ во пограничниот појас со камиони биле пренесени во Корча, сместени во албански семејства, а потоа со камиони децата биле однесени во близина на Драч. За децата се грижеле жени кои биле нарекувани „мајки“[37]. По осуммесечен престој во Албанија овие деца биле пренесени од Албанија во Полска.[38] За ова, поширока информација наоѓаме во предговорот на политиколошката студија „Македонски деца во Полска (1946-1968)“ од д-р Петре Наковски и во неговиот втор роман „И каменот е земја“.

Одведувањето на децата несомнено имало хуман карактер, меѓутоа, зад тоа се криеле и други цели со трагични последици. Имено, родителите биле искористени за

[36] Исто, стр. 95
[37] Види: Петре Наковски: *Македонски деца во Полска*. - Скопје: *Млад борец*, 1987, стр. 21
[38] Исто, стр. 27

потребите на фронтот, одведувањето на децата довело до урнисување на македонското семејство, а учеството на населението во војната, загинувањето на борците и егзодусот на децата претставува почеток на искоренувањето на Македонците од Егејскиот дел на Македонија.

Наковски во романот „Постела за чемерните“ не` запознава и со мобилизацијата на децата на возраст од 15-16 години како резерва на ДАГ.

Одведените деца во Романија биле соочени со нови предизвици. Претставници на ДАГ барале од повозрасните деца, да се вратат за да се борат на фронт. Во тоа време претставниците на привремената влада, а посебно на НОФ и АФЖ, го искористиле еланот на повозрасните деца хранејќи ги со актуелните борбени пароли: „Драги деца на херојските татковци и мајки, борците за слободата и напредокот... паѓаа зборови за борбата, за водачот... се запишувавме, викајќи пароли, а најмногу дека ете, сега, веднаш, сме готови да одиме да се бориме“[39].

Така, момчињата од Костурско, од Леринско, од Воденско, од Епир и Тесалија, преку Берковица (Бугарија), со камиони биле префрлувани во Преспа каде војнички вежбале. Овие деца го понеле големиот товар на возрасните што не останало без реагирања на роднините: „Луди се! Штом децата ни ги облекоа така, штом ги вратија во бој, кучкините синови решиле да ни го искоренат коренот! - така велеше дедо ми“.[40]

Фактот на мобилизација и враќање на малолетните деца на возраст од 15-16 години за потребите на фронтот, како резервна војска да бидат вклучени во редовите на ДАГ, предизвикал бура протести[41] кај родителите. Затоа, под притисок на родителите овие деца биле испратени во Прењес.

Во делото „Постела за чемерните“, авторот ја обработува и темата за судбината на ранетите борци на ДАГ. Низ времето, просторот, емоциите, менталитетот ја прикажува биднината и небиднината на овие јунаци. Авторот говори за човечките судбини и за трагичните последици кои ги носела граѓанската војна. Во име на слободата, во име на копнежот по родната грутка, на надежта за подобро утре,

[39] Петре Наковски: *Постела за чемерните*. - Скопје: *Култура*, 1985, стр.156
[40] Исто, стр.166
[41] Види: Петре Наковски: *Македонски деца во Полска*. - Скопје: *Млад борец*, 1987, стр. 23

претставена е голготата на Македонците кои земале активно учество во битките борејќи се на страната на ДАГ. Ранетите борци биле носени од борбите на Грамос во Албанија, во болниците во Корча, Тирана и Елбасан и од Сукт, а потоа недоизлечени повторно биле враќани на фронт. Таму почнува да се распаѓа и да се расткајува заедно плетената и ткаена горчлива и чемерна судбина - небаре е потсечена со срп.

Романот кој е предмет на анализа на најубедлив начин го опишува големото зло што на Македонците им го донела граѓанската војна. Лошо, чии извршители биле луѓе од разни идеологии. Тешко е да се одговори: Каков треба да биде човекот во условите што ги наметнала граѓанската војна – убиец или херој? Авторот не дава еднозначен одговор, туку остава отворен простор во кој читателот треба да даде оценка за тоа кои ликови и настани заслужуваат пофалба, а кои осуда.

Во романот наоѓаме сцена во која Македонецот успеал да го одбрани своето достоинство, почитта кон сопствената човештина која претставува највисока вредност. Во врска со ова, најмоќен е исказот на главниот актант, Пандо. Измачуван во полициските казамати тој изјавил: „... мене комунизми не ми требаат и не ги барам. Мене ми треба Македонија и неа ја барам. Ме нарекоа автономист и - на сув остров.[42]

„Ме обвинија за комунизам“.[43]

---

[42] Петре Наковски: *Постела за чемерните*. - Скопје: *Култура*, 1985, стр.66

[43] Исто, стр.46

Комисијата за издавачка дејност при ЦК на СКМ во која членувале и петмина со потекло од Егејска Македонија (тие биле овластени да даваат оценка кои и какви текстови што се однесувале на Егејска Македонија смеат да се печатат) го оспориле печатењето на романот „Постела за чемерните“, поставувајќи услов реченицата да биде избришана. Авторот одбил и од издавачот на „Култура“ побарал романот да му биде вратен.

На маргината од овој дел би сакале да го истакнеме поданичкиот и лакејски „егејски естаблишмент“, кој по прочитувањето на романот не ја заборавил оваа реченица: „... мене комунизми не ми требаат и не ги барам. Мене ми треба Македонија и неа ја барам“. Тројца поранешни борци на ДАГ, инаку дезертери по битката за Лерин, го повикале авторот на разговор и во долгата расправија настојувале да биде избришана реченицата.

„- Избриши ја - му рекле на авторот, зашто тукашните ќе речат дека ние Егејците сме против комунизмот и дека сакаме некоја Македонија“, а тоа било спротивно на политиката на Сојузот на комунистите. На ова авторот им рекол дека откажува да ја избрише спомнатата реченица. Двајцата од соговорниците биле поранешни удбаши кои по поразот на Ранковиќ биле пензионирани, а третиот пописмен од нив работел како научен соработник во Архивот на Македонија, со само редовно завршено основно образование во Грција. Наковски револтирано ги напуштил соговорниците, а тие му довикнале: „- Остани и држи се со нас, а далеку и високо ќе стигнеш“.

По ова искажување низ страниците на романот ни се разоткриваат и неподносливите измачувања. Од истражувањата во врска со измачувањата на Македонците во казаматите на грчката полиција, авторот преку устата на Пандо ги бележи следните начини на измачување во чија основа лежел обидот за денационализација на Македонците.

Начини на измачување:

1) пиење рицинус

2) седење на мраз

3) тепање

4) откорнување нокти

5) ставање запален кибрит или жешки јајца под мишки

6) стегање железен обрач на главата

7) ставање жива мачка под кошула

8) тепање по стапала и гениталии

9) лута пиперка во уста

10. стрижење на крст

11. праќање во логори[44]

По ваквото избројување, Пандо заклучил: „Тие не тепаат, туку толчат... (...) тие тепаат, но не убиваат. Правилото е: осакати ама не убивај. Осакати, посеј во нив

Да одбележиме дека Наковски не останал со нив и без нивна помош стигнал дотаму каде тие не можеле да сонуваат, но останала одмаздата, бидејќи некои се препознале во неговите романи и ја шириле нетрпеливоста, и поради тоа што Наковски повеќепати јавно во печатот, радиото и телевизијата се произнесувал против поимот „егејци“ и поимот „деца бегалци“. На ова хајка се приклучиле и некои душогрижници, некои поранешни затвореници, сега големи патриоти во Канада и Австралија. И токму за оваа реченица во текот на подготовките за печатење на романот „Постела за чемерните“, постоело мислење од ЦК на СКМ, овој роман да биде повлечен. Благодарение на храброста на писателите Димитар Солев и Бранко Пендовски, романот излегол од печат и постигнал невиден успех. Целиот тираж бил продаден за 2-3 месеци. Само за еден ден биле продадени 70 примероци. (Нова Македонија, 18.2.1986 год.)

Под притисок на актуелната политика, критиката го одмолчала романот „Постела за чемерните“, патем и другите романи што следеле. Сепак, читателите го дале своето најдобро мислење, а актерите Вукан Диневски и Душко Георгиевски со наслов „Егејска фуга“ одржале над стотина претстави. Но, независно од тоа и „Постела за чемерните“ и „И каменот е земја“ се нашле на црната листа. Триумфирала завидливоста и лакејството.

[44] Петре Наковски: *Постела за чемерните*. - Скопје: *Култура*, 1985, стр.67

малодушност. Осакати за да се плашат од нив оскатените. Ете, тоа го имавме во грчката патрида“. И кој знае дали утре или задутре нема да ни обесат попогрдни имиња и да ги плашат со нас сопствените рожби. А ние, гледаш, мајката, траеме и сме... Како пирејот, нели?...“[45]

Авторот преку описите и однесувањата на ликовите всушност, укажува дека секој лик ја носи во себе судбината на колективот, судбина полна со трагични последици. Нивните карактерни особини се одликуваат со највисока доблест. Тие се носители на вистината и во нив се вградени најпозитивните човечки особини: гордост, издржливост, опстојување, достоинство, чин на хероизам. Сликајќи ги нив, авторот го слика македонскиот народ од Егејскиот дел на Македонија, односно личности кои се типични претставници на македонскиот селанец. Авторот автентично го отсликува системот кој имал за цел уништување на семејството, раселување, разнебитување на семејството, на човековото достоинството, на вековното домашно огниште и роднокрајската македонска традиција.

Романот „Постела за чемерните“ кој е предмет на нашата анализа содржи низа елементи на **литературата на фактот** низ кои ја дознаваме вистината за *местото, времето, настаните и луѓето*.

Прв елемент со кој се потврдува дека делото има елементи од **литературата на фактот** е автентичноста на просторот, имињата на населените места, топонимите.

Дејството се одвива во Албанија, во Преѣес, кој е првото населено место по граничниот премин Ќафасан, а во романот се спомнуваат градот Корча и селото Добрани и албанските градови Елбасан, Тирана, Драч и Сукт, во кои за време на Граѓанската војна во Грција биле лекувани ранетите борци на ДАГ.

Во романот авторот ги употребува македонските имиња со невообичаено точна топографија на селата, градовите, планините, реките, кои Грците со закон ги имаат погрчено, односно ги имаат преименувано со грчки имиња. При анализата на романот, читателот ги дознава автентичните имиња на топонимите во Егејска Македонија:

[45] Исто, стр.69

Села: Врбник, Билишта, Крчишта, Долно Папратско, Новоселени, Езерец, Сничени, Лудово, Мантила, Долнени, Брештени, Галишта, Јановенските села, Смрдеш, Брезница, Винени, Косинец, Лобаница, Брезница, Желево.

Градови: Лерин, Воден, Негуш, Костур.

Области: Костурско, Воденско, Лериско.

Планини: Вичо, Грамос, Камна, Свети Илија, Копанче, Алјавица, Круша, Тумба, Бела Вода, Бигла, Горуша, Харо, Клефтис, Патомата, Орле, Одрето, Бел Камен, Главата, Кула, Јоргова Глава, Мали Мади, Буци, Јанова Глава, Плати, Кулкутурја, Буковик, Баро, Јамата, Поленатa, Врбица, Стените, Кајмакчалан, Шак, Синадев Рид.

Втор елемент со кој се потврдува дека делото има елементи на **литература на фактот** е временската рамка и вистинските настани кои се случувале во тој временски период.

Во романот „Постела за чемерните“, авторот прецизно го запазува хронолошкиот ред на романсиерското дејство и ги опишува реалните факти и случувања кои довеле до уништувањето на македонското семејство и присилното иселување од родните огништа.

- Забележан е точниот ден 22 јуни 1948 година кога започнало преселувањето на населението од костурските села кои се нашле во непосредна близина на тешките борби водени во реонот на Северен Пинд, популарно наречен Грамос, а кои траеле 70 дена. Селаните од Крчишта, Долно Папратско, Новоселени, селата од т.н. Костенарија: Езерец, Сничени, Лудово, Мантила, Долнени, Брештени, Галишта, Јановенските села тогаш биле преселени во, како што веќе погоре спомнавме, поранешниот италијански воен логор во малото населено место Прењес, на територијата на денешна Албанија.

- При заминување селаните со себе ја земале и стоката, но за потребите на ДАГ, стоката им била одземена, а за возврат им било дадено испишано ливче.[46]

- За време на Граѓанската војна во Грција, ранетите борци од битките на Грамос биле носени во Албанија, во болниците во Елбасан, Тирана, Драч и Сукт. За

[46] Види: Петре Наковски: *Постела за чемерните*. - Скопје: *Култура*, 1985, стр. 243

опсежните истражувања за постоењето на овие болници, авторот се осврнува во својот роман „На пат со времето“, кој е исто така предмет на анализа.

- Во 1948 година била започната организирана акција за одведување на децата. Децата биле одведени во Корча, и сместени во албански семејства, за што сведочат и авторот и неговата сопруга, како и многу други нивни пријатели кои детството го поминале одделени од родителите и одведени по домови во источните земји. Исто така вистинито било постоењето на „мајките“ - претставени преку ликот на мајка Евгенија, кои се грижеле за одведените деца и одведувањето на децата во Полска.[47] За ова, податоци наоѓаме во политиколошката студија „Македонски деца во Полска (1946-1968)“ од Петре Наковски.

Слика 3. „Мајка“ Евгенија и децата од с. Крчишта сликани во Солице-Здруј во мај 1949 година

- Мобилизацијата на децата на возраст од 15-16 години како резерва на ДАГ, вкупно илјада и двесте доброволци[48].

[47] Види: Петре Наковски: *Македонски деца во Полска (1946-1968),* (политиколошка студија), Скопје: *Млад борец*, 1987, стр.19
[48] Исто, стр. 23

Факт е исто така и тоа дека иако Грците и Македонците се бореле под едно знаме, грчките власти во напорите за асимилација на македонското население административно со декрет[49] забранувале и правеле напори да ги искоренат основните национални обележја на Македонците: јазикот, писмото, верата, уништување на човековото достоинство и одземањето на имотите и државјанството.

Во романот исто така, наведувањето на имиња на логори, како и на историски личности и воени и политички организации, химна и песни ја потврдуваат тезата за *литературата на фактот*:

Логор: Макронисос[50], центар за превоспитување за време на Граѓанската војна во Грција каде биле интернирани 50 илјади војници осомничени како левичарски настроени. Основната поента на превоспитувањето била во ширење на омраза против комунизмот и словенството:

„Макронисос скромен, прегратка на пионери
Ти си татковина на херои со голема слава
Голема огромна татковина, но не на робови
И страв и гроб на варварите Словени...

Првиот баталјон на Макронисос
Сега го мрази словенството... “[51]

Историски личности: Метаксас, Велухиотис, Венизелос, Пангалос-генерал, диктатор и други познати грчки политичари.

Воени и политички организации: ДАГ (Демократска армија на Грција), ЕЛАС (Елиникос Лаикос Апелефтеротикос Стратос) Грчка народна ослободителна армија, УНРА (United Nations Relief and Rehabilitation Administration (UNRRA).

[49] Станува збор за декретите 13 од 1947 и МН од 1947 и 1948 година.
[50] http://en.wikipedia.org/wiki/Makronisos
[51] Види: Петре Наковски: *Постела за чемерните*. - Скопје *Култура,* 1985, стр. 27

Песни: „Анакриси триту ватму“ - „Истрага од трет степен“ - **песна** напишана од логорашот Андреас Леондарис, во Макронисос (во превод на П. Наковски).

- „Емброс ЕЛАС ја тин Елада“ - **химна** на ЕЛАС со која ги почнувале своите емисии на радиостаницата „Слободна Грција“.

Трет елемент со кој се потврдува дека делото има елементи на **литература на фактот** се сведоштвата врз чија основа авторот ги темели исказите за судбините на главните актанти.

Романот е компониран како систем од раскажувања, кои заемно се надополнуваат, а дејствијата се поврзуваат низ преплетените искажувања на главните актанти, Пандо, Нумо и Кирче. Пандо - гробарот, кој се борел во неколку војни, се борел за својата земја, за родната грутка, и барајќи ја татковината бил наречен „смрдлив славофон“ и обвинет за комунизам. И дали било времето на Венизелос, или Пангалос, или Метаксас, во ликот на Пандо се опишани судбините на сите оние кои ја барале и ја сакале својата Македонија, оние кои не се пишувале дека се Грци, кои зборувале на мајчиниот македонски јазик. Казната за овие луѓе почнувала и завршувала со три чаши рицинус. И не само тоа: тепање, откорнување нокти, жешки јајца под мишки, и, до каде ли одела таа тортура и тие болни умови, до лутите пиперки или мачката под кошула?

Нумо Дамовски, Македонец, заради казна, бил донесен во Прењес од Сук. Тој бил без една нога, ја загубил во бој на Камна, низ раскажувањата за својот страдалнички живот, всушност ја раскажува судбината на Македонците кои се бореле за својата Македонија. Во неговите раскажувања тој го опишува и Харилаос, лик на сите оние Грци и Македонци кои мислеле поинаку, биле левичари, комунисти или едноставно биле Македонци, зборувале на македонски јазик, не се пишувале дека се Грци. Сите овие биле испратени во Центарот за национално превоспитување кој се наоѓал на островот Макронисос. Заедно со Пандо ги гледал судбините на луѓето, тагувал заедно со нив, и постојано му тежеле мислите: „Зар ова треба да биде плодот на нашите мечтаења, на нашите желби и убедувања? Каква слобода им донесовме на овие луѓе? Каква слобода имаат тие тука, протерани од своите огништа.

И кој е тој што може да ме убеди дека утре ќе се вратат и со радост ќе ги пречекорат местата каде што беа праговите на нивните домови? Зошто дојде до ова?“[52]

Карактеристичен е и ликот на Кирче, младо петнаесетгодишно дете, во чиј лик се претставени македонските деца од Егејскиот дел на Македонија одведени во источноевропските земји. Младите, штотуку замомчени деца со пушки на рамо, со трипати подвиткани, војнички панталони, со цокули долги и широки како лопата, но со цврст чекор ги подготвувале да се борат рамо до рамо со другите војници на фронт. Кирче бил само еден од децата кои во виорот на Граѓанската војна во Грција биле одведени и одделени од родителите и од родните огништа.

Слика 4. Авторот Петре Наковски
(подготовка на децата за идни војници)

Авторот преку ликот на Кузе кој се јавува и во романот „И каменот е земја“ ги претставува и оние кои за време на Граѓанската војна профитираат од маките на

[52] Петре Наковски: *Постела за чемерните*. - Скопје: *Култура*, 1985, стр.148

другите, се служат со измама, клевета, предавство, обвинувања, заплашувања. Тој е негативен лик кој опстојувал исполнувајќи ги наредбите на оние од НОФ и АФЖ, гуштерот како што го нарекувале луѓето, страшливец и понижувачки услужлив. „Зар не гледаш дека гори од желба некого да поткаже? И ќе рече некој дека е нашинец“.[53]

Во романот „Постела за чемерните“, Наковски посебно место посветува на жените. Жени страдалнички, мајки останати без своите чеда, жени останати без своите стопани, осамени, избркани од родните огништа, млади девојки кои наместо да се подготвуваат за невести, биле мобилизирани и пратени на боиштата, од каде најчесто ранети, се лекувале во воените болници и излегувале осакатени со испосечени раце и нозе, со патерици под нивните мишки, а некои со се уште неизлекувани рани повторно ги враќале на фронт.

Какви ли соништа сонувале тие девојки?

Авторот го следи и животниот пат на Донка - Калешата. Пред нашите очи таа е типичен претставник на македонската девојка. Калешата е симбол на храбра девојка, чија плетенка долга, црна, тешка и бујна била гордост на целиот баталјон. Во неа е опишана бунтовната младост, чувството на личното достоинство, желбата за живот водена низ песните што ги пеела и е претставник на сите млади девојки кои невестинските кошули ги замениле со војнички.

Наковски низ емотивни слики кои читателот нема да го остават рамнодушен ги доловува тогашните состојби во Прењес и судбините на жените, мајките, вдовиците претставени преку ликовите на Крстовица, Ристана, ..., кои не ги губат само оние кои се на фронт, туку ги губат и своите деца, оние одведените и оние кои остануваат со нив, оние кои виорот на војната, раселувањето, им носи болест и немоќ да ги спасат. Пред нивните очи полека гасне животот на дете: „Снеможено е, кутрото, и веќе цел месец не стана од рогозина.... Не јади...“[54] Тешка е судбината на Костовица, која е претставник на македонската жена од Егејскиот дел на Македонија,

[53] Исто, стр.93
[54] Исто, стр.81

чие дете се топи пред нејзините очи, со матен поглед закован во гредите. „Покрај свежо покриениот гроб стуткана седи Костовица и ги пали свеќите чии пламенчиња треперат во нејзината дланка...“[55] Таква била судбината на жените од костурскиот крај на Егејска Македонија, секој ден редење, запустување и болка. Секој ден со очи полни исчекување, со чувства мајчински, раскинати, скршени, растревожени.

Во овој роман личностите се претставени во сета своја автентичност, со длабоки и доживотни лузни и длабоко исполнети со тага. За напуштањето и тагата кон родната земја, Јасмина Мојсиева-Гушева, ќе напише:

„Независно дали напуштањето на родната земја настанува поради прогон или доброволно, во нивните души секогаш се чувствува една тивка тага. Таа не мора секогаш да биде обична носталгија по одредено место или минато време. Може да се јави како внатрешен презир на осаменоста, тежина поради сознанието за неприпадноста кон средината или едноставно притисок поради сопствената празнина. Во нејзиното појавување нема одредени правила“.[56]

Четврт елемент со кој се потврдува дека делото има елементи на **литература на фактот** е заедничкиот *код* на Македонците, „традиционалното што се именува како симбол“[57], а тоа е славење имендени и слави на *традиционалните македонски православни празници*: Илинден, Ѓурѓовден, Митровден, Пречиста, Спасовден, Успение на Пресвета Богородица, Крстовден, Цветници, искажување на вистинската верба во Бога преку молење пред иконата на Богородица, палење свеќи и раздавање храна за покој на душите на мртвите со што се покажува трогателниот автентизам на животот и обичаите. Како вреден доказ за битот на Македонецот се *македонските ора* и *македонски народни песни*: Берачето, Чие е она девојче, Народе македонски, Црнеј горо. Целта на авторот е низ страниците на анализираното дело да го сочува и најмалиот детаљ за вистината и трагиката на тоа време.

Стилот и јазикот се зависни од творечката индивидуалност на авторот (локален јазик и литературен). Во неговото искажување се гледа способност на изразување. Авторот во делото користи *македонски литературен јазик*, но делото е збогатено и со *костурски говор* за да ја долови автентичноста на местото и јазикот:

[55] Исто, стр.84
[56] Јасмина Мојсиева-Гушева: *Имагинарни татковини*. - Rijec, 2006, бр.3, стр.158
[57] Види: Венко Андоновски: *Абдукција на теоријата*. - Скопје, *Галикул*, 2011, стр. 176

јаска, чужо, лавае, д`мбја, од де си, де ош, зве, р`ка, одајка, пулеше, осунатје, втаса, в`лчица, п`то, лаф, влегу, урва, ена, разбервам, људје, с`нце, поминае, ними, нешчо, опитвам, з`мби, ами ка, по`тпчи, се ума, нашчо, балзосам, Госпу, моља, дојду, о јаска ж`лната, ношја, ојду, реку, сполај. Во романот среќаваме и *клетви*: „ И тие од оган да не куртулат и господ да даде очи мајчини да не видат“.[58]

Со ова се докажува автентичноста, постоењето, но и скромноста на Македонците од Егејскиот дел на Македонија кои се искажуваат на јазик, (просто) неисполитизиран, обичен, што не им пречи најизразито да си ја искажат маката, тагата, стравовите, очекувањата, надежта, но и на свој начин да осудат, да пресудат. За да ја долови автентичноста на времето и просторот, авторот во делото користи и изрази на *грчки јазик*: Та подја му! (Моите нозе!) Охи! (Не!), Ипографце атиме! (Потпиши подлецу!), Кало педи! Паликари! (Добро момче! Јунак!), скопос, (стражар), графиото-канцеларија, каталавес, асфалија -полиција, пањопедо, педја, ексо, и изрази на *романски јазик*: „Шти ромасанешти? Кунте кјама?“

Во делото се забележуваат сензибилни доживувања: емоции и рефлексии, преку кои би рекле идеално ја изразува *литературата на фактот* изнесена во делото.

Симболиката на насловот авторот ја поврзува со судбината на колективот, а исто така романот е облагороден и со следниве *симболи*: црната шамија - ја симболизира жалта и жалењето кон изгубените, каменот - родната земја, иконата, зборот, говорот, изнесени во делото се симбол на траење, опстојување на нацијата и молитвата - лично верско доживување во чија основа лежи навраќање со мислата кон Бога или кон друг предмет на култ во состојба на обожување и восхит.

Романот „Постела за чемерните“ е споменик на сведоштво за луѓето кои поминале и ја доживеале воената бура, кои лично без своја вина се судриле со нејзината грозотија.

Елементите на **литературата на фактот** носат најмногу знаења за животот што се потврдува со содржината на анализираното дело. Овој роман на Наковски открива конкретна, вистинита слика за раздомените, кои секој ден не ја губеле надежта дека ќе се вратат во родните краишта, исполнети со спомените и со

[58] Петре Наковски: *Постела за чемерните*. - Скопје: Култура, 1985, стр. 172

празнина во душите, делејќи ја истата судбина со другите и делејќи ги деновите на осама.

За ова авторот Петре Наковски во интервјуто за весникот „Македонија денес“ ќе рече: „Со овој роман само правам обид да го најдам клучот кон нивните души. Кога насилно е замолкната слободната мисла, тогаш се јавува гласот на душата. Тој копа и длаби во времето и го открива, носи знаења и црпејќи од длабочините на битот ја открива вистината за себе и за другите“.[59]

Поврзано со претходното Димитар Солев во рецензијата за романот „Постела за чемерните“ ќе напише:

„При ова, треба да се одбележи дека Петре Наковски е очигледен приврзаник на **литературата на фактите**. Тенденција во современата раскажувачка култура, која бара нова рамнотежа меѓу фактографијата и имагинацијата. Поаѓајќи од животниот податок, кој има карактер на документ или на факт, таа си ја дозволува слободата нив да ги реди, да ги преплетува, да ги вкрстува, да ги комбинира - се` околу основната идеја. Но, и во **литературата на фактите**, фактот е повод, а авторот е творец“... „Што се однесува до идејата, таа е симболично кажана и во самиот наслов, а и на неколку други изричити или метафорични места: „Нашинците, Македонците, имаат повеќе татковини или барем се бијат под туѓи знамиња“ (Нуме).[60]

Романот завршува со сцена што тешко се одболува и редок ќе биде читателот кој ќе здржи солза. Имено, традиционалниот адет „раздавање за душа“, е претставен преку Крстовица, која на деветтиот ден од смртта на нејзиниот син собира од стрништето пченица за да им раздава на луѓето, но била обвинета дека ја украла. Таа понижена, осрамотена, чемерна, собира сливи дивјачки и наместо вековниот адет „раздавање пченица за покој на мртвите“, таа раздава диви сливи молејќи: „ - Земете, добри луѓе, каснете, каснете за душата на Ристо, син ми....“[61]

Ама тука не завршува македонскиот чемер, надоаѓа тешката 1949 носејќи ја големата измама.

---

[59] Види: *Македонија денес*, 4 ноември 2003, стр. 15

[60] Види: рецензија на Димитар Солев за романот *Постела за чемерните* од Петре Наковски, Скопје, *Култура*, 1983 год.

[61] Петре Наковски: *Постела за чемерните*. - Скопје: *Култура*, 1985, стр.185

Овој роман носи и порака за идните генерации, им остава аманет да го проучуваат и пренесуваат и на идните генерации, тоа што било да се памети и да не се заборави, да се запише на хартија за трајно да остане незаборавено.

Сметаме дека современите Македонци кои живеат во сосема нови времиња и услови би требало да извлечат заклучок од овој трагичен дел од Македонија со една единствена цел: никогаш да не се повтори.

5.2. „И КАМЕНОТ Е ЗЕМЈА“

„... чендо Кире, каде и да одиш,

две работи да не заборавиш: словото и патот.

Само така ќе се вратиш, ќе си дојдеш дома.

Го заборави ли словото, се заборави себе.

Го заборави ли патот за дома

- скитник остануваш засекогаш.

Словото чендо, е тоа што си ти,

го заборави ли, ќе те заборават сите,

чувај го, а и тоа ќе те чува тебе.

Ако словото не го заборавиш,

и патот нема да го заборавиш...

И тогаш ќе си дојдеш дома...“[62]

Трагиката на Македонците од Егејска Македонија е содржана и во вториот роман на Петре Наковски „И каменот е земја“. Овој роман е објавен во 1988 година. Во ова дело авторот ја искажува состојбата на населението кое живее на територијата опфатена со воените дејствија и се наоѓа во виорот на огромните несреќи што ги носи војната.

Во содржинското јадро на романот „И каменот е земја“ се движат низа судбини на личности во една временска рамка. Романот е хронотоп.[63] На страниците

[62] Петре Наковски: *И каменот е земја*. - Скопје: *Огледало*, 1988, стр.139

[63] Во делото „За романот“ ,Михаил Бахтин, ги поставил почетните теоретски постулати за романот како целина, но во своето теориско истражување се осврнува и на важноста на времето и просторот во

на оваа книга е опишано времето сместено во временски граници во кои се случиле опишаните настани. Според Роланд Барт во романот „се вселува „нов код“ , кодот на просторот и времето“[64].

Фактите изнесени во опишаниот временски период подредени се со хронолошка композиција на текот на настаните и дозволува постепено запознавање со времето и со населението и при тоа авторот се надоврзува на настани што се случиле порано, но претставуваат зачеток на опишаниот временски период изразено со наведениот дел од романот:

Слика 5. Насловна страница на романот „И каменот е земја“

„... Ама пред да скрши солунскиот фронт, до половина ја исекоа српските, француските и англиските војници. А тогаш пред да удри Италијанецот, Гркот ги натера сите на ангарија и сечеа редум. На овие ридишта копаа ровови и градеа бункери и истураа крв сите војски, а ниедна не беше сакана“.[65]

Таквата композиција го потврдува и творечкото мајсторство на авторот, да користи хронолошко и ретроспективно раскажување на ликовите.

Временската рамка на романот „И каменот е земја“ се одвива во периодот од мај-јуни 1947 до 4 мај 1948 година.

Во основата на романот се обработуваат следниве вистински настани.

романот. Хронотоп буквално значи “*време-простор“*, односно суштинска поврзаност на временските и просторните врски кои се уметнички изразени во литературата.

[64] Венко Андоновски: *Структура на македонскиот реалистичен роман*. - Скопје: *Детска радост*, 1997, стр.123

[65] Петре Наковски: *И каменот е земја*. - Скопје: *Огледало*, 1988, стр.10

- Белиот терор од страна грчката држава и мобилизација на младите во редовите на ДАГ
- Бомбардирање на селото
- Собирање и одведување на децата

Мобилизацијата на младите во редовите на ДАГ е настан низ кој е претставено принудното мобилизирање на младите момчиња и девојки во редовите на ДАГ. Младите, момци и девојки од селото насилно се мобилизирани (по наредба на Главниот штаб, а не по закон - во тоа време влада не постоела. Привремената влада се формирала на 23 декември 1947 во преспанското село Асамати). Во селото „останаа вдовиците, жените во години и доилките, старците и децата". При извршувањето на оваа акција забележлив е разговорот воден меѓу таткото и синот, во кој е изнесена разликата во сфаќањето за учеството во војната:

„ – Татко јас одам да ја земам крвта на братот, - тогаш Ѓорѓи го фати за јака и му просаска во очи: - Не те подигнав за крвопиец. Крвта остави им ја на дивјаците. Ние имаме подруга жила... и помисли дали си сигурен дека со тие што те повикале и на кои ти си им поверувал го избравте најдоброто или најлошото време? Знам, туѓинецот нема што да бара тука, ама ние си бараме и нешто што долго го бараме. Дали намерите и стремежите нема да пропаднат само во локви крв? Размисли синко, зашто угорнините и удолнините не се фаќаат само со еден чекор и само со една капка крв. Лесно е да се рече: „Ќе одам"? Ама зошто? Дали си помислил зошто?... На туѓинецот удри му само в чело. И повеќе да не слушнам за некоја крв. ...И велам. Пак, де, дека угорнините и удолнините на се фаќаат со еден чекор и со една издишка. И ова не заборавај го..."[66]

Со ова се потврдува моралот и етиката меѓу две генерации.

Теророт, со поддршка на грчката национална армија го вршеле вооружени паравоени и парадржавни групи, пред се` составени од грчки националисти чие мнозинство во текот на Втората светска војна, соработувало со окупаторите: Италијанците, Бугарите, Германците. Теророт (бел терор)[67] се состоел од формите:

[66] Петре Наковски: *И каменот е земја*. - Скопје: *Огледало*, 1988, стр. 28
[67] Види: Стојан Киселиновски: *Егејскиот дел на Македонија 1913-1989*. - Скопје, *Култура*, 1990

забрана на идентитетот, разни форми на казнување на левоориентираното население или одделни личности и опљачкување на куќите и стоката.[68]

Развојот на борбените дејствија предизвикало организирано собирање и заминување на децата во странство[69]. Пошироко објаснување за овој настан наоѓаме во предговорот на политиколошката студија „Македонските деца во Полска (1946-1968)“ од д-р Петре Наковски:

„Причината била зачестеноста на бомбардирањето на македонските села од страна на владините воени единици, особено на оние во кои биле отворани македонски училишта. Од друга страна, потребите на ДАГ во храна и луѓе се повеќе растела, се јавила и потреба за осигурување безбедност за десетици илјади деца чии животи биле во опасност. Затоа, 1947 година, Привремената демократска влада на Грција упатила молба до владите на земјите со народна демократија, привремено да ги примат децата од ослободените и полуослободените територии. Позитивниот одговор ги активирала околиските и селските народни одбори за организирана акција за заминување на децата во странство. Децата заминале со жени - мајки, кои биле одговорни за групи од по 20 - 25 деца на возраст од 2 до 14 години.[70]

Во романот „И каменот е земја“ наоѓаме сликовит и емотивен опис на заминувањето на децата и разделбата со родителите:

„Тргнаа. Измешани - деца, жени, старци. Првин во куп. Полека се разретчуваше купот. Се создаваше колона. По двајца, по четворица...Род по рода... Се наведнува мајка - нешто шепоти, теши, поучува, стега раченце да го стопли пред да се оддели... Чекор по чекор, одеа фатени за раце, фатени за фустаните на мајките...

Таму нека застанат мајките и сите други што ги испраќаат децата. Можете да се збогувате...[71]

„Тргнаа... оглувени и исплашени од молежите и молитвите, не ги бришеа ни своите, ни мајчините солзи, што останаа да им течат по образите...“[72]

стр.137

[68] Види: Ετσι αρησε ο εμφυλιος, Атина, 1987 (во превод) *Така почна граѓанската*

[69] Види: Петре Наковски: *Македонски деца во Полска (1946-1968): (политиколошка студија).* - Скопје, *Млад борец*, 1987, стр.18

[70] Исто, стр.21

[71] Петре Наковски: *И каменот е земја*. - Скопје, *Огледало*, 1988, стр.151

[72] Петре Наковски: *И каменот е земја.* - Скопје: *Огледало,* 1988, стр.164

Со заминувањето на децата родителите биле ослободени од обврските да се грижат за децата, па така оружената борба се здобила со нов прилив на борци, кои биле ангажирани за извршување на задачи во позадината, како: пренесување ранети и муниција, копање ровови, градење бункери. Заминувањето на децата и мобилизација на родителите за потребите на фронтот довело до разбивање на македонското семејство. Со жртвите од воените дејствија и егзодусот на децата започнало искоренувањето на Македонците од Егејскиот дел на Македонија.

Слика 6. Мајки пренесуваат ранети

Катадневниот живот и однос на луѓето кои се наоѓале во постојано барање за да ја сочуваат својата индивидуалност, слободата и во исто време достоинството, верата во Бога, и со сомнеж ја изразувале вербата во паролите што секојдневно биле убедувани за праведноста на војната што ја водела левата страна, се факти што авторот настојува да ги сочува при што карактеристично е дека тој секогаш има позитивен став спрема обесправените, како на одделни личности, така и на колективитетот.

И токму во оваа смисла е прикажан и начинот на кој авторот, па и личностите учесници во настаните, го изнесуваат својот морален суд, огорченост, својот длабок хуманизам, како и солидарноста со обесправените. Оттука тие не се рамнодушни, туку се ангажирани набљудувачи и со тоа го привлекуваат вниманието врз човековата судбина, неговата смисла, предизвикуваат чувство на поврзување со тие кои, живеејќи во неправедно политичко или државно уредување и покрај се` го сочувале човековото достоинство, вредност и свест за што вреди да се борат и да го жртвуваат својот живот.

Ова е типично за романот „И каменот е земја“ кој е предмет на анализа во која преку *фактите* се добиваат поширок знаења за *настаните, луѓето, времето и нивните ставови.*

Прв елемент со кој се потврдува дека делото има елементи од **литературата на фактот** е автентичноста на просторот, имињата на населените места, топонимите.

Имено, дејствието се случува во Егејска Македонија, во костурскиот крај. Селото во кое се одвива главниот настан е Крчишта, родното село на авторот. Во „И каменот е земја“, авторот ги употребува македонските (вековните) имиња со невообичаено точна топографија на селата, градовите, планините, реките, кои Грците со закон ги имаат погрчено, односно ги имаат преименувано со грчки имиња, но анализирајќи го романот секој ќе може да ја научи географијата на Македонија[73].

Па, оттука се дознава дека во Егејска Македонија има **села** кои се викаат: Грлени, Четирок, Нестрам, Косинец В`мбел, Брезница, Мањак, Лобаница, Косинец, Долно Папратско, Новоселени, Шак, Ревани, Горно Папратско, Езерец, Крчишта, Дупјак, Ловраде, Сничени, Ошени, Света Недела, Галишча, Добролишта, Мокрени, Кономлади, Медово, Герман, Штрково, Рудари, атари на села: Косинцко, Лобаницко.

Топоними кои се среќаваат во романот, а се клучни за настаните кои се случуваат во тој временски период се: Вировите, Пополе, Бej-бунар, Карчицко поле,

[73] Види: Петре Наковски: *И каменот е земја*. - Скопје, *Огледало*, 1988, стр. 172 - опис на Македонија низ населените места....

Клопотарej, Брезето, Поленик, Нова Чешма, Стара Ливада, Синадев Рид, Борово, Вишомо, Тумбите, Сињачка, Корештата, Телок, Преспа.

Имиња на планини: Горуша,Одрето, Круша, Мали Мади, Аљавица, Орлето, Николер и на планински врвови: Фалцата, Стените, Вичо, Грамос, Копанче, име на **реки**: Белица.

Имиња на градови: Кожани, Костур, Рупишта, Солун.

Имиња на манастири: Свети Врач, Свети Илија и сл.

Втор елемент со кој се потврдува дека делото има елементи на **литература на фактот** е временската рамка и вистинските настани кои се случувале во тој временски период.

Авторот преку својата нарација хронолошки ги изнесува сите настани кои се случувале и оставиле траен белег врз судбината на Македонците, тој се држи за реални факти и ги изнесува настаните од животот на одделни личности и општествени групи.

Граѓанската војна во Грција започнала на 30 март 1946 година со напад на полициската станица во Литохоро од страна на грчките партизани.

Датуми: септември и октомври 1947 - населението се криело во шумите, спасувајќи се од владините војници и од бомбардирањето, февруари 1948 - подготовка за организирано собирање на децата, 25 март 1948 година - заминувањето на 54 деца со три жени од селото Крчишта, 4 мај 1948 - враќање на четиринаесетгодишните и петнаесетгодишните деца од мобилизација кои подоцна биле одведени заедно со најмалите деца во Преспа и оттаму во Југославија.

Особено важен и историски настан кој е опишан во делото е отворањето на училиште[74] во селото. Децата учеле на македонски јазик и наставата ја држел

[74] Види: Σολων Ν. Γριγοριαδης: Ο εμφυλιος 1946-1949, τομος 2 , σελ. 200 - 201 (Солон Н. Григоријадис: *Граѓанската 1946-1949*, том втор, стр. 200 - 201) „ОДЛУКА на Главниот штаб на ДАГ за народно образование под број 5 од 10 август 1947 година за отворање училишта на слободните територии“. Со членот 5 од оваа Одлука е одредено: „За децата кои потекнуваат од националните малцинства народните совети да отворат одделни училишта. Наставата да се води на јазикот на малцинството“.

Македонец, во романот претставен преку ликот на учителот Коле, борец на ДАГ, кој при отворањето на училиштето на следниот начин им се обраќа на децата:

„И да знаете и да запаметете дека овој ден е и ден на вашите татковци, постари сестри и браќа кои сега на боиштата со оружје в рака се борат и се изборија, вие да имате свое, наше, македонско училиште... во кое ќе го учите јазикот на вашите баби и дедовци, на вашите мајки и татковци и никој нема да ве кара и да ве тепа, да ве срамоти и да ве омаловажува затоа што ќе зборувате на тој јазик... А сега јас на секои три деца ќе ви поделам по еден буквар“.[75]

Но, на монархофашистите не им одговарало децата да учат на својот мајчин јазик, виделе опасност во тоа дека Македонците се здобивале со национални права што ги реализирала привремената влада, а тоа значело признавање на постоење на македонско национално малцинство во Грција. Селото било бомбардирано и при што загинале седум деца. Овој грозоморен настан меѓу населението предизвикал огорченост и најразлични размислувања и оценки. Една од тие е и искажувањето на поп Васил, кој вели:

„... Тие не удрија по децата... Друг пат можеби пожестоко ќе удрат по децата, ама некни не` удрија по децата... Удрија тие овој пат по писмото и по словото наше...“[76]

Во романот исто така, наведувањето на наслови на *весници, имиња на логори, како и на историски личности и воени и политички организации* ја потврдуваат тезата за **литературата на фактот.**

Весник: Елефтерја (Слобода).

Логори: Аи Страти, Ѓура, Макронисос, Трикери, Егина.

[75] На 10 август 1947 година со статутарниот акт бр.5 на Главниот штаб на ДАГ на Македонците им се признаени националните права, а со тоа и правото да учат на македонски јазик. Види: Стојан Киселиновски: *Егејскиот дел на Македонија 1913-1989*. - Скопје: *Култура*, 1990 стр.137
[76] Петре Наковски: *И каменот е земја*. - Скопје: *Огледало*, 1988, стр.102

Историски ликови: Георгиос - крал на Грција, Фридерики - кралица на Грција, Маркос - генерал, главен командант на ДАГ, Пандо Шиперков - мајор на ДАГ кој загинал февруари 1948 на Свети Врач, Каравангелис - грчки владика во Костур, Метаксас - грчки генерал, на 4 август 1936 вовел воена диктатура во Грција, Чакаларов - илинденски војвода, организатор на илинденското востание во Костурско.

Воени и политички организации: ДАГ - Демократска армија на Грција, ЕОН - (Елиники органоси неон) - Грчка организација на младите, НОФ - Народноослободителен фронт, УНРА (United Nations Relief and Rehabilitation Administration (UNRRA),[77] ЕЛАС - (Елиникос Лаикос Апелефтеротикос Стратос) - Грчка народна ослободителна армија.

Во романот носечки *ликови* се машките актанти[78] Ѓорѓи и Киро. Тоа се два клучни лика кои се типични претставници на Македонците од костурскиот крај. Јунаците се обичните луѓе. Во романот се среќаваат и ликовите на: Ѓорѓевица (Лина), синовите Васил, Доне, Наум, Ставро и Ставровица, со децата Ленка и Панде, Митре, Митровица, Лазо, Кузе, поп Васил, учителот Кире, Стефо, Лаки столарот, Киревица (Мара), децата: Ристе, Коста, Маре, Јане, Софка, Бисера, Вера, Костовица, Олга, Кољовичка, дедо Наќе, Лена Костова. На страниците на делото е насликан обичниот човек кој се бори за сопствената човештина и за спасување на моралните вредности.

Трет елемент со кој се потврдува дека делото има елементи на **литература на фактот** се вистинските ликови на: Лазо, Кузе, Горѓи, неговата жена и синовите, поп Васил - лик во кој е претставен мојот дедо Стерјо, Вера, Кољо, Пандо Шиперков. Личностите во романот се јунаци и се карактеризираат со свој начин на оценка на настаните. Се искажуваат на свој јазик, (просто) неисполитизиран, обичен, што не им пречи најизразито да си ја искажат маката, стравовите, очекувањата, надежта, но и на свој начин да осудат, да пресудат. Ликовите се претставници на колективна судбина и како таква ја доживуваат сите:

[77] ОН за помош и рехабилитација (UNRRA)
[78] Види: Венко Андоновски: *Абдукција на теоријата*. - Скопје: *Галикул*, 2011, стр.31

„Што ќе правиш Митре? Ќе ги дадеш ли внуците? - Што ќе прават сите, тоа ќе правам и јас, Киро. Да беше син ми тука, заедно ќе мислевме, а вака јас сам треба да мислам. Да не ги дадам, можеби ќе згрешам... да ги дадам можеби пак ќе згрешам... Како да реши човек? Што да правиме? Туку, сега, ете, мене вака ми сече умот: каде сите, таму нека бидат и моите внуци. А дека местото ќе онеме, тоа е сигурно, браќа...“[79]

Слика 7. Поп Стерјо и авторот

Исто така, во ликовите во романот се препознаваат и негативни ликови како Кузе и Вера. Првиот, Кузе, е лик кој се јавува и во романот „Постела за чемерните“ - профитер од маките на другите, кој се служи со предавство, лаги, обвинувања, заплашувања, само за лични интереси. Тој е негативен лик кој опстојува исполнувајќи ги наредбите на оние од НОФ и АФЖ, гуштерот како што го нарекуваат луѓето, страшливец и понижувачки услужлив. Вера - постојано актуелен

[79] Петре Наковски*: И каменот е земја*. - Скопје: *Огледало*, 1988, стр.126

пропагандист и говорник во служба на актуелните потреби на оружената борба и комунистичкото движење. Во еден од многубројните говори таа истакува:

„ И бидете среќни затоа што нашата демократска влада и партија, и покрај тешките борби што се водат, постојано мислат и на децата. Затоа, не отфрлате ја подадената рака на партијата...“[80]

Авторот раскажувајќи за трагичните судбините на поединци кои живееле во Крчишта, преку нивните страдања, болка, го осудува државниот систем, режимот, па оттука при анализа на ниту една страница не се наоѓа ниту еден збор на омраза спрема Гркот и грчкиот народ. За да ја долови автентичноста на ликовите на авторот не му било лесно од разговорите со живите учесници во настаните да го запише страдањето, болката, маката, ужасот и на своевиден начин тие состојби да ги изнесе така, за да бидат разбирливи и за малку начитаниот читател.

Според наша оценка, целта на авторот е да ја претстави немоќта на поединците во однос на огромните несреќи, какви што носи војната, која ја водат шепа безумници против моќната владина армија помагана од најмоќната држава во светот.

Четврт елемент со кој се потврдува дека делото има елементи на **литература на фактот** е и автентичниот опис на домот и семејството, преку кој авторот ја доловува атмосферата и ентериерот на македонската куќа, еден вид „заеднички код“[81] во костурскиот крај. За жал, во услови на војна, домот станува место на страдање и трагично живеење, бидејќи е уништено семејството како основна клетка на општеството. Во романот, домот наместо да е тврдина на семејството, на сплотеноста, домот е место на жалост.

Анализирајќи го делото добиваме жива слика на селските улички, бавчите, нивите, автентичноста на селската куќа, на огништето и сето тоа ја претставува автентичната душа на македонскиот селанец која секојдневно е уништувана од воените настани.

[80] Петре Наковски: *И каменот е земја*. - Скопје: *Огледало*, 1988, стр.125
[81] Види: Венко Андоновски: *Структура на македонскиот реалистичен роман.* - Скопје: *Детска радост*, 1997, стр.190

Книгата го покажува трогателниот автентизам на животот и обичаите. Тие од ден на ден се уништувани, уништувана е и вистинската вера во Бога. Но, во секој дом светело кандилцето пред иконата, тлеело во душите на луѓето и претставувало надеж дека ќе опстојат. Во романот на автентичен начин се претставени *клетвите*: „Отров да ви се стори луканчето што го изедовте сношти со другарите, ајљази едни! И виното што го зедовте од црквата, отров да ви се стори и аир, да даде Господ, да не видите...[82] и *христијанските православни обичаи*, како: палење свеќа, шепотење молитва, прослава на семејни слави, давање благослов, биење на црковната камбана, редење на мртвото тело, опевање покој за мртвите души на старословенски јазик:

„Господи, в скорби распространил мја јеси.[83]

Желба, би рекле и цел на авторот е низ страниците на анализираното дело да го сочува и најмалиот детаљ за *вистината* и трагиката на тоа време.

Стилот и јазикот се зависни од творечката индивидуалност на авторот (локален јазик и литературен), во кој се гледа и прецизноста на неговото искажување. Се гледа способност на изразување. Авторот во делото користи *македонски литературен јазик*, но делото е збогатено и со *костурски говор* за да ја долови автентичноста на местото и јазикот: „чупи, јаска, пуља, к`шча, грендите, виду, опитам, појќе, напрајме, нешчо, троа, зборваш и друго. Во говорот на населението се употребуваат *грчки зборови* со завршеток од македонскиот јазик, а тоа се зборови од административната, правната, судската терминологија кои се навлезени и се прифатени во локалниот говор, но селаните ги приспособуваат кон народниот говор, условно речено ги македонизираат: „сколиото (сколио - училиште), катасхесаме (катасхеси - конфискација), политикито катодигиси (политики катодигиси - политичко раководство), и етникото имно (етнико имно - национална химна) и друго. Во анализираното дело карактеристични се прекинувањата на речениците на ликовите, со едноставна лексика лишена од патетиката на паролите, додека говорите на активистите, политичките и воените организации претставуваат најчесто реторика

[82] Петре Наковски: *И каменот е земја*. - Скопје: *Огледало*, 1988, стр.129
[83] Исто, стр.92

неразбирлива за обичниот македонски селанец. Во романот среќаваме сензибилни доживувања: емоции и рефлексии, преку кои би рекле дека авторот идеално ја изразува **литературата на фактот** изнесена во делото.

Симболиката во овој роман е честа и ја претставува топлината на куќата преку огништето: „Се` додека во него тлее оганче во спуза и се` додека го потсилува домаќинската рака, во куќата секогаш жив е оганот, не престанува животот, па макар да тече и преку споменот“,[84] црната шамија ја симболизира жалта и жалењето кон изгубените, тревата бесцветница и плевелот - напуштеноста, каменот - родната земја: „ Ете, пули онаму десно, на крајот од Стените има камен. Гол е и миен од дождовите, и биен од ветровите, и печен од сонцето откако станал камен. Си стои тој така со векови и ќе речеш: камен, па што? Камен, ама и тој е делче од нашата земја, така, како што е реката, шумата, и изворот, и полето и ... верата... Така... И каменот во дворот, во калдрмата, во темелот, во ѕидот, на патот и крај патот, во нива, и тој е земја и тој е наша земја“,[85] - инаку тоа е татковината; сивите и црни облаци ја симболизираат војната, наместената трпеза - симбол на полна куќа, во која домаќинката го чува адетот, чекањето - надежта и споменот. *Сликовитоста* на овој *факт* ја наоѓаме во ликот на Бисера, која во осамената куќа низ своето траење ја чува трајноста на македонската куќна традиција: „Две жени, Бисера, потпрена на столот на кој седеше стопанот, а потпрена, чиниш на неговите силни широкоплеќести рамена и Богородица ... со детуле во рацете, се гледаат а меѓу нив е наместената трпеза и деветте празни места и растреперето пламенче на масленичето. Чекаат и секоја го преболува својот непребол“[86], дабови лисја на трпеза - здравје, гранче дрен - здравје за сите роднини и пријатели, паричето - кому ќе му падне - да е парајлија... иконата, зборот, говорот, изнесени во делото се *симбол* на траење, опстојување на нацијата и истовремено се бунт против насилството. Овие се *белези на македонската домашна традиција*.

[84] Петре Наковски: *И каменот е земја*. - Скопје: *Огледало*, 1988, стр.116
[85] Исто, стр. 175
[86] Исто, стр. 117

ПОРАКИ

„... Камен ама ... и тој е земја - дел од тебе... се си има свој корен и до коренот треба да се држи“[87];

„ Буквaрот нема да ви го земам... Оттаму каде што ќе бидете, со вашите ќе зборувате само со буквите“[88];

„... чендо Кире, каде и да одиш, каде и да се најдеш, словото да го чуваш, словото чувај го... зашто со него почнува и завршува животот“.[89]

Авторот преку зборовите: камен, слово, корен, праќа многу јасна *порака*[90] која се карактеризира со актуелност, што значи дека опишаните настани во романот не се само обид да се „фати“ историјата, во моментот кога се случуваа настаните, туку укажува дека Граѓанската војна во Грција за Македонците била најголемото зло и можеби е ова првата лекција што може да ја научиме од ова дело. Белиот терор, сиромаштијата, гладот, стравот, животот што го живееле во постојан страв пред теророт и смртта, личните и колективните несреќи и трауми во средина која била маргинализирана, оставена на заборав, остават голем и траен белег врз судбината на Македонците, но и големи надежи во некаков историски општествено-политички, социјален пресврт широко ветуван од комунистите. Сепак, најважна е *вистината*. Нејзиното големо значење произлегува од *фактот* колку е посовесно, толку повеќе претставува извор на историски факти, реалности земени од животот, знаење за луѓето, мотивацијата на нивните ставови, односи, чинови, психа, и време во кое живеат и дејствуваат.

Уште два настани од романот го задржуваат нашето внимание со својата голема *симболика*.

---

[87] Исто, стр.84
[88] Петре Наковски: *И каменот е земја*. - Скопје: *Огледало*, 1988, стр.144
[89] Исто, стр. 174
[90] *температура на пораката* - Види: Венко Андоновски: *Структура на македонскиот реалистичен роман*. - Скопје: Детска радост, 1997, стр. 126

Прво: Поп Васил одредени историски настани ги запишува на страниците на Светото писмо. Зошто? Затоа што тоа е трајно и преку записот на неговите страници фиксирана е вистината.

Второ: Во епилогот, невообичаено голем впечаток остава молбата на старата осамена Крстовица, која живее во осаменото село Крчишта:

„... на свите да му кажиш дека уште јаска остана о селто... Да а чува земата, да паља свешчи о црквата и да му кажиш дека само од мојот оџак чад чади и ношја само од моето пенџере се пули светлина од Вишомо, од Стените, од Телок, од Борово, од Претсело... за да не им се чини на зверојте дека тука нема живот...“[91]

Ова не е само *порака*, туку и *симбол* за тоа дека во тој крај и покрај сите несреќи животот се` уште тече...

[91] Петре Наковски: *И каменот е земја*. - Скопје: *Огледало*, 1988, стр.180

5.3. „ГОЛЕМАТА УДОЛНИЦА“

„Се` додека во огништето тлее жарче
и додека од него се откинува искра
и се` додека под прстите ја чувствуваш топлата спуза,
се` дотогаш тоа е дел од животот.
Ако го снема жарчето,
тогаш огништето станува само украс
или останува во паметењето
како далечен детски спомен...“[92]

Романот „Големата удолница“ на Петре Наковски е своевидна хроника и споменик на сведоштво за луѓето кои живееле и ја доживеале воената бура за време на Граѓанската војна во Грција. Објавен е 2003 година и претставува продолжение на романот „И каменот е земја“. Романот ја следи животната агонија, горчината и грубата вистина за македонската сепаленица изразена низ судбината на ликовите кои се жртвуваат во името на слободата, националното и индивидуалното достоинство.

Слика 8. Насловна страница на романот „Големата удолница“

Зошто насловот гласи „Големата удолница“?

[92] Петре Наковски: *Големата удолница*. - Скопје: *Макавеј*, 2003, стр.64

Во врска со ова прашање, академик Гане Тодоровски ќе напише дека тоа е: ...„една страотна алегорија за историскиот наш пат прудолу - паѓање ли ни е во некоја метафорична бездна или е тоа само грд привид на историски преплашен народ кому никој од се` срце не му подал рака на прикрепа, барем досега?“[93]

Насловот „Големата удолница“ ја носи вистината и го дава одговорот кој е сосема спротивен на идеалот и на пораката на песната која Македонците ја пееле додека оделе на фронт:

„Во борба, во борба, во борба,
македонски народе,
За света народна слобода,
Со песни и радост се мре-е-е ...“[94]

Идеалот изразен во песната со зборовите: *македонски народе во борба за народна слобода* бил изгубен, бидејќи на местото на тој идеал за ослободување на Македонецот, КПГ ја исфрлила паролата: „ДАГ се бори против англоамериканскиот империјализам“. Таквата промена на идеалот, идејата за народни, национални права и ослободување пропаднала, отишла удолу, што значи дека за Македонците таа борба била изгубена. Целата надеж изразена во овој стих била изгубена и оттука и насловот на романот е „Големата удолница“ како *симбол* на изгубениот идеал, стремеж и надеж.

Дејството во романот е сместено во дел од Костурско и во регионот Северен Пинд познат под името Грамос во една временска рамка од август 1947 до август 1948 година и е *книжевен хронотоп*, ја прикажува суштинската поврзаност на временските и просторните врски, бидејќи „значењето на времето и просторот се најсилни застапници на стварноста“[95] низ кои авторот прави реконструкција на минатото преку сведоштвата на ликовите, кои веруваат дека по извојуваната победа ќе ги извојуваат и национални права. Романот е литература за Граѓанската војна,

[93] *Стожер*, јануари-март 2004, стр. 42
[94] Петре Наковски: *Големата удолница*. - Скопје: *Макавеј*, 2003, стр. 7
[95] Венко Андоновски: *Структура на македонскиот реалистичен роман*. - Скопје: *Детска радост*, 1997, стр.147

литература за уништување на човековата психа, литература за особините на борците на ДАГ, момчиња и девојчиња, а најмногу литература за учеството на македонската жена во Граѓанската војна.

Низ фактите изнесени во романот се следи хронолошката композиција на текот на настаните и постепено не` воведува во *времето*, во *воените настани* и ги следи судбините на македонските девојки и момчиња, пред се` од костурскиот крај.

Во содржинското јадро се обработуваат следните настани:

- Мобилизација (со измама) на девојките и нивна подготовка за војување.
- Храброста на девојките и момчињата кои се на фронт и на цивилното население во позадинските, логистички активности на Граѓанската војна.
- Заемниот сомнежот на главните комунистички личности во врска со начинот за водење на оружената движење и борбената тактика на ДАГ.

Наковски, романот го започнува со опис на *вистински настан* каде во селата од костурскиот крај со измама, активистки на АФЖ мобилизираат девојки од 16 до 20 години, ветувајќи им дека во слободен Грамос имало многу волна што треба да се извлачи, испреди и потоа да се плетат фанели, чорапи, ракавици и слично за потребите на борците на ДАГ. Убедливи се зборовите на АФЖ-итските активистки:

„Есен грејќе, чупи, по неа ќе дој зимата. Студој, дождој, снегој. На нашите братја - борци, им требаат фанели, чорапи, нараквици. Кој ќе му дај, ако не ние, нимните сестри? Ние дење и ноќја треба да плетиме“.[96]

Низ мрежата на бесрамни прелаги се носеле на фронт малолетници за да завршат во околности недостојни за човек. Младинките биле прелажани и однесени на фронт на Грамос, а наместо фурки и вретена им дале оружје и со што започнал воениот егзирцир, при што на строг начин политичките комесари ги обучувале, строго напомнувајќи дека: „Пушката треба да е чиста секогаш, ... душата - може да ти е нечиста, ама пушката, мора да е чиста“.[97] Биле однесени на фронт каде се соочиле со сите тешкотии што ги наметнува војната, биле турнати во воениот тајфун, фрлени во рововите каде се бореле рамо до рамо со другите борци.

[96] Петре Наковски: *Големата удолница*. - Скопје: *Макавеј*, 2003, стр. 5
[97] Исто, стр.18

Во сето тоа, во тој идеал немало милост за млади мечти, немало совест, немало љубов, се` е уништување. И токму ова треба да се вгнезди во поединечното и колективното паметење. Не само што им била убиена радоста, мечтите, туку им биле внесувани такви чувства меѓу кои чувството на надеж дека се борат за нешто возвишено, и во име на таа возвишеност тие го жртвувале својот живот. Ова дело не` запознава и со тоа што значи војна и низ автентичните описи на авторот пред очите ни се јавува кошмарот на злото.

Слика 9. Млади девојки борци на ДАГ

Учеството на младината, а особено на македонските девојки и нивната улога во реализација на воените цели на ДАГ на фронтот мошне сликовито и драматично се следи низ страниците на романот „Големата удолница“. Храброста на девојките и момчињата е прикажана со автентични описи кои авторот ги внел во својот роман низ сведоштва на лица кои се директни учесници на фронтот. Нив ги охрабрува топлината на семејниот дом и народните македонски песни што ги пееле во рововите за време на прекините во борбата. Во врска со ова типично е искажувањето на еден висок воен командант кој им се обраќа на борците со следните зборови: „ - Убави се вашите песни ... Фаќаат за грло, за срце, ама не се за ова време. Сега ова треба да се пее: „Врондај о Олимбос, ќе стравти и Ѓона...“[98]

Иако тие млади, премрзнати во рововите се обидувале моралот да го подигнат низ сеќавањата кон родната куќа, кон топлиот дом, сепак топлото потсетување на

[98] Исто стр.156 (превод: Бучи Олимп и болска Ѓона...)

куќата било казниво со стражарење во тешки зимски услови. Огнот и огништето - како дома, присутни биле и во воената земјанка. Сеќавањата за нив ги топлеле и ги враќале во родниот дом. При оваа *симболика* авторот се носи со желба надежта така да трае како што симболизира домот, огнот, семејната среќа. Но војната се` уништува, брише...

Во земјанките се потсетувале за домот и најкарактеристични се исказите на Циљка, чии сеќавања воедно се и сведоштва за топлиот дом во Крчишта: „Јас од мала, си спомнувам, како велеше дедо: одешчем, плачешчем... Дедо читаше од Светото писмо, а јас повторував... Оче наш, иже еси на небесјах... и се молеше пред иконата на Богородица и се прекрстуваше... Ама еден ден дома влезе Дина, сосетката. Устата и беше зборлива, па кажи тука, кажи таму, стаса зборот до кај што не треба... По десетина дена дојдоа корофилаци и со нив ги поведоа дедо и тате... ги пратија сургун“.[99] „ Дома за Циљка пред се` беа баба и дедо, помалите сестрички и братчето... Дома беа и полните амбари... Дома беа гребените за влачење и фурката и чикрикот и разбојот... Дома беше и старата исчадена икона на Богородица...“[100]

Ова било спротивно на комунистичкиот идеал. Во такви услови и однесување, моралот добиен во семејното воспитување станал обезвреден.

Величината и храброста на македонските девојки се гледа и во описите во кои авторот ги вкрстува судбинските патеки на младите девојки кои биле принудно мобилизирани во редовите на ДАГ и во тешки климатски услови, најчесто гладни, жедни, истоштени од маршеви, неспиење, се пример за храброст, јунаштво и посветеност. Македонските борци на ДАГ заедно со своите грчки соборци покажале високо чувство и решителност во извршување на борбените задачи. Посебно се истакнале македонските борци на фронтот Свети Илија-Горуша-Круша-Гупата, каде борбите траеле од 16 јуни до 20 август 1948 година, за што генерал Зафиропулос во својата книга „Антибандитската војна 1945-1949“, напишал: „Во текот на борбите беа доведени единци од Славомакедонци, чии борци се одликуваа со цврстината и моќта во духот и телото“. [101] Борбеноста на борците на ДАГ посебно е опишана во

[99] Исто, стр.122
[100] Исто, стр.183-186
[101] Види: Зафиропулос: *Антибандитската војна 1945-1949*, стр. 394

деветтото поглавје во романот „Големата удолница“, каде е карактеристично искажувањето на борецот Јани кој на следниот начин ја прикажува посветеноста на борците: „- Изгинаа сите, го нема веќе ридот... сега врвот е понизок за педа или две“.[102]

Борбите на Грамос кои траеле 70 денонoќија го мобилизирале целото население, а жителите на селата кои се нашле во непосредна близина на фронтот биле евакуирани и преселени во Албанија. Нивната судбина ја проследивме во романот „Постела за чемерните“. Долготрајните борби на Грамос биле наречени епопеја, за што авторот преку ликот на Јани ќе рече: „На вечна стража останаа на Копанче, Свети Илија, Котелце, Гупата и Горуша, на Бел Камен и Круша тие, вчера безобразно храбро и пред раѓање ветени за крунисување пред олтар... Осакатените борови ко солза точат смола. Од лисјето подгорени ветерот плети венци и ги постелува врз земјата што гори... А пламењето на Грамос би требало да имаат круни и секој од гробовите да има лик на крал... Камбаните да бијат и кандилата да светат додека светот светува, додека векот векува...[103]

Оттука го добиваме и одговорот на прашањето: Дали Македонците во Егејска Македонија во Граѓанската војна влегоа како комунисти, т.е. како дисциплинирани членови на КПГ или влегувајќи во војната бараа нешто друго за разлика од тоа што со себе го носи комунистичката идеја?

Сево ова нужно читателот го тера и на идните генерации да им ја пренесува пораката[104] за вистината за се` што се случило и е опишано, и при ова сакаме да потсетиме на една мисла искажана од полскиот поет Адам Мицкиевич: „Ако заборавам за Нив, Ти Боже на небото заборави ме мене“.

Во романот „Големата удолница“, авторот сликовито ги опишува ликовите на Маркос и Захаријадис кои имале различно мислење за водењето на движењето.

Целта на авторот во романот е да го претстави целото зло што војната им го наметна на Македонците и во врска со ова изобилуваат описите на „ сцени и хроники на суровост, безочност, понижувања, предавства во историското касапење што прокомунистичките грчки генерали и тогашните комунистички земји им ги

[102] Види: Петре Наковски: *Големата удолница*. - Скопје: *Макавеј*, 2003, стр. 215-217
[103] Исто, стр.216-217
[104] Венко Андоновски: *Абдукција на теоријата*. - Скопје: *Галикул*, 2011, стр. 204

наместија на Македонците од Егејска Македонија кои мечтаеле по својата татковина и по својот олтар на афтоќефалноста“.[105]

Овој воен роман кој е предмет на нашата анализа содржи низа елементи на **литературата на фактот** низ кои ја дознаваме вистината за времето, настаните, луѓето и нивните ставови.

Прв елемент со кој се потврдува дека делото има елементи од **литературата на фактот** е автентичноста на *просторот, имињата на населените места, топонимите*. Во романот авторот користи невообичаено точна топографија, ги употребува македонските имиња на:

Села: Крчишта, Д`мбени, Пиљкати, Брезница, Слимница, Косинец, Лобаница, Смрдеш, Јановени, Калевишта, Мирославица, Тухули, Четирок, Нестрам, Косинец, Долно Папратско, Желегоже, Котелце Чука, Граче, Света Ана, Лудово, Езерец, Вишени, Трстика, Света Недела, Попли, Блаца, Поздивишта, Аетомилица и Грамошта - влашки села, Калевишта, Дреново, Нивици, Стење, Псодери, Ревани, Шак, Раби, Медово, Пероо, Винени, Статица, Клештина, Раково, Герман, Булкес, село во Србија[106] , Свети Илија – манастир.

Градови: Сукт- гратче во Албанија близу Драч, Коница, Ќутеза – град во Албанија, и Рупишта, Костур, Солун.

Свети Ахил – остров на Малото Преспанското Езеро.

Планини: Грамос, Вичо, Пинд, Краставец, Фламбуро, Чарно, Алевица, Амуда, Николер, Долна Арена, Мали Мади, Морава Планина, Копанче, Чука, Бигла, Врба, Иван Планина, Синьачка, Горуша, Круша, Копанче, Сува Гора, Врба, Арена, (Горна и Долна) Бела Вода, Гупата, Бел Камен, Лунsер, Врба, Фалцата, Лисец, Кулкутурија, Јамата - име на планински рид, Баро и Рото.

Топоними: Корештата, Бел Камен, Костурско Поле, Стара Ливада, Бej Бунар, Шекарица, Превал, Полената, Голината, Мисодагиста.

Реки: Бистрица, Морава, Новоселска Река.

---

[105] Види: Рецензија од Бранко Цветковски, за *Големата удолница*, Петре Наковски, Скопје: *Макавеј*, 2003

[106] Види: Петре Наковски: *Големата удолница*. - Скопје: Макавеј, 2003, стр. 205

Иако денес сите овие села, планини, топоними, реки, грчката држава со закон ги има погрчено, односно ги има преименувано со грчки имиња, читателот од романот ги дознава вистинските имиња на местата во Егејска Македонија со што му се дава можност да го збогати своето знаење за минатото, за историјата и што би требало да биде сочувано во олтарот на националната меморија.

Втор елемент со кој се потврдува дека делото има елементи на **литература на фактот** е временската рамка и настаните што се случувале во тој временски период.

Авторот во романот прецизно и хронолошки ги изнесува *настаните* што се случувале и оставиле траен белег врз судбината на Македонците. Тој пишува за реални *факти* и ги изнесува случувањата од животот на одделни личности и општествени групи кои се клучни за расветлување на судбинските превирања и текови на Македонците од Егејска Македонија.

За време на војната, есента 1947 година ООН во Грција испратила меѓународна анкетна комисија со цел на терен и преку разговори со борците на ДАГ и цивилното население да ги согледа причини за избувнување на Граѓанската војна и инволвираноста на СССР и Источниот блок посебно на соседните земји: Југославија, Албанија, Бугарија.

Американскиот новинар кој самостојно тргнува во потрага на причините за избувнување на војната во подолгиот разговор со бабичката дознава многу вистини за македонските состојби и во писмото до нејзиниот син, што никогаш нема да го прими го изразува восхитот кон македонската земја, кон македонската жена и нејзината приврзаност кон земјата и домот. Истовремено тој го изразува и своето чувство на протест против одлуката на американскиот конгрес кој на Грција, во името на Трумановата доктрина и доделила 300 милиони воена помош“.[107]

За цело време на траењето на борбите запишано е дека додека грчката национална војска се борела со најсовремено американско оружје, ДАГ користела пешадиско оружје од Втората светска војна и за кое населението од Преспа, како и од голем дел села од Костурско било ангажирано ноќе терајќи 300-400 коњи и мазги

[107] Петре Наковски: *Големата удолница*. - Скопје: Макавеј, 2003, стр. 60

товарени со оружје за потребите на борците на ДАГ и секоја ноќ поминувале 50 километри пат до Грамос.

Во романот изнесени се настојувањата на ООН за потврдување на кој начин соседните земји ја помагале комунистичката страна. Исто така точен е и записот дека на страната на ДАГ се бореле 11 илјади борци од македонско потекло, додека целото цивилно население како логистичка поддршка беше вклучено во војната.[108]

Во рамките на општата пропаганда НОФ и АФЖ под паролата „Сите на оружје-се` за победата“ постојано ги повикувале селаните од Костурско и Леринско да дадат духовна и материјална поддршка на борците на ДАГ да издржат во тешките борби што се воделе на Грамос. Во врска со ова какрактеристично е писмото што селаните од преспанското село Герман го испратиле до борците на ДАГ.[109]

Во романот наоѓаме пример на сомневање од страна на некои борци на ДАГ, во целисходноста на борбата изразено со следните зборови: „Партизанштината, вели, за нас Грците не е добра. Таа е добра за Славомакедонците, бидејќи ним им се брани јазикот...“ [110]

Сите наведени *датуми* во романот се точни:

- 16 јуни 1948 година во пет и половина наутро на целиот Пинд од стотици батерии почнала артилериската подготовка на владината војска.[111]

- Почнала битката за Грамос која траела 70 денови и ноќи.

- За првпат во војните употребени се напалм бомби од американско потекло со дозвола и наредба на американскиот генерал Ван Флит.[112]

Точен е *описот на борбите* што се воделе на одделни позиции на фронтот како:

- 2 август 1948 паднал Клефтис – клучната позиција на фронтот. За важноста на оваа битка пишува и Драган Клјакиќ во својата книга „Изгубената победа на Генерал Маркос“. Во врска со ова карактеристична е цитираната телеграма што генерал Маркос ја испратил до бранителите на овој рид. „Преземањето на Клефтис

[108] Види: Nikos Kiricis: *Dimokratikos Stratos Eladas Vasiki statmi tu agona.* - Atina: Sinhroni epohi, 2003
[109] Види: *Егејска Македонија во НОБ*, том бр. 5, Архив на РМ
[110] Види: Петре Наковски: *Големата удолница*. - Скопје: *Макавеј*, 2003, стр.227
[111] Види: Драган Клјакиќ: *Изгубената победа на генерал Маркос*. -Белград: *Народна книга*, 1987, стр.133 и 138
[112] Петре Наковски: *Големата удолница*. - Скопје: *Макавеј*, 2003, стр.247

не` исполнува со ентузијазам. Сега треба да го држите до крај по секоја цена. Во вашите раце се наоѓа клучот на целиот јужен фронт. Продолжете ја одбраната со истата херојска самопожртвуваност. Повторно ви велам, Клефтис да се држи до крај бидејќи тој е градите на Грамос или неговата тупаница“.[113]

- 18 август 1948, при донесување одлука[114] за напуштање на Грамос, во текот на планирањето на маршрутата, во романот „Големата удолница“ има карактеристичен опис на заемно обвинување за неуспесите помеѓу Захаријадис и Маркос[115]. Авторот тоа го прави врз основа на напишани и објавени *документи*[116] во историски книги посветени на Граѓанската војна во Грција.

- 20 спрема 21 август 1948, донесена одлука за повлекување на борците на ДАГ од Грамос, во реонот на Вичо.[117]



Слика 9. Позициите на ДАГ и на владината војска (фронтот во реонот на Вичо и на Мали Мади) **Легенда**: црвените линии ги претставуваат позициите на ДАГ, сините линии - позициите на владината војска, зелената - линија на фронтот

[113] Исто, стр. 253
[114] Види: Драган Кљакиќ: *Изгубената победа на генерал Маркос*. -Белград: *Народна книга*, 1987, стр.133 и 137
[115] Петре Наковски: *Големата удолница*. - Скопје: Макавеј, 2003, стр. 271
[116] Види: Gorgi D. Kaculi: *Istoria tu Komunistiku Komatos Eladas*, tomos ST, 1946-1949, Atina: *Nea Sinora*
[117] Види: Драган Кљакиќ: *Изгубената победа на генерал Маркос*. -Белград: *Народна книга*, 1987, стр. 137

За да ја долови автентичноста на битките, авторот Петре Наковски внел прецизни воени позиции кои се однесуваат на борбениот сектор на чии коти се одвивале најтешките и одлучувачки борби. На пример, котите: Клефтис 254, Амуда - Николер - Петрепелени - Буф, Голио - Каменик - Тамбури, кота 1957, фронт Буф - Амуда - Алевица, кота 1435, кота 1017.

Во романот исто така, наведувањето на *имиња на логори*, како и на *историски личности и воени и политички организации* ја потврдуваат тезата за **литературата на фактот.**

Во романот наоѓаме автентични **имиња на ликови**: Ван Флит - американски генерал, Захаријадис, Тито, Сталин, Димитров, Кардељ, Ранковиќ, Маркс, Метаксас, Зафиропулос, Велухиотис, Сарафис, Кикицас, Барsотас, Гусас, Вландас, Вендирис.

Воени и политички организации: КПГ, ЕЛАС, ДАГ, АФЖ, НОФ, ОЗНА, УДБА, Егејска бригада.

Во романот носечки *ликови* се женските актанти, учеснички во воените дејствија на Грамос: Циљка (Василка), Мита, Цана, Јана, Зоја, Тинка, Лефтера, Ленка, Марика, Велика, пример на храброст, јунаштво, и посветеност и машките актанти, како: Митре, Коле, Јани, Иљо, Стојан, Аргир, Кољо, Трајко, Ване, Васил - македонски борци во ДАГ. Низ овие ликови е претставен најобичниот, малиот, народен човек, преку чии судбини е претставена судбината на колективот. Авторот ги открива психолошките длабочини на овие ликови кои се носители на мачни судбини, прогонети, разделени, меѓутоа продолжуваат да траат во и низ времето.

Во романот Наковски дава *слика* и на обичниот селанец претставен преку ликовите на: дедо Киро, баба Киревица, поп Васил, Ѓорѓевица, Ѓорѓи, Крстовица. И во овој роман се јавуваат ликовите на Кузе и Лазо - членови на народната власт и Вера која има клучна улога во мобилизацијата на македонското население, агитацијата и пропагандата и нејзините настојувања за уништување на македонскиот бит преку пропагирање и внесување на комунистичките идеали кои биле практикувани во СССР и источноевропските земји - исти ликови кои се спомнуваат и во романот „И каменот е земја“.

При градењето на ликовите авторот поаѓа од конкретни животни ситуации, драматика, сведоштва на ликовите и, е доследен на вистината. Наковски е неуморен

истражувач во разоткривањето на трагичноста на судбините на овој дел од македонската нација.

Трет елемент со кој се потврдува дека делото има елементи на **литература на фактот** се вистинските ликови на: Лазо, Кузе, Горѓи, Фимка - мојата баба, Циљка - мојата тета, вистински ликови чии сведоштва се документ за личните падови, за трагичната судбина на растурените семејства, за радоста на повторната средба, за човечко достоинство и издржливост, оптоварена со низа судбини.

Авторот преку судбината на Циљка ја прикажува реалната трагика која ја носи војната. Ги открива и психолошките длабочини во ликот на Фимка, чиј крик не е осамен, туку е и крик на колективот. Овој роман ја прикажува и вечна промена на генерациите како своевидна потврда за неуништивоста.

И во овој роман авторот се навраќа на собирањето и одведувањето на децата. Во врска со ова карактеристично е прашањето на Циљка и одговорот на мајка и` Фимка: „- Дома, мајко, како е дома?... Нема дома, ќерко, нема... Се` е изгорено, ќерко, пепел сторено... А дечките? Дечките, мајко?...И нив ги собраа... Што? Кој ги собра? Ами доаѓаа од НОФТ и од АФЖ и ни велеа дека ќе почнат големи борби, дека местото ќе гори... ќе фрлаат бумби и жив оган, така што се` ќе изгори. А децата, велеа, аскерот ќе ги собери и ќе ги прати по острови, како на сургун... Затоа велеа, треба да ги дајме децата од две до четиринаесет години. Ами како ги даде мори мајко?... Како ли ги дадов? Зарем ги дадов? Те дадов тебе, ги дадов ли Ристо и Ташко?...Ја прашува ли некој мајката кога треба да се дава? Ве собраа...ги собраа...“[118]

Четврт елемент со кој се потврдува дека делото има елементи на **литература на фактот** е заеднички *код* на Македонците, „традиционалното што се именува како симбол“[119], претставен преку автентичниот опис на *македонската облека*: моминска руба со сребрени пафти, пари од разни времиња и вез рачно везен со црвен конец на бело платно; *македонските ора и македонски народни песни*: Невестинско, Бајрачето, Море чупи костурчанки, Не русај прусај; *македонските јадења*: пита со пресул, со

[118] Види: Петре Наковски: *Големата удолница*. - Скопје: Макавеј, 2003, стр. 188
[119] Види: Венко Андоновски: *Абдукција на теоријата*. - Скопје: *Галикул*, 2011, стр. 176

праз, со кастици, со кромид и свинско печено, со урда и праз[120], стар начин на предење волна; одбележување на *традиционалните македонски празници*, како: Велигден, Ѓурѓовден; славење *имендени и слави*, како: Митровден и Голема Богородица, молење пред иконата на Богородица, кажување молитви, молење во неделите и празниците, чување невестинска руба во сандаци, *обичај* да се облекуваат друшките за свадба, пречекување гости со слатко и вода. Сево ова останува како вреден *доказ* за битот на Македонецот. Особено големото значење произлегува од *фактот* колку е поедноставно толку повеќе претставува извор на факти, реалност земена од делничниот живот, знаење за луѓето и времето во кое живеат.

Авторот во делото користи *македонски литературен јазик*, но делото е збогатено и со зборови од *костурски говор* за да ја долови автентичноста на *местото и јазикот*: чупи, зборвам, братја, нимнио, грej, дој, ести, пренесвате, рекое, ојте, дојду, туа, ќе ојме, пулиш, зевајте, опитвам, чендо, влегва, људјето, избегае, де (каде) мнученишча (внучиња), звее, воловојте, колее, тепае, палее, поганее, седе, нашче, чуж, врне (врати), рojнини (роднини), пушваше, сендуци, љуљка, череша, нишчо, опуљ, чрно, фтаса, езико, реку, зошчо, кадро, ено, р`ка, д`лга, покажва, космата, чезма, женцко, церкви, сполајти, фасуљ, Во говорот на населението се употребуваат *грчки* зборови со завршеток од македонскиот јазик, зборови од административната, правната, судската терминологија кои се навлезени и се прифатени во локалниот говор и условно речено ги македонизираат: астиномот - началник на полициска станица, корофилаци - полицајци, нипја - деца од претшколска возраст, епитеоритијата - инспектор, ендопји - староседелци, аподикци - потврда.

Анализираното дело е облагородено со *симболика*: скршена лулка - која означува напуштеност; осаменост; жарче во огништето - постоење; оган - ја симболизира вечноста, топлината, животот. Авторот со употреба на боите црвено и црно како *симболи* се поврзува со македонската традиција чии бои употребени во везот се симболи и во познатата песна „Везилка“ од Блаже Конески. Црвено-црн конец (црно - симболизира зло, страв, жал, катастрофа, уништување[121] (црвено -

[120] Петре Наковски: *Големата удолница*. - Скопје: Макавеј, 2003, стр. 185
[121] Wladislaw Kopalinski: *Slownik simboli*. - Warszawa, 1990, стр. 53

храброст, борба) црна шамија - тага, молитва - лично верско доживување во чија основа лежи навраќање со мислата кон Бога или кон друг предмет на култ во состојба на обожување и восхит.

Наковски е творец на уметничко сведоштво кој на оригинален начин навлегува во срцевината на војната и во болката на населението поединечна и колективна, поврзана со колективно иселување и раселување. Неговиот роман е осуда на војната и на нејзиниот уништувачки карактер, изобилува со сцени на суровост, жестокост и грозотија. Мошне сликовито следи еден хронолошки пат, едно исто место, внесува драматичност во описите и низ нив нижи градација на чувства. Ова е книга натопена до гуша со трауматични емоции и тешки вистини. Со овој роман авторот ни го откри и доближи времето, ни ја доближи тогашната воена, политичка, социолошка и психолошка состојба. За овој роман академик Гане Тодоровски напишал: „... ова дело не е летопис, ова е крвопис со доловен до сите сетила звук на претсмртна издишка на Македонија... И добро е да се знае дека на крајот на романот авторот ставил забелешка во курзив - наместо остра предупреда - „ова не е крајот“ - точно така. Ова не е крајот, бидејќи македонските црнила немаат крај“.[122]

Исто така во него можат да се најдат многу одговори за прашања кои и денес се актуелни за Македонија и Македонците и за нашата вековна борба на себенаоѓање, почитување и опстојување.

Еден од одговорите наоѓаме и во рецензијата на издавачот Бранко Цветковски, кој на последната корица меѓу другото напишал: „Петре Наковски со своето дело „Големата удолница“, на неповторлив начин, со високо чувство за хармонизирање на историската трагика и реалната животна агонија на македонските беломорци, ја романизира голготата и годините на самопожртвување во името на слободата, националното и индивидуалното достоинство... Овој роман, исто така, е респективна авторска реплика на историското касапење во 1948 и 1949 година, морален бунт против „стапицата“ која прокомунистичките грчки генерали и

[122] *Стожер*, јануари-март 2004, стр. 44

тогашните комунистички земји им ја наместија на македонските егејски испосници по својата мечтаена татковина, по својот олтар на автокефалноста“. [123]

Нашето внимание посветено на романот „Големата удолница“ би го завршиле со оценката на академик Гане Тодоровски ... „не се ова панични прашања што можат да никнат по едно прво или едно второ читање на впечатливи дела каков што е романот на Петре Наковски насловен умислено со престрога симболика. Добра е онаа книга што нема да те остави мирно да спиеш. Грозоморен не е само насловот на книгата за сликовит пат прудолу. Грозна нам ни е историјата, со која, како што ни се чини, на само по прочит на оваа книга, командува, наложува, заповеда менталитет врамен во непоправлив наивитет, во историско проклетство и во хередиторно хазардерство со среќата. (...) треба да се соопшти дека македонската современа литература во областа на прозната белетристика, се здобила, се зголемила, се збогатила со дело од посебно значење“.[124] Професорот Гане Тодоровски за овој роман смета дека македонската книжевност добила белетристичко дело што се извишува на самиот врв на критичкиот реализам во нашата прозна белетристика и порачува да се чита и да се препрочитува овој роман кој е пренатрупан со македонски болештини.

[123] Види: Рецензија на Бранко Цветковски за *Големата удолница* од Петре Наковски, Скопје: *Макавеј,* 2003

[124] *Стожер*, јануари-март 2004, стр.42-44

5.4. „ГОЛЕМАТА ИЗМАМА“

„...И не сака да помисли дека се скина конецот,

дека се скрши разбојот,

дека секнаа изворите и пресушија потоците...

Тогаш во ќошот место икона,

пајак ќе ткае пајажина

и над селото гавран со грачење ќе коби...

И боли, до сржта ќе боли

ако врз калдрмата на тесните селски сокачиња

врз кои послана е пепел и крш од урнатини

- одново не заоди и не легне човечка нога...“[125]

Романот „Големата измама“ на Петре Наковски е објавен 2007 година и претставува продолжение на романот „Големата удолница“. Во овој роман се расветлуваат мрачните епизоди на една неправедна, апсурдна и безумна војна. Овој воен роман е сведоштво за настаните кои ја скроија судбината на Македонците од Егејскиот дел на Македонија. Насловот на романот е морничав и ја носи вистината за историската катастрофа, за изгубените и изневерените илузии, за отуѓувањето од родниот крај.



Слика 10. Насловна страница на романот „Големата измама“

[125] Петре Наковски: *Големата измама*. -Скопје: *Макавеј*, 2007, стр. 37

Дејството во романот е сместено во временска рамка, го опфаќа периодот од август 1948 година до август 1949 година и е книжевен хронотоп, бидејќи претставува целина од простор, време, лик и приказна. Во него се испреплетува документот и уметничкото раскажување и се изнесени детали за тогашната воена, политичка, социолошка и психолошка состојба на населението и на борците на ДАГ. И овој роман е типичен претставник на литературата на фактот и е литературен отслик на Граѓанската војна, фактографија за уништување на семејството, за откорнувањето и за раселувањето, за вистината за катастрофалната судбината на македонското население.

За ова Јулија Кристева, во делото „Токати и фуги на другоста“ ќе напише: „Колку што политичките и воените катаклизми се ужаснувачки и го предизвикуваат умот со монструозноста и силата на нивното уништување, толку и разнишувањето на психичкиот идентитет, чиј интензитет не е помалку жесток, останува тежок за поимање“.[126]

Во делото авторот хронолошки ги следи настаните кои оставиле траен белег по битките на Грамос и на Вичо.

Во содржинското јадро се обработуваат следните настани:

- Посета на родното место и потсетување на минатото
- Мобилизација на населението од Костурско за носење ранети, копање ровови и градење бункери
- Историски моменти од активностите на ДАГ

Романот започнува со изразито чувствителна слика на враќањето на Ѓорѓи во родното село за време на војната. Оваа слика на опустошено и раселено село и на урнисани куќи ја дава всушност вистинската слика на селата од костурскиот крај во последната година од Граѓанската војна во Грција. „Во горното маало немаше ниту една куќа. Стрчеа црни и полуурнати ѕидови. - Значи го гореа селото - помисли и исплука горчина“.[127]

[126] Јулија Кристева: *Токати и фуги на другоста*. - Скопје: *Темплум*, 2003, стр.158
[127] Петре Наковски: *Големата измама*. - Скопје: *Макавеј*, 2007, стр.10

При овој опис на селото авторот ги оддиплува спомените на Ѓорѓи за некогашниот селски живот, за семејството, за обичаите, за средбите, за радоста за новороденчето, за свадбите, за љубовта. Сето тоа е заменето со пустош, со осама, со болка, со безнадеж.

Слика 10. Разрушена куќа во с. Езерец

Карактеристичен и особено впечатлив е описот на дабот кој се наоѓал на почетокот на селото:

Слика 11. Дабот се наоѓал во с. Езерец

„А на ридот, гол и испран од дождовите, со само три подигнати и испокасапени гранки и со стебло изрешетано од шрапнели, стои, тој - Д`МБОТ - нем сведок на времињата... Врз него како лишај е залепен молкот и болката на времињата... Стојат така двајцата - осаменици и така онемени и секој со своите натежнати години и со бремето на времето врз нив и со чемерот на небитието во нив“.[128]

Оваа слика на дабот – едно стебло и три гранки - е симбол на разделена Македонија. [129]

Личната трагедија што ја доживува Ѓорѓи е всушност трагедија на еден народ - македонскиот. Опустошеноста на селото остава неверојатно трагичен впечаток, сублимиран во прашањето:

„- Кој и зошто сево ова ни го стори?“.[130]

Во романот наоѓаме опис на мобилизацијата на населението од Костурско за копање ровови и градење бункери за одбрана на Вичо.

Слика 12. Жени носат трупци и камења за градење бункери

[128] Исто, стр.14
[129] Во личната архива на авторот е сочувана оригинална слика на опишаниот даб (Д`МБОТ)
[130] Петре Наковски: *Големата измама*. - Скопје: *Макавеј*, 2007, стр. 39

„Цела ноќ со песни и извици на одушевеност низ Желево врвеше војска, мазги и коњи товарени со муниција. Зад нив и 380 жени од корештанските и преспанските села - мобилизирани за да носат ранети“.[131]

„ Дел од жените кои беа мобилизирани за да пренесуваат ранети од битката за Лерин беа задржани и сместени во земјанки ископани во големата и осојна букова шума меѓу Желево и Псодери. Ноќната смена, во која имаше најмногу жени, пак на рамо, трупците ги префрлуваа на голите ридови каде со други жени и мажи и со борци на ДАГ ги префрлуваа преку ископаните дупки. Ред трупци, ред камење и земја и се така накрсно до петтиот, шестиот, седмиот и осмиот ред“.[132] Тие молчаливо го носеле товарот на нивните плеќи, под паролата: „Непријателот на Вичо нема да помине“!

Авторот мошне верно, доследно, документирано, ги опишува сите активности на ДАГ во1948 и во клучната 1949 година. Описите се базирани на авторовите широки познавања и истражувања на состојбите во тој временски период.

Во романот „Големата измама“ настаните се *хронолошки подредени* и се поддржани со *автентични текстови* од разни резолуции, прогласи, повици, прокламации, писма, од кои голем дел се преведени од грчки јазик и можат да се проверат во официјално објавени материјали, исто така дел се наоѓаат во документи на Архивот на Република Македонија.[133] Ова потврдува дека воениот (документарен) роман „Големата измама“ содржи низа елементи од *литературата на фактот*, кои ќе бидат анализирани подолу во текстот.

Централен *историски факт* во романот „Големата измама“ кој се однесува на 1949 година и со кој романот е озаглавен со насловот „Големата измама“ исфрлува на површина два елементи: воена измама и политичка измама.

Воената измама е во паролата: „Непријателот на Вичо нема да помине!“ - со што било измамено населението и боречкиот состав дека ќе ја победат тукуречи 200 000 владина војска, вооружена (во тоа време) со најсовремено американско оружје.

---

[131] Петре Наковски: *Големата измама*. - Скопје: *Макавеј*, 2007 стр.132
[132] Исто, стр.167-168
[133] Види: *Егејска Македонија во НОБ 1949 година*, том 6, Скопје, 1981

Вториот елемент на спомнатиот централен историски факт е Резолуцијата на Петтиот пленум на КПГ, која била отворена политичка измама со цел македонското население масовно да биде мобилизирано со ветување дека, Македонците во Егејска Македонија по победата на ДАГ ќе се здобијат со право на самоопределување. Интегралниот текст на резолуцијата гласи:

„Во Северна Грција македонскиот (славомакедонскиот) народ даде се` за борбата и се бори со сеопштиот хероизам и самопожртвуваност, со што предизвикува восхит. Не треба да постои никакво сомнение дека како резултат на победата на Демократската армија на Грција и на народната револуција, македонскиот народ ќе се здобие со национално возобновување така, како што самиот тоа го сака и за да го добие, денес ја жртвува својата крв...“[134]

Оваа голема измама довела до остро политичко реагирање на КПЈ што придонело до зголемување на несогласувањата меѓу двете комунистички партии во рамките на Резолуцијата на Информбирото.

За ова писателот Трајан Петровски на промоцијата на „Големата измама“ во Битола, истакнал:

„Фамозната појава на Информбирото, која наместо слобода и демократија диктираше нова сурова реалност, со далекусежни последици и во поширoки меѓународни рамки, беше онаа крвава секира што ги покоси и ги распуздери сите надежи“.[135]

Резолуцијата на Петтиот пленум за самоопределување на македонскиот народ со акламација била прифатена од Вториот конгрес на НОФ одржан во Нивици на 25-26 март 1949 година и заради натамошно манипулирање со македонските комунисти - Захаријадис го формира КОЕМ (Комунистичка организација на Егејска Македонија - како спротивставеност на Комунистичката партија на Македонија - во Народна Република Македонија).

[134] Петре Наковски: *Големата измама*. - Скопје: *Макавеј,* 2007, стр. 74
[135] Рецензија од Трајан Петровски на романот *Големата измама* од Петре Наковски од промоцијата на романот во Битола на 14.12.2007 година

Набрзо Захаријадис со неколкумина негови поддржувачи од ЦК на КПГ се откажал од оваа Резолуција и ја заменил со паролата рамноправност на малцинствата.

Одлуката за промена на Резолуцијата со паролата за рамноправност, како и говорот на Тито во Пула, со кој тој го најавил затворањето на границата, кај Македонците - припадници на ДАГ, а посебно кај понискиот команден состав предизвикале огромно разочарување.

Историски факт е дека Граѓанската војна завршила на 15 август 1949 година со катастрофален пораз на ДАГ и принудно иселување од страна на службите на ДАГ и политичките македонски организации НОФ и АФЖ на македонското население и негово преселување во Албанија. Карактеристичен е описот на егзодусот. Претставен е преку ликовите на еден постар борец на ДАГ и на Крстовица, која носејќи го веленцето ја носи со себе судбината на целото семејство.

Истоштениот борец на ДАГ кој целото време ја придружувал Крстовица во чекорењето кон туѓината со намера да ја смири и охрабри и се обраќа со следниве зборови:

„Дојди, седни и дај го тоа клопче што го имаш втиснато во пазувите, заедно да го одмотаме; не го крај, дај ми го. Тој црвено-црн конец зад нас да го пуштиме, на овој камен-карпа или на тоа дрво да го врзиме и по него, како што слепиот, удирајќи со стап наоѓа пат, така и ние, држејќи се за конецот да си се вратиме по патот што ќе не доведе до изворот од кој се откорнуваме...“[136]

Авторот клопчето на Крстовица го поистоветува со митот за Аријадна[137] чие клопче му помага на Тезеј да го најде излезот и да се врати дома. Аријадна и Тезеј одмотувајќи го клопчето го нашле патот за дома, меѓутоа Крстовица и нејзината генерација возрасни Македонци никогаш не се вратиле во родното место. За навек останале во туѓи земји.

Овој *воен роман* кој е предмет на нашата анализа содржи низа елементи на **литературата на фактот** низ кои ја дознаваме вистината за *времето, воените дејствија, настаните, луѓето и нивните судбини.*

[136] Петре Наковски: *Големата измама*. - Скопје: *Макавеј,* 2007, стр. 356
[137] http://www. stil-magazin.com/clanak/broj-82-21-jul-2008/cudesni-svet-bogova

Прв елемент со кој се потврдува дека делото има елементи од **литературата на фактот** е *автентичноста на просторот, имињата на населените места, топонимите*. Во романот авторот користи точна топографија, ги употребува македонските имиња со единствена цел да останат како сведоштво во поединечната и во колективната национална меморија:

Села: Лабаница, Брезница, Ошени, Борово, Телок, Д`мбени, Орово, Лаген, Долно и Горно Котори, Крушоради, Сетина, Кронцелево, Долно и Горно Пожарско, Псодери, Желево, Смрдеш, Ошчима, Трнаа, Руља, Тиквени, Жупаништа, Изглеби, Желин, Буф, (македонски села: Медово, Штрково), Герман, Нивици, Граждено, Орово, Јамата, Апоскеп, Тиолишта, Вишени, Бапчор, Кономлади, Горно и Долно Статица, Дреновени, Л`к.

Градови:Костур, Рупишта, Лерин, Воден, Кукуш, С`ботско.

Планини: Пинд, Мали-Мади, Грамос, Вичо, Синадев Рид, Стените, Горуша, Круша, Аљавица, Тумбите, Бела Вода, Лисец, Дреничe, Sвезда, Галичица, Одрето, Кајмакчалан, Моро, Лунsер, Голината, Кулкутурја, Поленатa, Баро, Рото, Главата, Кресто, Плати, Николер, Амуда, Чарно, Бигла, Дабче.

Полуостров: Св. Ахил

Реки: Бистрица

Езера:Преспанско Езеро

Топоними: Деволско Поле, Леринско Поле

Втор елемент со кој се потврдува дека делото има елементи на **литература на фактот** е *временската рамка, воените дејствија и настаните* што се случувале во тој временски период.

Авторот во романот прецизно и *хронолошки* ги изнесува настаните и ги слика воените дејствија што се случувале и оставиле траен белег врз судбината на Македонците. Тој пишува за реални *факти* и ги изнесува случувањата од животот на одделни личности и општествени групи со цел да ја потврди големата измама што била направена врз македонскиот народ.

Низ хронолошкото сеќавање на Захаријадис, авторот не` враќа во минатите години за да го истакне текот на настаните кои довеле до поразот на ДАГ.

Настани:

- За време на војната во септември 1947 во Преспа бил одржан Третиот пленум на КПГ каде дошло до разделување на ставовите на Захаријадис и Маркос во врска со ослободувањето на Егејска Македонија. За таа цел бил изготвен планот „Лимнес“ што во превод значи (Езера).

- На 14 октомври 1946 бил склучен договор за обединување на НОФ и КПГ.

- На 21 ноември 1946 сите македонски одреди биле под раководство на КПГ.

- На 23 декември 1947 во Асамати била формирана Привремената влада на Грција, на чие чело бил поставен Маркос.

- На 22 декември 1948 во 3 часот бил извршен напад на Воден.

- На 10 февруари 1949 бил извршен напад на Лерин.

- На 27 март 1949 во Нивици на конгресот на НОФ била формирана КОЕМ.

- На 10 јули 1949 преку радиоврска бил пренесуван говорот на Тито во Пула.

- Нападот на Вичо од страна на владината војска започнал на 10 август 1949 година во 5 часот.

Точен е описот на борбите што се воделе на одделни позиции на фронтот подготвени од страна на владината војска - линија на фронт: Кула-Плати, северен фронт: Бела Вода - Бигла - Лунsер - Кулкутурија; централен фронт: Поленaта - Плати - Кула - Рото; јужен фронт: Мали Мади.

Во романот автентично се опишани прецизни *воени позиции* кои се однесуваат на борбениот сектор на чии коти се одвивале најтешките и одлучувачки борби: кота 1186, кота 1964, кота 2156, кота 1922, кота 1685.

Авторот дава целосна слика на подготовките на дивизиите, бригадите, баталјоните, резервите, борбените активности на артилеријата, тенковите, военото воздухопловство на владината војска за напад на војската ДАГ. Исто така ги опишува и четирите фази за офанзивата во реонот на Вичо од 10 август до 16 август 1949 година. По запознавањето со оперативниот план под шифра „Пирсос“, генералот Козмас, изјавил:

„Нас не` интересира само едно: победа! Нема да има никакви преговори. Ќе говори само оружјето. Нема капитулација. Ќе има само пораз од кој тие никогаш нема да се подигнат. Господо, чест ми е да објавам дека офанзивата ќе почне на 10 август во 5 часот наутро“.[138]

Во романот исто така, наведувањето на *наслови на весници* како и на *историски личности и воени и политички организации* ја потврдуваат тезата за **литературата на фактот.**

Весници: „Непокорен“[139]

Автентични имиња на ликови од историјата: кралот Георгиос, Захаријадис, Маркос; Велухиотис, Сарафис - грчки офицери на ЕЛАС, Гусјас, Вландас, Барsотас, Јоанидис, Парцалидис, генерал Георгијадис - командант на 14-та бригада, Порфирогенис, Стрингос, Колишевски, Тито, Ранковиќ, Сталин, Вангел Ајановски - Оче, Керамичиев, генерал Ван Флит, Александрос Папагос - главен командант на владината војска, Козмас - генерал во владината војска, Цакалотос, Манидакис, Григоропулос - команданти на владината војска.

Воени и политички организации: ЕЛАС, НОФ, АФЖ, ЦК на КПМ, КОЕМ (Комунистичка организација на Егејска Македонија), ЛОК (специјални единици за борба во планински услови), Биро А2 (служба за воена безбедност и разузнавање).

Авторот во романот „Големата измама“ го продолжува дејството од романите „Постела за чемерните“, „И каменот е земја“ и „Големата удолница“ и ги следи судбините на главните актанти: Ѓорги, Лазо, Нумо, поп Васил, Циљка, Мита, Кољо,

[138] Петре Наковски: *Големата измама*. - Скопје: *Макавеј*, 2007, стр.258
[139] http://www.rastko.rs/cms/files/books/4f344d3d7fb2d

Крстовица. Во романот „Големата измама“ се среќаваат и ликовите на: Маре, Илија, Митре, Крсте, Евгенија, Коле, Крсте, Ристо, Лабровица.

При анализа на *ликовите* низ романот се следат секојдневните вистини за животот на Македонците во костурскиот и леринскиот крај. Во нивното портретирање е претставена колективната судбина. Личностите во романот се јунаци, борци, селани и се карактеризираат со свој начин на оценка на настаните. Преку нивните искажувања се откриваат психолошките длабочини, трауми. Тие се носители на мачни судбини, прогонети, разделени, осакатени, изморени психички и физички меѓутоа продолжуваат низ времето со својата мака, стравови, очекувања и најважното - надежта.

Циљка, Мита, Маре, Илија, Митре, Крсте, Кољо се борци од 103 бригада на ДАГ и учесници во воените дејствија на Грамос и на Вичо. Следејќи ја нивната животна агонија дознаваме за тешките временски услови, за долгите и исцрпувачки маршеви, за пренесувањето храна и оружје, но и за нивната јунаштина, храброст, издржливост, верба.

Ѓорги, Нумо, Крстовица и Лабровица се клучни ликови кои се типични претставници на Македонците од костурскиот крај. Тоа се обични луѓе кои во виорот на војната се`изгубиле.

Карактеристичен е ликот на Евгенија. Таа е претставник на сите мобилизирани жени. Едноставна, осамена, без ништо свое, мобилизирана да копа ровови и да прави бункери. Но, преку ликот на Евгенија авторот ја претставува храброста, непокорливоста, борбеноста, одлучноста на македонската жена да се бори и да се спротивстави на злото. Особено е карактеристичен нејзиниот говор кога се обраќа на Вториот конгрес на НОФ низ кој се разоткрива вистината за нејзиното семејство, за одведените деца, за мобилизирањето на нејзините поголеми деца, за носењето ранети и осакатени момчиња и девојки, за носењето греди и копањето ровови, за разурнатите куќи, за празното и пусто село, за неизвесната иднина и за секојдневните црни вести. Нејзиното обраќање – спротивно на поуките на Вера - е обраќање на сите македонски мајки и жени:

„... да го опитам тој прочуен, умен, храбар, како шо се вели, мил и сакан Захаријади, и да го опитвам не само за мене, ами и за многу мајки, шо не се туа, шо

се од`нде синорите и шо се по планињето и шо тераат пред себе товарена стока да го носи горе високо о планињето... шо закопве уморени и умбрени и шо плаче и шо моле шо си откорнве косма кога шепнешкум одоколу поплатва новинта дека му загина чендото, да го опитам: зошчо, бре Захаријади, зошчо ние и дење и ношја да си имме голема страв за чендата, за дома, за берикето, за добитоко, за блиските и најсаканите. Пред нас и зад нас, бре Захаријади, само црнина пулиме, само страв, само трепет ни го стегва срцето, само лошото врти окол нас... И празни и пусти ни се селата, о к`шчите наши пајажини плете... И чрнина не` покри. Само чрни новини слушаме и чрнина катаден падинва над нас... Велите победата е близу, ама додека таа ќе дојди, ќе остани ли некој утре за да родва, за да подигне к`шча од пепел, за да распали огнишче?... Дури и темелите од к`шчите ни ги нема, толку се израмнети од тие клети душмани. Блиска е, велиш, победата... Ама за кого е блиска? За нас? ... ами кога ќе стигне ќе има ли некој да се радва, да гради, да ора, да сее, да родва, да пее, а?“[140]

Храброто изнесување на вистината Евгенија го платила со апсење и праќање во логор.

Трет елемент со кој се потврдува дека делото има елементи на **литературата на фактот** се вистинските ликови на: Лазо, Кузе, Горѓи, Циљка, Крстовица. При градењето на ликовите авторот поаѓа од конкретни животни ситуации, драматика, сведоштва на ликовите и е доследен на вистината. Тоа се вистински ликови чии сведоштва се документ за личните падови, за личната трагедија која се претвора во трагедија на еден народ, за трагичната судбина на растурените семејства, за урнисаните куќи и опустошени села, за откорнувањето и раселувањето.

Исто така, авторот ги следи и активностите на негативни ликови Кузе и Вера кои се јавуваат и во претходните романи. Кузе е негативен лик кој опстојува исполнувајќи ги наредбите на оние од НОФ и АФЖ, страшливец и понижувачки услужлив. Еве само дел карактеристичен за неговиот лик:

„Покрај семето што го носеше во вреќа, со себе ја понесе и свеста дека властите забранија да се зборува македонски, та затоа на воловите им зборуваше само на грчки. Тие кои поминуваа покрај неговата нива слушаа како тој им викаше: -

[140] Петре Наковски: *Големата измама*. - Скопје: *Макавеј*, 2007, стр.184-188

Пано, Гајто, като Баљо!... Стои Кузе зад нив, размислува, истрчува пред нив, покажува со рацете каде е горе и долу... Кога некој од орачите или овчарите поминуваа скраја од неговата нива застануваа за миг и го поздравуваа: - Аирлија орање даскале!“[141]

Вера е исто така негативен лик, постојано актуелен пропагандист и говорник во служба на актуелните потреби на оружената борба и комунистичкото движење. Карактеристична е нејзината услужливост и преданост кон партијата што се потврдува и при подготовката на Евгенија како да одржи говор на Вториот конгрес на НОФ:

„Прво и прво да извикаш парола за другарот Захаријадис, него прво да го поздравиш со топол и сладок глас... да кажиш за него дека е најголемио и најсаканио син на славомакедонцкио народ... - А зошто мори Веро, да не реча на македонцкио народ, та нели ние сме Македонци?... Ти да велиш како што ти велам јас. Тоа што сме, тоа сме, ама сега политиката на партијата е таква и сака и таа и Захаријадис да сме Славомакедонци. Штом така вели Захаријадис, така треба да ести“.[142]

Авторот ликот на Захаријадис го претставува во романот како човек кој сакал да воспостави врска со масата, додека за поединците имал друг речник. Масата, тај ја нарекувал булук, и бил способен да ја дигне на нозе, во неа да го посее духот на вербата и надежта и до лудост да поверува, дека тој е нејзиниот спасител... А масата нему му верувала беспоговорно. Тој знаел да застане пред неа, и да разговара со неа, знаел да се извиши високо и да се симне ниско, да разговара со селаните иако не знаел што е нива, рало, лопата и мотика, со работникот разговарал како работник иако никогаш не влегол во фабрика, знаел да седне на разговор или да се фати на оро со борците иако никогаш в раце не зел пушка... „Токму со неограничената и подлизурничка помош на средните кадри тој беше и селанец и работник и војник. Таков го сакаше масата и поединците - едни од почит, а други од страв. И знаеше тој со збор да награди и со збор да укори, со поглед да пофали и со поглед да казни и поради најмал сомнеж - да уништи... Таква реткост беше тој, Захаријадис, за кого се

[141] Петре Наковски: *Големата измама*. -Скопје: *Макавеј*, 2007, стр. 31
[142] Исто, стр.178

пееја песни и се раскажуваа чуда и легенди“.[143] Во тие чуда и во таа легенда најмногу поверувале селаните од Костурско, Леринско и Воденско, кои благодарение на своите средни, ниски и пониски кадри, своето верување во водачот го претвориле во сепаленица и во херојско самоубиство...

За неговиот изопачен карактер сведочи и разговорот воден во Москва меѓу Захаријадис и гатачката, која меѓу другото му вели:

„Ти красивиј, умен, но характер у тебја, характер подлеца. Ти случајно не комунист?“[144]

Таквата проповед на гатачката се обистинила после дваесетина години и подоцна.

Вербата во него, што полуписмениот македонски кадар на НОФ и АФЖ (Вера и нејзе сличните) успеале да ја внесат како начело кај Македонците ги довела и до најголемиот македонски национален пораз.

Четврт елемент со кој се потврдува дека делото има елементи на **литературата на фактот** е *заеднички код* на Македонците, „традиционалното што се именува како симбол“[145], претставен преку автентичниот опис на македонските обичаи: за задушница - раздавање варена пченка, пита, млечник, погача, вино, ракија, редење на мртвиот; одбележување на *традиционалните македонски верски празници*: Митровден, Петровден, Водици, Голема Богородица, Велигден, Ѓурѓовден и нивна прослава со собирање на полјанка и играње *ора*, како: Бајрачето, Невестинско, Левото, пеење на *песните*: Море чупи костурчанки, Елено моме, Млада партизанка, На Вичо планина, Во борба, во борба; месење домашен `ржен леб-пешник, молење пред иконата на Богородица, прекрстување, кажување молитва. Ова претставува *извор на факти*, реалност земена од секојдневниот живот и од времето во кое живеат, со што се потврдува битот на Македонците.

Авторот споменува и *презимиња на фамилии*: Наковци, Зисовци, Митревци, Поповци, Петковци, Пандовци.

[143] Исто, стр.195
[144] Исто, стр. 63
[145] Види: Венко Андоновски: *Абдукција на теоријата*. - Скопје: *Галикул*, 2011, стр. 176

Во врска со раскажувачкиот начин, писателот Трајан Петровски, ќе истакне:

„Особено пленува раскажувачкото мајсторство на Наковски, кое се испреплетува со впечатливи дијалози и најпотресни случувања. Во тоа му помага мелозвучниот јазик и богатата лексика. Тој во епската грамада свесно внесува делови од костурскиот говор, со цел да ја сочува автентичноста, а преку тоа и белегот на идентитетот“.[146]

Авторот покрај *македонскиот литературен јазик* употребува и зборови од *костурскиот народен говор*, како: јастие, веленце, пљачки, виду, да ви виме фустаните, ваѓа, чупи, косма, червен, келку, умо, туа, ка шо ме пулиш, огно, лаф, шчукаа, опитвае, ош, годињето, гробишча, ојдое, кинее, кршее, палее, греојте, свите, з`мби, греде, дадоме, чрнина, падинва.

Во романот среќаваме и *клетви*: „... се исп`ндие, селото изгоре... го изгорее, оган да ги изгори“[147], „... ги учите да уморве, рофја да ве умори!“, „Па тие дури ниту тонsина не пораснае, а ги собрате ... лошото да ве собери!“[148]

За да ја долови автентичноста на *просторот, на времето и на приликите* авторот во романот користи и *грчки и руски зборови и изрази*: Ексо! Аврио сто тмима сас та ертун и нафтергатес, Ма ден те ксеруме, Кератадес та та матете, Оморфа, поли оморфа трагудја, Вот, смотри, миленкии, линија дороги никуда не ведет.

Анализираното дело е облагородено со *симболика*: црна шамија симболизира тага, солза - болка, тага, молитва - лично верско доживување во чија основа лежи навраќање со мислата кон Бога или кон друг предмет на култ во состојба на обожување и восхит, тишина - осаменост, испокршена лулка - напуштеност, *иконата, зборот, говорот, дабот* изнесени во делото се симбол на траење, опстојување на нацијата.

Завршницата на романот е на брегoвите на Малото и Големото Преспанско Езеро. Додека во цела Грција се славела победата над комунистите, на големото преспанско гробје, белобрад поп, стоел на земјата ишарана од гасениците на тенковите и булдожерите и со растреперен и скршен глас шепотел:

---

[146] Рецензија од Трајан Петровски на романот „Големата измама“ од Петре Наковски од промоцијата на романот во Битола на 14.12.2007 година

[147] Петре Наковски: *Големата измама*. - Скопје: *Макавеј*, 2007, стр. 36

[148] Исто, стр.186

„- Блажени се бедните по дух, зашто нивно е царството небеско. Блажени се оние кои плачат, оти ќе се утешат. Блажени се гладните и жедните за правда, зашто тие ќе се наситат... Блажени се оние кои ги исполнуваат заповедите Негови, за да имаат право на живот и да влезат во градот низ портите. А надвор се кучињата, врачевите, блудниците, крвниците, идолопоклониците и секој кој сака да лаже и лаже ...“[149]

Во исто време Ѓорѓи го спасува детето што го нашол во трските крај брегот на езерото и носејќи го на раце и држејќи го во своите прегратки „...тргна низ огромната гробница и кога само миг, без да го прекине растреперениот чекор, погледна кон небото, тогаш му се пристори дека и sвездите патуваат со него“.

Романот завршува со вековната молитва и традиционалното биење на селската црковна камбана - трипати за покој на душите:

„Трипати и цела ноќ дам-дам-дам... sвони за секого по трипати во Имја Отца и Сина и Свјатаго Духа, АМИН...“[150]

По прочитот на анализираниот роман отворено останува прашањето: што добија и што изгубија Македонците со своето масовно учество во Граѓанската војна?

Авторот не дава одговор. Одговорот би требало да го даде читателот и нему му останува да пресуди и да процени што е добиено и што е изгубено. Што ги мотивирало Македонците масовно да влезат во Граѓанската војна која по половина век од нејзиното завршување е оценета како голема авантура по завршувањето на Втората светска војна во која големите сили ги договориле своите стратешки и политички интереси.

Нашето внимание посветено на романот „Големата измама“ би го завршиле со оценката на писателот Трајан Петровски:

[149] Исто, стр. 381
[150] Исто, стр. 384

„Ретко кој автор располага со толкав загреб на судбинската материја и со такво чувство за објективна просудба... Ништо така силно не врзува како напишаното. Токму затоа Петре Наковски пишува со знајба, со посветеност на вистината и успева да ни подари вредно романескно четиво за македонските тревоги...“ [151]

Вреди уште еднаш да се повтори прашањето што на крајот од првото поглавје од романот „Големата измама“ го поставува Горѓи кога се враќа од гробишта:

„- Кој и зошто сево ова ни го стори?“[152]

[151] Рецензија од Трајан Петровски на романот „Големата измама“ од Петре Наковски од промоцијата на романот во Битола на 14.12.2007 година

[152] Петре Наковски: *Големата измама*. - Скопје: *Макавеј*, 2007, стр. 39

5.5. „НА ПАТ СО ВРЕМЕТО“

„... Кој ќе посведочи ако не ние
за болките и чемерите, за плачот и лелекот,
молитвите и солзите,
за исчекувањата без крај,
за пожарот, за викот и крикот, за ужасниот пораз,
за откорнувањето и патиштата
што се` подалеку не` водеа од дома
и надежно ќе проречи
дека по години и по времиња
пак се`ќе биде наше?...“[153]

Според проширената дефиниција за **литературата на фактот**, романот „На пат со времето“, објавен 2010 година во издание на „Матица македонска“, Скопје, е типичен роман-репортажа.

Содржински претставува навраќање кон времето од крајот на Граѓанската војна во Грција и е сублимат од посетата и личните доживувања на авторот и неговата сопруга (како деца одведени од родната грутка) на оние места во костурскиот и леринскиот крај каде се воделе битките меѓу ДАГ и владината војска; на оние места каде започнало искоренувањето и раселувањето на Македонците и на местата во Јужна Албанија каде биле сместени Македонците по иселувањето и биле лекувани ранетите борци. Исто така овој роман е базиран врз сведоштва на живи учесници и сведоци, архивски документи, исечоци од весници и списанија, објавени мемоари, белешки, и е типичен претставник на **литературата на фактот** чии

Слика 13. Насловна страница
на романот „На пат со времето“

[153] Петре Наковски: *На пат со времето*. - Скопје: *Матица македонска*, 2010, стр. 7

елементи ќе бидат анализирани подолу во текстот.

И токму ова ги потврдува размислувањата на авторот дека романот е од се` по нешто: „роман, патопис, репортажа, мемоари“.[154]

Силно е сознанието дека авторот си поставил за цел да ја долови вистината од сегашна перспектива „... со единствена желба да се сочува доживеаното, со малку напор да се подиспраши и подизбрише правта наслоена врз спомените без разлика на тоа колку се мачни и болни“.[155]

Романот започнува со поезија, лична творба, во која авторот повикува кон помирување на нацијата, потсетување на злото кое Македонците од Егејскиот дел на Македонија ги отсели и ги расели од прадедовата земја, укажува на тоа дека дел од нацијата се нашла во опасност да биде уништена од мрачни и болни умови, дека над неа лебди македонскиот синдром на постојано неединство и самоуништување, и праќа порака за единство, слога и ум за опстојување:

„Кој ќе посведочи за времињата
во кои сме биле впиени (...)
(...) Кој ќе запише дека живот
сме точеле длабоко вжилени
во прадедовата и дедовата земја
на која премногу и` сме биле верни?(...)

(...) За таа надеж голема
и за се` и сите кои во времињата ги снема
потулено пламенче на свеќа нека свети
и одушевен жив жар на вечен опстој,
дај Боже, во сите нас да гори
и просветли не` денес
за да бидеме посложни и поумни утре. Амин!“[156]

[154] Петре Наковски: *На пат со времето*. - Скопје: *Матица македонска*, 2010, стр. 9
[155] Исто, стр. 9
[156] Исто, стр.7-8

Романот е хронотоп и е сегментиран во време и во простор. Композицијата се темели врз движењето на раскажувачот во просторот, што е својствено за *патописите*. Дејството во романот е сместено во сегашноста, во 2008 година и претставува соочување со спомените кои живнуваат по 60 години од завршувањето на граѓанската војна. Фактите изнесени во овој временски период се подредени со ретроспективна композиција, односно авторот низ посета на местата низ сеќавања ги следи настаните и дозволува постепено повторно запознавање со *времето, настаните* и со судбината на населението гледано од денешна перспектива. За ова авторот ќе напише:

„Впрегнати под јаремот на таа голема желба тргнавме на пат со времето и по трагите на спомените кои се дел од нашето опстојување и постоење кое, како што рекле мудрите умови, е составка од многу минато и малку сегашност“.[157]

Во содржинското јадро се обработуваат следните настани:

- Посета на костурскиот и на леринскиот крај
- Посета на Јужна Албанија со посебен осврт на Прењес, Корча, Елбасан, Драч и на Сукт
- Спомени од преживеаното

Желбата повторно да се изодат патиштата на искоренувањето и раселувањето, желбата повторно да се потсетат на своето, на постоењето такви какви што биле - вкоренети во прадедовата и дедовата земја, желбата да се види тоа што останало во сеќавањата, а не останало на јаве, го поттикнало авторот повторно да се соочи со спомените „од времето кое како лишај и лош сон е залепено и врежано во нивните и наши спомени и поттикнати од загрозата на помислата дека времето со текот се` брише, се охрабривме да појдеме на пат со времето што одмина и, носејќи со себе и својата судбина и бележењата од живите искази на повеќе учесници во настаните и случувањата, тргнавме уште еднаш да ги извршиме патиштата на нашето искоренување и раселување“.[158]

[157] Петре Наковски: *На пат со времето*. - Скопје: *Матица македонска*, 2010, стр.10
[158] Исто, стр. 9

Низ *документарен приказ* и со многу автентични описи на местата, авторот го започнал своето патување во костурскиот и леринскиот крај. На својот пат доследно ги опишал местата гледани од сегашна перспектива и низ сеќавањата на сведоците со кои разговарал ги расветлил настаните од времето на Граѓанската војна во Грција и „успева да ги протолкува внатрешните доживувања, траумите и страдањата кои остануваат длабоко врежани во колективната трагедија и меморија“.[159]

Следејќи ги *настаните* го бележел *времето* и *луѓето* кои биле принудени да ги остават родните огништа и да заминат на пат од кој нема назад. Карактеристични за романот се исто така и описите на *родното место*, сеќавањата на *домот, обичаите, верата, спомените од детството* - се` она што денес е како со гума избришано, но се` уште живо врежано во меморијата на изгонетите, во меморијата на нивните семејства и на нивните потомци. Впечатлива и многу емотивна е сликата кога авторот го посетува родното село Крчишта:

„Застанавме на местото викано Вишомо, од каде се шири мала возвишеност во чија средина има црква. Околу неа - празно. Во таа празнина беше Крчишта. Ја гледам празнината која во мене буди болка и морници ме тресат. Беше, го нема, сал името му остана... Ете, велам, оваа празнина беше село и оваа празнина беше полна со живот... А тука, велам, каде сега стоиме, беше куќата во која сум се родил“.[160]

Остатоците од темелите на урнатите куќи потсетуваат дека во македонските села се случило лошото. Урнатите голи ѕидови се метафора на отсуство.

При своето патување низ овие краишта низ сеќавања повторно го доловил и го оживеал целото зло што војната им го направила на македонскиот народ. Нема место, нема камен каде што војната не оставила крвав белег.

„Барам семејства. Беа, ги нема. Барам куќи, беа, ги нема. Го барам тоа што некогаш беше. Сега го нема... Во кои непознати ширини на светот ги растури времето?[161]

Во селото Лобаница авторот низ сеќавања се вратил во далечната 1948, поточно на 25 март кога заедно со други деца од селото, а и од другите села од костурскиот крај на единаесет години бил одведен и одделен од мајчината прегратка и однесен во источноевропските земји.

[159] Од промоцијата на романот „На пат со времето“ одржана во Штип на 4.12.2010 година
[160] Петре Наковски: *На пат со времето*. - Скопје: *Матица македонска*, 2010, стр. 58
[161] Исто, стр. 59

Читајќи ја книгата читателот ја доловува сликата за костурскиот и за леринскиот крај денес, но и во минатото, па затоа авторот ќе напише: „... тука сме во сегашното време без живот... Сега има само време за намнисување на изминатото време и време за да не се заборави далечното време“.[162]

Невообичаено е впечетлив делот посветен на поимот *време* опишан на страниците 59-61 во романот „На пат со времето“.

Во романот авторот дава опис и на природата, патиштата, на црквите, на современо изградените градови, на новите куќи во селата во кои живеат дојденците од Мала Азија (Маџирите), кои новите куќи ги изградиле со камењата од куќите на иселените Македонци, а особено се осврнува и на сегашната ситуација и на односот на грчките граничари и на граѓаните кон Македонците.

Посетата на авторот и неговата сопруга на Јужна Албанија е со единствена цел, да ги најдат оние места каде како деца биле донесени кога бил направен егзодусот и да ги најдат нивните први детски траги оставени во туѓа земја и при тоа ќе забележи: „уште еднаш да стапнеме на истото место од каде зачекоривме по патот што не` однесе во далечни земји“.[163]

Низ разговори и сведоштва со локалното население, особено со постарата генерација, авторот во Корча ја барал куќата во која биле прифатени на 26 март 1948 од страна на жителите на Корча. Оваа судбина на одведените деца најсликовито е опишана во романот „Постела за чемерните“ од Петре Наковски, што е и предмет на анализа во овој магистерски труд. Исто така, низ патувањата од град до град, од Прењес, Корча, Елбасан, Драч па се` до Сукт, авторот повторно го следи сижето на неговите романи: „Постела за чемерите“, „И каменот е земја“, „Големата измама“.

Тој го изодил патот на спомените, со географија, македонска и по грчки променета, со лични патила, трауми, трагедии и низ средбите со живите повторно му испливувале ужасите на војната. Патувајќи во Прењес ги нашол старите бараки во кои било сместено македонското бегалско население, меѓу кои и неговите родители, за што кратко ќе за запише: „... пред очи ми се јавува сеништето на болните спомени

[162] Петре Наковски: *На пат со времето*. - Скопје: *Матица македонска*, 2010, стр. 60-61
[163] Исто, стр.124

што како наследство ми ги оставија моите родители и многу други кои во Прењес ги поминаа најтешките времиња по своето искоренување од родното место“.[164]

Романот се темели и врз сведоштва на некогаш одведените и мобилизирани деца кои повторно ги преживувале настаните. Во долгите разговори со авторот тие раскажувале за се` што доживеале како деца одделени од своите родители и препуштени на неколку „мајки“ да се грижат за нив. Особено карактеристично е раскажувањето на Доне кога се сретнал со Албанката:

„...Со дланките ги покрив очите и ми се чинеше дека уште подобро ја гледав мајка. Исти движења на рацете и телото и иста леснотија во движењето. И ете така во привидот беше мајка, а на јаве една непозната жена која кроце-кроце доаѓаше на кај нас... Со слободната рака ни даде знак да седнеме ... и од торбата извади нешто завиткано во бел пешкир... пред очи се откри румена, миризлива од страните лесно потпечена и се` уште топла... тиква... ја пресече тиквата на фаши ... и секому му подаваше со рака... пресечував олкацко парченце, го принесував до усните и толку долго го оставав прилепено, колку што можеа градите де се наполнат со тој упојувачки мирис“.[165]

И можеби некој ќе рече дека тиквата (која фигуративно е симбол на глупоста и празниот ум) и не е толку важна во целиот овој опис, но, токму овој неполезен детаљ[166] ја открива суштината на сеќавањето. Имено, токму тиквата и нејзиниот мирис со мислите децата ги враќа дома, во селото, кај мајката, кон обичаите.

Несомнено авторот избирајќи го токму овој детаљ сакал да го сочува овој „сегмент од заедничкото сеќавање, сегмент од семејната меморија“.[167]

Во своето патување низ Јужна Албанија, авторот ги посетил местата каде во текот на Граѓанската војна се лекувале илјадници партизани. Повторно ги вратил спомените низ сеќавањата на преживеаните борци кои биле ранети и се лекувале во болниците во Корча, Елбасан и Сукт.

---

[164] Петре Наковски: *На пат со времето*. - Скопје: *Матица македонска*, 2010, стр.149
[165] Исто, стр. 179
[166] Венко Андоновски: *Структура на македонскиот реалистичен роман*. - Скопје: *Детска радост,* 1997, стр. 126
[167] http://www.blesok.com.mk/tekst.asp?lang=mac&tekst=1033&str=4#, (Елизабета Шелева: *Романот како философија на сеќавањето*)

За натамошната судбина на ранетите кои се лекувале во овие болници дополнителни информации наоѓаме во книгата „Грчката болница на островот Волин“ од генерал д-р Мјечислав Барчиковски, која претставува вреден запис и достојно сведоштво.

Во романот „На пат со времето“ низ сеќавањата на сведоците на ова бурно време е опишан и патот на раселувањето во источноевропските земји, посебно во Полска и Узбекистан, во поранешниот СССР. Впечатлив е разговорот со полскиот персонал во бродот во кој се испреплетуваат македонските зборови кои се слични на полските зборови. Грозоморна е реченицата изречена за бараките во Ташкент од кои биле иселени јапонските заробеници од времето на Втората светска војна и на нивно место биле сместени борците на ДАГ. Потресна е сликата кога мајката го губи своето дете на бродот: „... чупчето, детето ми го нема, луѓе, барајте, помозите, детето ми го нема, ми го нема чупчето...“[168] Детето го нашле, а за неговата судбина било пишувано и во фељтонот на Ванчо Андонов во весникот „Нова Македонија“ од 1973 година и подоцна во „Вечер“.

Исто така низ сведоштва е опишан и животот на оние кои никогаш не се вратиле дома и кои во туѓи земји свиле гнезда, создале семејства, но го сочувале *македонскиот јазик, адетите, песната и орото*. „Егзилот како состојба најсилно го чувствуваат оние кои го имаат како дел од сопствената, но и од личната историја“[169]. Како директен учесник во раселувањето, авторот дал конкретна слика за состојбите во тогашно Скопје, кога заедно со својата сопруга и многу други Македонци од Полска се вратиле во Македонија. Особено се осврнал на длабоко вкоренетата македонска неслога и омраза, нетрпеливост и разединетост. За Егејците, а не за Македонци од другиот дел на Македонија. За сомнежот кон Македонците од Егејскиот дел на Македонија, кои по пристигнувањето деновите ги поминувале во Идризово, не за да одмореле, туку на распит.

И токму во оваа смисла е прикажан и начинот на кој авторот, па и личностите учесници во настаните и сведоци на оваа војна, на ова систематско и планирано

---

[168] Петре Наковски: *На пат со времето*. - Скопје: *Матица македонска*, 2010, стр. 238

[169] Весна Мојсова-Чепишевска: (*Чинот на пишување како чин на ослободување)*, *Игра и симулации*. - Скопје: *Галикул*, 2011

раселување ги изнесуваат своите болни сеќавања, својот морален суд, својата огорченост.

„Без патетика, со едноставни описи, Наковски ги бележи времето и луѓето кои се принудени да ги остават родните огништа и по разни патишта физички и психички осакатени да се прашуваат каде ги водат и кому татковината ја оставаат“.[170]

И покрај се`, тие го сочувале човековото достоинство, гордоста и свеста за својата национална припадност – *македонскиот идентитет*.

Романот „На пат со времето“ кој е предмет на анализа претставува допир по старите рани и болки за Македонија. И не случајно авторот во прологот го цитирал Сеферис[171]: „Споменот каде и да го допираш боли“.[172]

Прв елемент со кој се потврдува дека делото има елементи од **литературата на фактот** е автентичноста на *просторот, имињата на населените места, топонимите*.

Дејството во романот се случува врз основа на движењето, односно патувањето низ костурскиот и леринскиот крај и во Јужна Албанија.

Во романот авторот ги употребува македонските (вековните) имиња со невообичаено точна топографија на селата, градовите, планините, реките, кои Грците со закон[173] ги имаат погрчено, односно ги имаат преименувано со грчки имиња, но анализирајќи го романот секој ќе може во својата меморија да го сочува минатото, историјата, коренот, а истото треба да биде сочувано и во национална меморија.

Села: Долно Калештени (Като Калиники), Псодери (Писодерион), Винени (Пили), Желево (Андартикон), Лак (Микролимни), Оровник (Карје), Попли (Левконас), Рудари (Калитеа), Штрково (Плати), Медово (Милонас), Раби (Лемос), Герман (Агиос Германос), Дреново, Оровник, Кулата, Перо, Нивици (Пцарадес), Орово (Пиксос), Граждено (Врондерон), Ошени (Инои), Света Недела (Аја Кирјаки), Статица (Мелас), Ново Габреш (Нео Гаврос), Езерец (Петропулаки), Сничени

[170] Од промоцијата на романот *На пат со времето* одржана во Штип на 4.12.2010 година
[171] Јоргос Сеферис, грчки поет, добитник на Нобелова награда за литература 1963 година
[172] Петре Наковски: *На пат со времето*. - Скопје: *Матица македонска*, 2010, стр. 5
[173] 1928 година во Грција бил донесен закон за промена на имињата на населените места и на топонимите

(Кастанофито), Котелци (Котили), Косинец (Иеропиги), Четирок (Месопотамија), Д`мбени, Лобаница (Агиос Димитриос), Смрдеш (Кристалопиги).

Градови: Костур (Касторија), Лерин (Флорина), Воден, Рупишта (Аргос Орестикон).

Авторот не потсетува и на градовите и селата во Јужна Албанија во кои биле сместени одведените деца, раселеното население и ранетите борци:

Градови во Албанија: Билишта, Капештица, Корча, Поградец, Елбасан, Перењас (Прењес), Драч, Сукт, Буреј.

Села во Албанија: Трестеник, Височишта, Врник, Звезда и Појан.

Топоними кои се среќаваат во романот, а се клучни за настаните кои се случуваат во тој временски период се: Леринско Поле, Преспа (Преспес), Превалот, Деволско Поле.

Планини: Лехово, Вичо, Бигла, Бела Вода, Лунsер, Баздровица, Ѓупката, Врба, Дреничето, Лисец, Моро, Чука, Орле, Одре, Синьачка, Мали Мади, Копанче, Свети Илија, Круша, Горуша, Котелска Кула, Бел Камен, Горна и Долна Арена, Чарно, Краставец, Аљавица, Пинд, Петре Пелени, Амуда, Николер.



Слика 14. Планината Орле

Реки: Морава.

Езера: Преспанско Езеро, Костурско Езеро.

Остров: Св. Ахил.

Манастири и цркви: Света Троица (Агија Тријада), Св. Петка, Св. Атанас, Св. Ѓорѓи, Св. Јован, Св. Илија.

Втор елемент со кој се потврдува дека делото има елементи на **литература на фактот** е *временската рамка и вистинските настани* кои се случувале во тој временски период. Секако тука е важно и да се спомене дека со самото присуство на авторот на посетените места каде се одвивале овие настани кои се клучни за расветлување на судбинските превирања и текови на Македонците од Егејска Македонија, се потврдуваат автентичноста на времето и настаните.

- Во селото Герман, ноември 1947 во воени услови бил отворен првиот курс за македонски учители. 80 демобилизирани момчиња и девојчиња кои имале завршено основно образование добиле наредба во време од 15 дена да научат да читаат и да пишуваат на кирилица.

- Во селото Дреново од октомври 1947 до август 1949 година од народната власт, за казна, без суд и пресуда, под присила ги собирала татковците, мајките, жените и заедно со малолетните деца на оние кои фрлиле пушка и прибегнале на другата страна.

- Пролетта, март 1948 од селото Герман четиристотини и педесет деца на возраст од две до четиринаесет години биле одведени прво во Долно Дупени, оттаму во Љубојно, а потоа со воз од Битола одведени во источноевропските земји.

- На 11 и 12 февруари 1949 била донесена наредба за заземање на Лерин. 360 мобилизирани жени од преспанските и корештанските села ги извлекувале ранетите од фронтот.

- Во селската црква Св. Недела во селото Нивици на 25 март 1949 година бил одржан Вториот конгрес на НОФ, на кој биле донесени одлуки за поголемо учество на Македонците во Граѓанската војна и дека за возврат грчките комунисти на

Македонците ќе им направеле македонска држава. Таму била направена најголемата измама за македонскиот народ.

- На 13 и 14 август 1949 година на просторот од раскрсницата пред селото Раби, грчкото воено воздухопловство фрлило 34 бомби тешки 250 килограми, 530 бомби тешки 125 килограми, 1900 бомби тешки 10 килограми, 70 напалм бомби, 620 ракети, 26 000 гранати од 20 мм, 43 000 митралески куршуми од 12,7 и 7,7 мм[174].

- Во селото Граждено се наоѓа пештера во која била сместена партизанска болница[175].

- Во селото Винени била сместена привремената демократска влада на Грција која била формирана во декември 1947 година во преспанското село Асамати. Во селото Винени се наоѓа „Пештера Захаријадис“, во која се носеле политички и воени решенија и одлуки, како на пример: „одлуките за заземање на Воден, Негуш и Лерин“.[176]

- Од 14 јуни до 22 август 1948 година траеле борбите на Грамос.

Слика 14. На ова место била главната болница на ДАГ

[174] Види: Историја на грчката граѓанска војна, стр. 533
[175] Види: Петре Наковски: *На пат со времето*. - Скопје: *Матица македонска*, 2010, стр. 50
[176] Исто, стр. 51

- Во весникот „Елефтеротипија“ од 7 јули 1959 било напишано дека во селото Тремино (Каридја) сите жители дале заклетва дека во иднина нема да зборуваат на словенски дијалект и биле посочени за пример од официјални личности.

- Во весникот „То Вима“ од 8 јули 1959 година било напишано дека славомакедонскиот јазик требало да биде забранет порано.

- Весникот „Елиникос Ворас“ од 4 август 1959 година известил дека жителите на костурското село Крија Нера (Лудово) решиле да се заколнат дека целосно ќе го забораваат тој јазик и дека ќе зборуваат на грчки.

- Во весникот „Катимерини“ од 11 август 1959 година било напишано дека во селото Атрапос (Крпешина) жителите се заколнале дека веќе нема да зборуваат на нивниот словенски дијалект.

- На патот Костур-Билишта-Корча, се наоѓа рид ограден со бодликава жица на која виси натпис „Минско поле“. Овие мини биле поставени 1949 година од минерите на ДАГ и до ден денешен никој не ги отстранил мините.

- На 24 и на 25 март 1948 организирано деца и мајки од селата Брештени, Галишта, Езерец, Новоселени, Долно Папратско, Крчишта, Косинец биле донесени во селото Лобаница.

- Ноќта меѓу 10 и 11 август 1948 владината бригада го нападнала Лисец.

- Во Корча на 26 март 1948 година биле сместени одведените деца од костурскиот крај.

- Во болницата во Корча во февруари 1948 година биле сместени 1500 ранети борци по неуспешната битка за заземање на Лерин.

- Во Прењес 1948 година било сместено македонско население од костурскиот крај.

- Во Драч од мај до крајот на ноември 1948 година во прифатилиште живееле 1600 одведени деца од костурскиот крај.

- Во Бурели, членовите на македонското раководство од страна на Захаријадис биле прогласени за непријатели и за Титови агенти, и целата вина за поразот на Граѓанската војна ја префрлил на нив.

- Од пристаништето во Драч, ранетите борци биле префрлени со бродови во полското пристаниште Швиноујшче, а потоа во болницата „250“ на островот Волин. Други бродови ранетите ги префрлале до пристаништата во Гдањск и во Шчечин.

- Со бродот „Кошчушко“ кој отпловил од Албанија на 13 јули 1949 година биле пренесени 750 ранети борци.

- Од Драч со брод биле однесени раселените од костурските и леринските села во Полска.

- Со бродот „Мичурин“ раселените од костурските и леринските села биле однесени во Ташкент.

Во романот исто така, наведувањето на имиња на *историски личности и воени и политички организации, весници* ја потврдуваат тезата за *литературата на фактот*.

Историски ликови: Порфирогенис - член на ЦК на КПГ, Грегоргијадес, Захаријадис, Тито, Сталин, Хрушчов, Болеслав Бјерут - прв секретар на ЦК на ПОРП, д-р Мјечислав Барчиковски - генерал, Кшемјен - генерал, Вацлав Комар - главен организатор и реализатор на грчката акција во Полска, д-р Богдан Беднарски - министер за здравство на тогашна Полска.

Организации: Виножито - Политичка партија на македонското малцинство во Грција, ПОРП - Полска обединета работничка партија; Илинден - народно-ослободителна и револуционерна организација на Славомакедонците, формирана од страна на Захаријадис во украинското село Крошченко во Полска; Здружение на Егејците со седиште во Скопје.

Весници: „Гласот на Костур“, „Елефтеротипија“, „То Вима“, „Елиникос Ворас“, „Глас на Егејците“.

Носечки *ликови* во романот „На пат со времето“ се авторот, Петре Наковски и неговата сопруга, Дитта Наковска, кои се претставници на колективната судбина на сите одведени деца. Патувајќи по трагите на спомените тие ги врват повторно патиштата на нивното искоренување и раселување, тие повторно ги преживуваат трагичните настани на нивното одлачување:

„Не` собраа и не` одведоа, а зад нас остана недовршената приказна во гласот на дедо и баба... И си мислевме и се прашувавме: дали таму каде што не` носат ќе има ли некој кој ќе не` погали со топла дланка како дланката на нашите мајки, ... кој ќе ни раскаже приказна, ќе ни запее приспивна песна, ќе ни избрише стежната солза? Ќе има ли нешто од нашата дома? Кога ќе се вратиме дома?... Молчејќи слегуваме на напуштениот друм и пеш го поминуваме патот што некогаш беше пат на разделба“.[177] Карактеристично е и тоа што иако целта на авторот е да ги посети сите клучни места каде се одвивале настаните за време на Граѓанската војна во Грција, и од мракот на заборавот „да ги спасат делчињата од големата целина на човековите патила,“[178] во своите забелешки, а и подоцна во романот дал автентичен опис на убавините на природата, опис на селата, на градовите, на современите текови, на односот на луѓето кон нив. Авторот особено се осврнал на употребата на македонскиот народен говор кој се говори во Лерин, но „тивко и внимателно и само во свое друштво“.[179]

И при нивната посета на Јужна Албанија, тој дал автентичен опис на градовите, на современите градби, патишта, но и на односот на Албанците кон нив, на нивното гостопримство, обичаи.

„Која ли од овие куќи е куќата во која ме прифатија непознати луѓе од кои секогаш зрачеше топлина, блага насмевка и многу добрина. На која врата да тропнам?

Авторот дознал дека куќата во која бил згрижен како дете била урната и дека таму на тоа место поминува улица, па во својот роман ја искажува својата благодарност кон тие, како што ги нарекува „моите добри ангели“[180] и жали што не успеал да им се заблагодари, велејќи: „Во себе ја носев големата желба да одам во Корча и на тие луѓе на нивниот јазик да им речам - faleminderit и на мојот: благодарам!“[181]

[177] Петре Наковски: *На пат со времето*. - Скопје: *Матица македонска*, 2010, стр.105 и 106
[178] Исто, стр. 10
[179] Исто, стр.12
[180] Исто, стр.136
[181] Исто, стр.136

Трет елемент со кој се потврдува дека делото има елементи на **литература на фактот**, покрај авторот и неговата сопруга, се и вистинските ликови на: Коле, Мита, поп Стерјо, Лена, Стојна, Стефо, Доне, Лефтерис и други.

Сведоштвата на овие ликови се документ за неразумната војна, за трагичната судбина на растурените семејства, за раздомеността, за човечко достоинство и издржливост. Романот е компониран како систем од раскажувања, кои заемно се надополнуваат, а дејствијата се поврзуваат низ преплетените искажувања на сведоците на овие бурни времиња. Низ овие ликови се претставени децата одведени и одделени од родителите, раздомените и учесниците во војната. Секој од нив носи свои сеќавања, носи преотоварени спомени кои се длабоко врежани, преку чии судбини е претставена и судбината на колективот. Во романот ги откриваме психолошките длабочини на овие ликови кои се носители на мачни судбини, прогонети, разделени, меѓутоа продолжуваат да траат во и низ времето. Авторот сликовито ги гради ликовите, а тоа се темели врз нивните сведоштва, конкретни животни ситуации, драматика, и е доследен на вистината.

Коле е дете одведено и одделено од своите родители и детството и дел од животот го поминал во Полска. Низ потресното сведоштво не` запознава со неговата судбина која е судбина на сите деца одведени за време на Граѓанската војна.

„Кога ја преминавме границата и кога до нас не допираа експлозиите на бомбите и не се слушаше бучавата на авионите, тогаш почувствував голема празнина. И болка. Тогаш сфатив колку боли принудното напуштање на сопствената куќа... И сфатив дека за нас патишта веќе не постоеја, освен патиштата што водеа кон нашето искоренување...[182]

Коле, некогашно овчарче од Герман, раскажува дека во Полска бил сместен во дом, дека таму државата му овозможила да се образува, и дека завршил основно, гимназија и факултет и како градежен инженер се вратил со семејството во Македонија и учествувал во изградбата на многу објекти, како: Архивот на Македонија, Институтот за национална историја, Народна и универзитетска библиотека и други, со што и се потврдува дека Република Полска се вложила во воспитување и образување на децата кои биле сместени во детските домови. За ова,

[182] Исто, стр. 44

опсежни податоци наоѓаме во политиколошката студија „Македонски деца во Полска (1948-1968) од д-р Петре Наковски.

Од сведоштвата на Мита и Лена, партизанки која се бореле во редовите на ДАГ, дознаваме за борбите на Грамос, за херојството на борците, за тешките климатски и воени услови, за силниот дух и големата физичка издржливост на Македонците. Тие низ солзи му раскажувале на авторот за изгубената младост, за сликите кои длабоко во себе, во својата свест и паметење ги чувале како неизлечива рана.

„Си спомнувам, шеесеттиот ден падна наредба да се повлечеме на нови позиции. Беа последните. Зад нас веќе беше Албанија. Вечерта се изброивме. Од 460 борци, момчиња и девојчиња на возраст од 16 до 22 години, колку што броеше нашиот баталјон пред да почне битката, живи останавме само 95 од кои 60 беа ранети. Кого прво да преврзеш, кого да пренесеш? Некои ни се оладуваа во прегратките...“[183] Со ова се потврдува високото чувство, величината, храброста и решителност на македонските девојки во извршување на борбените задачи.

На стр.108-109 наоѓаме список на села со наведено бројки на мобилизирани и загинати борци, што многу сликовито зборуваат за големината на дадените жртви.
Од сведоштвото на деведесетгодишниот борец и шофер Стефо дознаваме за тешката судбина на ранетите борци кој ги превезувал во болниците. Тој секојдневно се соочувал со лицата на тие млади борци, осакатени од борбите.

„Скришум бришев солзи кога по некој ден, по некоја недела, ретко по некој месец, многу од тие исти момчиња и девојки ги носев во истите болници и од нив дознавав кого веќе нема. Дали се жалеа? Дали се превиткуваа од болка? Дали молеа?[184]

Одговор на овие прашања деведесетгодишниот Стефо не добил. Но, во неговите сеќавања никогаш не избледеле сликите од лицата на ранетите борци и на оние кои не ја преживеале војната.

Доне е дете одведено во романскиот град Синаја и сместено во детски дом. Тој сведочи дека бил едно од триста и педесетте деца кои биле вратени во Прењес

[183] Исто, стр. 87
[184] Исто, стр. 221

како деца борци за потребите на ДАГ. Сеќавањата на тоа време воопшто не избледеле и тој на авторот многу подродбно, со многу чувства му ги пренесува настаните. Во војната не учествувале благодарение на протестот организиран од страна на родителите.

„И сега, во одминати години, честопати се потсетувам на тоа што го доживеав во Прењес. И ги гледам камионите, толпата растрчани, развикани и расплакани луѓе, ги слушам викотниците, лелеците, плачот, колнежите... Се гледам себе како чувам стража. Како ноќе во ниедно време ги изнесувавме мртвите од бараките и коњушниците и во мракот ги закопувавме во плитки гробови... Точно, токму така беше...Така беше и добро е да е запишано..."[185]

Да забележиме дека и Доне и другите деца од Прењес биле префрлени со авион во Полска. „Таму Полјаците не` седнаа во школска клупа и ни рекоа дека со учење ќе го совладаме светот". [186]

Сликовито, но и трагично е раскажувањето на костурскиот селанец, долгогодишен затвореник, кој отвора душа и раскажува за полициските малтретирања и од запрашените рафтови извлекува исечоци од грчки весници во кои се опишани заклетвите што под принуда морале да ги даваат Македонците пред официјалните власти дека нема повеќе да го зборуваат македонскиот јазик, туку само и единствено грчкиот.

Од сведоштвото на поп Стерјо дознаваме за селото и настаните од неговото минато, поточно за настанот за кој како што вели: „само старците потајно зборуваат". [187]

Имено, тој сведочи дека 1905 година на 17 март грчките паликарја влегле во селото да бараат војводи, но удриле да ги пљачкосуваат куќите и да бараат злато.

Поп Стерјо раскажува дека земале шестмина мажи, ги мачеле, им ги посекле вратните жили и ги оставиле да искрваваат до смрт. Селаните ги погребале ноќе и никој надвор од селото не го кажувал местото на нивната вечна почивка: „Како се викаат секој во селото ќе ви кажи, а за тоа каде се погребани, секој во уста држи вода.

[185] Петре Наковски: *На пат со времето*. - Скопје: *Матица македонска*, 2010, стр.180
[186] Исто, стр.179
[187] Исто, стр. 90

Слика 15. На ова место се погребани селаните кои
на 17 март 1905 биле заклани од страна на грчките полицајци
(На сликата: поп Стерјо и неговата ќерка Дитта)

Не се кажува зашто некој ќе дојди и ќе го испогани местото на вечната почивка. Ете, сто години поминаа и никој не им го помати сонот“.[188] Во долгиот разговор на авторот со поп Стерјо и многуте сведоштва за тоа време, а особено за одведувањето на децата карактеристичен е исказот на поп Стерјо: „- А што си мислеше дека ако не би ги собрале децата, зарем во Езерец немаше да има гимназија? Ќе имаше и тоа поголема од таа во Ошени, туку некој умеше тука да нема гимназија“.[189]

И за споменување се секако долгите разговори на авторот и размислувањата на поп Стерјо за сегашната состојба на Македонија и за нејзиното опстојување: „- Ами како ќе живее таа држава која е толку малечка и сиромашна?... Ами, дедо попе - му велам полека и тивко - таа сега ти е како едно малечко осамено и сиромашно мече... - Што?! - подвикна со тон на големо изненадување. - Велиш малечко мече? Мече, а? Па тоа ќе порасне и еден ден ќе биде мечка!... - Ами што да се прави, дедо попе, и мечињата си растат...“[190]

[188] Исто, стр.91
[189] Исто, стр. 92
[190] Исто, стр. 92

Лефтерис е бегалец, донесен заедно со неговото семејство од Турција во костурскиот крај. Тие се „просвиги“[191] и им била доделена земја за работење која некогаш припаѓала на некое македонско семејство. Овој вистински лик е за споменување затоа што и тој за куќата во која живеел со семејството не викал дека е дом: „... како да градиш куќа на не свое место“.[192]

„Имено, за некои групи луѓе – како што се жртвите, бегалците, мигрантите, субалтерните – сеќавањата играат особено важна улога во легитимирањето токму на нивниот прашален (оти е стриктно транзитен) идентитет. Но, правото на сеќавање, за жал, не се стекнува праволиниски, здраво за готово, туку оди во корелација со социо-политичката, односно социо-културната моќ да се зборува за нечие искуство со својот сопствен глас и во свое име!“[193]

Низ поединечните раскажувања и сведоштва се гради колективното сведоштво. Животните приказни врз чија основа се темели и овој роман се претставени како патување низ времето и просторот со почетна и крајна точка. Крајот на нивното патување не е враќање дома во родниот крај. Со ова се потврдува дека Наковски е неуморен истражувач во разоткривањето на трагичноста на судбините на овој дел од македонската нација.

За споменување се и ликовите на Тахир и на Исмет и Марјета од Албанија, на кои наишол авторот и кои му помогнале да ги пронајде местата кои се поврзани со настаните од Граѓанската војна во Грција.

Четврт елемент со кој се потврдува дека делото има елементи на **литература на фактот** е заеднички *код* на Македонците, „традиционалното што се именува како симбол“[194], а тоа е славење *имендени и слави на традиционалните македонски православни празници*: Велигден, Голема Богородица. Карактеристично е тоа што иако раздомени, Македонците и во туѓите земји не ги заборавиле адетите и ги почитувале празниците и *белезите* на македонската домашна традиција. Ова се забележува и од сведоштвото на Стојна која вели: „...како по нашиот домашен обичај, во набрзо соплетените сапетки, стававме варена пченица, лепчиња, по нешто

[191] бегалци
[192] Петре Наковски: *На пат со времето*. - Скопје: *Матица македонска*, 2010, стр. 67
[193] http://www.blesok.com.mk/tekst.asp?lang=mac&tekst=1033(Елизабета Шелева: *Романот како филозофија на сеќавањето)*
[194] Види: Венко Андоновски: *Абдукција на теоријата*. - Скопје, *Галикул*, 2011, стр. 176

од овошјето и одевме од човек до човек и раздававме за душа... ги оплакувавме нашите, ги оплакувавме и мртвите и живите и себе си. Немавме поп да отпее, а црквите и гробиштата беа католички...“. Со ова се потврдува трогателниот автентизам на животот и обичаите. Како вреден *доказ* за борбениот дух на Македонецот се *македонски народни борбени песни*: Во борба, во борба македонски народе, Напред, напред Македонци!

И во овој роман целта на авторот е да го сочува најмалиот детаљ за *вистината* и трагиката на тоа време. Сведоштвата на ликовите претставуваат извор на *факти*, реалност земена од секојдневниот живот и од времето во кое живеат со што се потврдува битот на Македонците.

Во романот среќаваме и *презимиња на фамилии*: Нановци, Дамовци, Наковци, Пудовци, Ласкини, Поповци, Доновци, Љаповци, Пеновци, Шкокловци, Трајковци, Пандовци, Фиљовци, Гуљовци.

Авторот во делото користи *македонски литературен јазик*, но делото е збогатено и со автентични искази и зборови од *костурски говор*, односно тој веродостојно ги презентира исказите на сведоците и сведоштвата врз кои се темели и овој роман , се` со цел за да ја долови *автентичноста на местото и јазикот*: кадро, грцки, пееш, пули, зак`лнаме, зборваме, ка поминате, шо сторите, клај да јајме и други. За да ја долови *автентичноста на просторот, на времето и на приликите* авторот во романот користи и *грчки и албански зборови и изрази*: Стин патрида тус пигенун... Сто патрико тус хома! Еци, ден ине? Вале, триа кафедаќа, Милате елиника? Едо ине Елада... Авто то глоса на ми то милате. На милате то елиника. Мир дита, фалеминдерит, нане, мир.

Анализираното дело е облагородено со *симболика*: насловот на романот и на сликата на насловната страница на која е претставен запален оган во фенерчето ја симболизира вечноста, топлината, животот, а авторот ја поврзува со судбината на колективот, каменот - родната земја, *иконата, зборот, говорот*, изнесени во делото се симбол на траење, опстојување на нацијата и молитвата - лично верско доживување во чија основа лежи навраќање со мислата кон Бога или кон друг предмет на култ во состојба на обожување и восхит. *Симболика* наоѓаме и во исказите на авторот и поп Стерјо кога зборуваат за Македонија: „Велиш малечко

мече? Мече, а? Па тоа ќе порасне и еден ден ќе биде мечка!... - Ами што да се прави, дедо попе, и мечињата си растат..."[195]

Во врска со симболиката Роланд Барт има истакнато: „... симболот останува, трае, но тоа што се менува - со промената на општествената структура - е неговото толкување".[196]

Авторот се карактеризира со прецизност во неговото искажување. Романот е исполнет со сензибилни доживувања: емоции и рефлексии, преку кои би рекле идеално ја изразува *литературата на фактот* изнесена во делото.

Наковски е творец на уметничко сведоштво во кое тој на оригинален начин навлегува во срцевината на *вистината,* открива конкретна, вистинита слика за раздомените, исполнети со спомени и со празнина во душите. Поврзано со претходното Раде Силјан во рецензијата за романот „На пат со времето" ќе напише:

„Низ документарен отслик, Наковски ги расветлува настаните и прикажува широка слика на судбоносните денови, а преку вткајување на судбините на одделни личности успева да ги протолкува внатрешните доживувања, траумите и страдањата кои стануваат збир од колективната трагедија".[197]

Елементите на **литературата на фактот** носат најмногу знаења за животот на Македонците и нивната судбина што се потврдува со содржината на анализираното дело. Овој роман на Наковски трајно и преку записот на неговите страници за да остане незаборавено, ја фиксира вистината и претставува заклучок на сите негови претходни романи.

На крајот од романот авторот прашува:

„ - Што ни остана нам и на идните поколенија? Само ли неизгаслива желба и пораката тоа што се случило на тие патишта во времето-невреме да не се избрише од нашето паметење?"[198]

[195] Петре Наковски: *На пат со времето*. - Скопје: *Матица македонска*, 2010, стр. 92
[196] Зоран Константиновиќ, Увод у упоредно проучавање књижевности, Београд, 1984, стр. 149
[197] Рецензија од Раде Силјан за романот *На пат со времето* од Петре Наковски
[198] Петре Наковски: *На пат со времето*. - Скопје: *Матица македонска*, 2010, стр. 260

Слика 16. Петре Наковски (со сопругата Дитта Наковска) повторно се вратил во Полска 1995 година како прв амбасадор на Република Македонија во Република Полска

Авторот на идните генерации, им остава аманет да си го знаат коренот, да проучуваат и пренесуваат понатаму, тоа што било да не се заборави, со една единствена цел: никогаш да не се повтори.

6. СТАТУСОТ НА ТВОРЕШТВОТО НА ПЕТРЕ НАКОВСКИ ВО КОНТЕКСТ НА МАКЕДОНСКА КРИТИКА И СОВРЕМЕНАТА МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА

Со пишување Наковски почна да се занимава како средношколец. Своите поетски творби ги објави на страниците на емигрантскиот весник „Демократ“ што излегуваше на македонски јазик во Вроцлав, а во Република Македонија првите избори поезија му беа објавени во „Современост“ (1957) и во „Разгледи“ - пет песни под еден наслов (1962). Потоа, објавуваше раскази во дневниот печат и периодиката (прв расказ „Таа не дојде“ - објавен во „Нова Македонија, 1963 год).

Како автор на првиот свој роман „Постела за чемерните“, Наковски се јавува во 1985 година. Во 1987 му е објавен докторатот „Македонските деца во Полска 1948-1968“, во 1988 романот „И каменот е земја“, во 2003 романот „Големата удолница“, во 2007 романот „Големата измама“, во 2008 двојазичното издание на документи за Македонски бегалци во Полска 1948-1975 и во 2010 романот „На пат со времето“.

Покрај звањето дипломиран професор по македонски јазик, Наковски е доктор по политички науки. Докторатот на тема „Македонски деца во Полска 1948-1968“ го одбрани на 22 ноември 1985 година во Институтот за политички науки при универзитетот „Болеслав Бјерут“ во Вроцлав – Полска.

Наковски е член на Друштвото на писателите на Македонија од 1989 година. Добитник е на наградите: „Златно перо“ и „Кирил Пејчиновиќ“.

Романите „Големата измама“ во 2011 година и „На пат со времето“ во 2012 како и двојазичното издание на документи за „Македонските бегалци во Полска 1948-1975“ се преведени на англиски јазик од Ристо Стефов од Канада.

Посебна популарност, значење и книжевно - историска тежина Наковски понесе со својата преведувачка работа. Истовремено активно работеше на преводи од полски на македонски јазик.

Во изминатите години Наковски упорно и доследно ја афирмираше македонската литература во Полска. Во полската литературна периодика има објавено преводи од поезијата на: Блаже Конески, Славко Јаневски, Ацо Шопов, Матеја Матевски, Анте Поповски, Гане Тодоровски, Јован Павловски, Трајан Петровски и други македонски поети. Во неколку наврати по негова иницијатива и активно учество како медијатор и преведувач, реципрочно се објавени целосни

броеви на полски и на македонски месечни литературни списанија, меѓу кои „Современост“ и „Културен живот“.

Во 1974 година во негов избор во Краков беше објавена антологија на македонската современа поезија под наслов „Песни од Охрид“. Со негово ангажирање и негови лингвистички преводи од македонски на полски јазик (филолошки обработени од голем број полски поети) беа објавени избори од поезијата на Блаже Конески, Матеја Матевски, Анте Поповски, Петре Бакевски, панорама на македонската поезија „Црвени гроздови“ и во негов избор и превод на полски - песни од Раде Силјан „Траги на времето“. Треба да се одбележи и фактот дека Наковски беше и иницијатор и посредник при воспоставување контакти и соработка меѓу македонските и полските театри. Значајно е да се истакне, дека во негов превод, а во режија на Љубиша Георгиевски во театарот Виспјањски во Катовице - Полска, во 1973 година беше поставена драмата „Црнила“ од Коле Чашуле.

Тој во моментот се` уште е најплодниот преведувач на полската литература на македонски јазик. Во неговиот преведувачки опус се вбројуваат четириесет дела од полската класична и современа литература, меѓу кои се полските литературни творци, како: Мицкјевич, Сјенкјевич, Прус, Жеромски, Рејмонт, Домбровска, Гомбрович, Шимборска, Војтила (Папата Јован Павле Втори), Твардовски, Ружевич (добитник на Златен венец на Струшките вечери на поезијата), Мрожек, Гжешчак, Херберт и др.

Севкупната преведувачка и афирмативна активност на Наковски полската држава високо ја оцени, наградувајќи го со редица признанија и одликувања, меѓу кои:

- Орден заслужен за полската култура (Министерство за култура на Народна Република Полска, Варшава, 29.9.1976);
- Почесно одликување на Здружението на полските автори “ZAIKS” (Варшава, 1. 10. 1980);
- Орден за заслуги – Krzyż Komandorski Orderu Zasługi Rzeczypospolitej Polskiej (Варшава, 9.9. 1999);

- Орден “BENE MERITO” (Варшава, 12. 5. 2010).

Во својот вознесен творечки пат Наковски со подеднаков жар, знаење, возбуда и прелест им се посвети на романот, преводот, публицистиката и дипломатијата и остави дела за почит и за пофалба на целата македонска литература, како и за нејзина афирмација надвор од границите.

Трпелив и прониклив, љубопитен, понесен од магијата на јазикот и од трагиката на историските собитија, посебно од траумата што ја остави Граѓанската војна во Грција, Наковски со своите книжевни дела веќе има освоено високо и заслужено место во македонската современа литература.

Овој темелен автор на современата македонска литература и` остави завидна височина на книжевниот израз, стил и литературно-историска уверливост за што се огласија редица македонски литературни критичари меѓу кои: Димитар Солев, академик Гане Тодоровски, Трајан Петровски, Паскал Гилевски, Бранко Цветкоски, Евтим Клетников, Раде Силјан, Петре Бакевски.

Професорот Гане Тодоровски во далечната 1962 година за почетоците на поезијата на Наковски напишал дека тој е еден од многуте Македонци, кои виорите на Граѓанската војна во Грција ги расфрла по светот уште како деца, за да се талкаат како туѓинци, без родна стреа, за да го загнездат во себе како вечен копнеж непресушното тагување по татковината, таа нивна непреболка, таа жива рана на срцето, тој незбиднат сон. При тоа истакнал:

„ И поезијата што ја пишува овој млад човек показ е на таа болка, нестивната и врела и мошне актуелна токму денеска кога од многу страни се поткрева како зловесто сениште повампирената стрв на недобрососедските антимакедонски акции (...) Фактот што еден млад учител од Полице кај Шчечин во Полска и уште многумина чинат сериозен напор да се остварат на тој јазик и како постоење и како прилог кон литературата на својата земја, доволен е да биде и одговор и доказ за непоколебливоста на Македонецот (...)“[199]

[199] Разгледи: *Кон песните на Петре Наковски*. - Скопје: *Нова Македонија*, 1962 г. стр.561

За романот „Постела за чемерните“ професорот Гане Тодоровски дал висока оценка. Имено, тој во дописот до Наковски, напишал:

„Другарче,

Го дочитав пред некој ден твојот прекрасен роман „Постела за чемерните“ - ми се допадна горчината на финалето!...[200]

За романот „Постела за чемерните“ професорот Гане Тодорвски се произнел и во подолгата расправа под наслов „Егејска тема во современиот македонски роман“ како предавање, одржано пред слушателите на 20. Семинар за македонски јазик, литература и култура во Охрид , на 12 август 1987 година во која за романот на Наковски меѓу другото, го искажал следново:

(...) „Горчлив и тажников е зборот на оваа *изворна проза*. Пак ни открива драгоцен белетристички потенцијал и како дебитантска книга на овој автор не` убедува дека ова не е само најава на нов романсиер во нашата литература, туку дека е резултат со кој можат да бидат задоволни и читателите со попрефинет вкус (...) “[201]

Димитар Солев во својата рецензија за романот „Постела за чемерните“ дава посебен осврт на ликовите во романот кои ги претставува како раскажувачи, преку текот на нивното искажување, при што множењето на раскажувачите може да продолжи додека авторот останува исто неприкосновен, а затскриен.

„Со такви планови или степени во раскажувањето, во кои се сместени сите раскажувачи освен авторот, Петре Наковски како романсиер постигнува еден релативно хармоничен систем на кажувањето или раскажување по систем армоника. Таа организација на нарацијата, свртена кон одредена тематика и одреден период, а врзана со една единствена идеја, го одржува овој роман во една специфична композициона кохерентност (...)

(...) При ова, треба да се одбележи дека Петре Наковски е очигледен приврзаник на **литературата на фактите**. Тенденција во современата раскажувачка култура, која бара нова рамнотежа меѓу фактографијата и имагинацијата. Поаѓајќи од животниот податок, кој има карактер на документ или на факт, таа си ја дозволува

[200] Види: Белешка во ракопис од Гане Тодоровски, напишана на 21.1.1986 год.
[201] ДПМ: *Стожер*. - Скопје: РИ-Графика , 2004, стр. 42

слободата нив да ги реди, да ги преплетува, да ги вкрстува, да ги комбинира - се` околу основната идеја. Но, и во **литературата на фактите**, фактот е повод, а авторот е творец.

Што се однесува до фактографијата, во „Постела за чемерните“ се чини дека се` е автентично - од имињата на местата, преку именувањето на времето, писмата на војниците и пусулчињата на до раселените, до имињата на луѓето. Што се однесува до идејата, таа е симболично кажана и во самиот наслов, а и на неколку други изричити или метафорични места: „Нашинците, Македонците, имаат повеќе татковини или барем се бијат под туѓи знамиња„ (Нуме). „Нашиот камен се истркала и трева веќе не фаќа“ (Пандо).

Надоврзувајќи се на егејската тема во современата македонска литература, првиот роман на Петре Наковски се чини дека вградува свој придонес во нејзината инспиративност и во нејзината вредност...[202]

За романот „Големата удолница“, професорот Гане Тодоровски под насловот *Успешна епска синтеза* го искажува своето размислување за содржината и пораката што ја носи романот:

„Големата удолница“ на Петрета Наковски е една страотна алегорија за историскиот наш пад прудолу – паѓање ли ни е во некоја метафорична бездна или е тоа само грд привид на историски преплашен народ кому никој од се` срце не му подал рака за прикрепа, барем досега? Не се ова панични прашања што можат да никнат по едно прво или едно второ читање на впечатливи дела каков што е романот на Петре Наковски насловен умислено со престрога симболика. Добра е онаа книга што нема да те остави мирно да спиеш. Грозоморен не е само насловот на книгата за сликовит пат прудолу. Грозна ни е нам историјата, со која, како што ни се чини, на само по прочитот на оваа книга, командува, наложува, заповеда менталитет врамен во непоправлив наивитет, во историското проклетство и во хередиторно хазардерство со среќата. (...) Оттука првиот коментар во нашиот краток разговор за романот „Големата удолница“ на Петре Наковски треба да се држи јасна категоричност и треба да се соопшти дека македонската современа литература, во и

[202] Петре Наковски: Постела за чемерните. - Скопје: Култура, 1983 год.

областа на прозната белетристика, се здобила, се зголемила, се збогатила со дело од посебно значење! (...) добивме белетристичко дело што е извишува на самоти врв на критичкиот реализам во нашата прозна белетристика. (...) Добро е да се чита и препрочитува овој роман, ова прекрасно литературно четиво, пренатрупано со македонски болештини (...) Мошне успешни се проникнувањата во психологијата на Македонецот од костурскиот крај. Наковски е суптилен опсерватор на душата и на резоните на нашите луѓе. Супериорноста на неговата нараторска грациозност се надополнува со умеењето да ги стеснува во една жива рамка и иронијата и горчината и грубата вистина за луѓето и времето што ги опишува (...) Романот на Петре Наковски е дело на даровит и добро подготвен литерат низ кое се ткае допадлива и успешна епска синтеза на литература, публицистика и историографија. Но, ова дело не е летопис, ова е крвопис, со доловен до сите сетила (како низ синестазија) звук на претсмртна издишка на Македонија (...)

(...) И добро е да се знае дека на крајот од романот авторот ставил белешка во курзив - наместо остра предупреда - „ова не е крајот“- точно така. Ова не е крајот, бидејќи македонските црнила немаат крај (...) [203]

Во рецензијата по повод излегувањето од печат на романот „Големата удолница“, Бранко Цветковски смета дека Петре Наковски со своето дело „Големата удолница“, на неповторлив начин, со високо чувство за хармонизирање на историската трагика и реалната животна агонија на македонските беломорци, ја романизира голготата и годините на самопожртвување во името на слободата, националното и индивидуалното достоинство.

Тој го издвојува овој роман како најуспешен роман на Наковски, кој изобилува со сцени и хроники на суровост, насилство, безочност, понижувања и предавства... со импресивни ликови и драматични собитија.

„Овој роман, исто така, е респективна авторска реплика на историското касапење во 1948 и 1949 година, морален бунт против “стапицата” која прокомунистичките грчки генерали и тогашните комунистички земји им ја наместија

[203] „Стожер“ , ДПМ, РИ-Графика, Скопје,2004, стр. 44

на македонските егејски испосници по својата мечтаена татковина, по својот олтар на автокефалноста...“[204]

Бранко Цветковски дал висока оценка за романот „Големата измама“ од Петре Наковски. Имено, тој смета дека со овој роман Наковски ја започнал романсиерската сага за трагедијата на Македонците од Егејот во текот на Граѓанската војна во Грција. Романот ја продолжува тешката рана на поразот и ја возвишува писателската храброст за откривањето на вистината. „Романот што го имате в раце е книжевно продолжение на истражувањата во истото историско и житејско беспатие, во истото национално и идеолошко мачилиште, во истото психолошко огниште на изгубените и изневерените илузии на индивидуата...

Страниците на ова белетристичко сведоштво го цементираат сознанието дека комунистичките челници на ДАГ и на тогашните највлијателни компартии целосно го изманипулирале и безочно го искасапиле македонското верување во елементарната човечка и Божја волја на суштестувавањето според принципот на самоопределување. Наковски ги жигосува историските протагонисти на злосторот и им заблазнува на безимените воини кои остануваат во длабоките јами на егејската земја. Крајот на ова дело најавува ново продолжение кое можеби ќе ја заокружи најуверливата трилогија за оваа непреболена тема во македонската историја“.[205]

Во рецензијата за романот „На пат со времето“, Раде Силјан истакнува дека делото е проткаена со личните доживувања на авторот, како и со сведоштва на бројни живи сведоци и го опфаќа времето од крајот на Граѓанската војна во Грција, па се` до денешни денови. Тој смета дека авторот со едноставни описи ги опишува времето и луѓето кои се принудени да ги остават родните огништа и по разни патишта осакатени визички и психички да се прашуваат каде ги водат и каде им е татковината. „Низ документарен отслик, Наковски ги расветлува настаните и прикажува широка слика на судбоносните денови, а преку вткајување на судбините на одделни личности успева да ги протолкува внатрешните доживувања, траумите и страдањата кои стануваат збир на колективна трагедија.

[204] Петре Наковски: *Големата удолница*. -Скопје: *Макавеј*, 2003 год.
[205] Петре Наковски: *Големата измама*. - Скопје: *Макавеј,* 2007 год.

Во оваа возбудливо дело авторот говори за трагични настани поврзани со преселбите. Плипот од тревожни спомени проблеснува во оваа документрна проза, со автентичните кажувања на лица кои лично ја доживеале голготата на Граѓанската војна во Грција“.[206]

За Наковски и неговите дела доста е пишувано и зборувано во пишаните и телевизиските медиуми. За темата која ја обработува и за издавањето на неговите дела сведочат и зачуваните исечоци од дневните весници: „Вечер“, „Нова Македонија“, неделниот весник „Огледало“, списанието на Матицата на иселениците од Македонија - „Македонија“, неделникот „Екран“, „Стожер“, „8 Novosti (31.10.1985 година) весник во кој се издвојува книгата „Постела за чемерните“ како бестселер за Скопје, Македонија, српскиот весник „Борба“ (6.7.1988), полскиот весник „Да и не“(1985) во кој е објавен фрагмент од романот „Постела за чемерните“ во превод на Ева Свижевска, како и гостувања во Радио Скопје и ТВ Скопје.

Исто така во весникот „Нова Македонија“ од 18.2.1986 година, во статијата „Најбарани книги... и плочи“ пишува: „Како што не информираа во книжарницата бр.1, на „Култура“ најбарана книга во текот на јануари беше „Постела за чемерните“ на Петре Наковски (700 динари)“.[207]

Покрај застапеноста во пишаните медиуми, романите на Наковски се поставени и на театарска сцена.

На 4 јули 1988 година во *Салонот 19.19* при Центарот за култура и информации во Скопје, во чест на манифестацијата „Средба на децата бегалци од Егејскиот дел на Македонија“, беше изведен монодрамскиот приказ „Егејска фуга“, работен според романот „Постела за чемерните“ на Петре Наковски. Улогите ги толкуваа артистите: Вукан Диневски и Душко Ѓоргиоски.

На 11 септември 1989 година во режија на Душко Ѓорѓиоски, на првата програма на Радио Скопје во 21.03 часот е емитувана радиодрамата „Постела за

[206] Петре Наковски: *На пат со времето*. - Скопје: *Матица македонска*, 2010 год.
[207] Види: Нова Македонија, 18.2.1986 год.

чемерните“, а во главните улоги настапуваа: Вукан Диневски, Јоана Поповска, Петар Арсовски и др.

За творештво на Наковски сведочат материјалите во ракопис сочувани во 20 тетратки во кои авторот четириесетина години ги запишувал своите размислувања и оценки за опишаните настани; извадоци од воени мемоари чии автори се поранешни команданти на ДАГ и на Грчката национална армија; извадоци од архивски материјали, белешки од разговори со живи учесници во настаните, врз чија основа се конструирани сите романи.

7. ЗАКЛУЧОЦИ

Сумирајќи ги на крајот од овој труд најважните сознанија од проучувањето на литературата на фактот во романите на Петре Наковски, истите можеме да ги систематизираме во вид на **заклучоци**:

1. Сите романи на Наковски содржат елементи на *литературата на фактот*. Неговите романи се однесуваат на периодот пред и за време на Граѓанската војна во Грција, во нив нема литературна фикција. Најсуштински во нив е вистината базирана врз историски настани, сведоштва, документи и документарни знаења преземени од архивски, медиумски или историографски извори. Романите како претставници на литературата на фактот се раскажани од авторот кој учествувал во настаните и изворно е информиран. Во романите на Наковски се испреплетува *документот* и *уметничкото раскажување* во литературниот отслик на Граѓанската војна.

2. Петте романи на Наковски *тематски* се однесуваат на *националната, историската, воената, политичката и егзистенцијалната* драма на Македонците од Егејскиот дел на Македонија. Сите се книжевни хронотопи и ги претставуваат *временските и просторните* врски низ кои се проткаени дејствата. Опишаното време во кое се случуваат настаните е сместено во временски граници. Сите факти и опишани настани во романите се подредени *хронолошки*, освен во романот-репортажа „На пат со времето“, каде што фактите и настаните се подредени *ретроспективно*. Временски, романите го опфаќаат периодот од мај-јуни 1947 до август 1949 година, освен во романот „На пат со времето“, дејството временски се одвива во сегашноста и претставува соочување со спомените по 61 година.

3. Во однос на *содржината*, во романите се опфатени сите клучни моменти во кои се опишува *големото зло* што на Македонците им го донела *граѓанската војна*. Наковски е одличен познавач на приликите и со многу знаење на оригинален начин навлегува во срцевината на војната и во болката на населението, поединечна и колективна, поврзана со колективно иселување и раселување. Неговите романи се *осуда на војната и на нејзиниот уништувачки карактер*. Мошне сликовито следи еден хронолошки пат, внесува драматичност во описите, сцени на суровост,

жестокост и низ нив нижи градација на чувства. Тој ги преточува во емотивни слики вистините од сведоштвата и ги опишува реалните факти и случувања за тешките доживувања и личните трауми на селаните од костурскиот крај. Неговите романи ја носат тешката и сурова вистина за Македонците испадени од родните огништа, за систематската и организирана акција за одведување на децата во источните земји која довела до урнисување на македонското семејство, за учеството на населението во војната, за загинувањето на борците, за мобилизацијата на децата на возраст од 15-16 години како резерва на ДАГ, за мобилизацијата на младите во редовите на ДАГ, за *воената и политичка измама* за искоренувањето на Македонците од Егејскиот дел на Македонија...

4. Во сите романи е застапена *автентичноста на просторот, имињата на населените места, топонимите*, како елемент на **литературата на фактот**. Дејствата во романите се случуваат во Егејска Македонија, во костурскиот крај и во Јужна Албанија. Авторот ги употребува македонските (вековните) имиња со невообичаено точна топографија на селата, градовите, планините, реките, ги употребува македонските имиња со единствена цел да останат како сведоштво во поединечната и во колективната меморија. Иако денес сите овие села, планини, топоними, реки, грчката држава со закон ги има погрчено, односно ги има преименувано со грчки имиња, од романите ги дознаваме вистинските имиња на местата во Егејска Македонија со што го збогатуваме своето знаење за минатото, за историјата и само така запишано ќе биде сочувано во олтарот на националната меморија.

5. Авторот преку својата нарација во романите хронолошки ги изнесува сите *вистински настани* кои се случувале и оставиле траен белег врз судбината на Македонците. Прецизно го запазува хронолошкиот ред на романсиерското дејство и ги опишува случувањата кои довеле до уништувањето на македонското семејство и присилното иселување од родните огништа, ја потврдува големата измама што била направена врз македонскиот народ, ги опишува настаните кои се клучни за расветлување на судбинските превирања и текови на Македонците од Егејска Македонија. Сите опишани настани Наковски ги темели врз: *документи, мемоари,*

сведоштва на живи учесници, архивски документи, исечоци од весници и списанија, белешки, со што се потврдува дека неговите романи се базирани врз вистински настани и истите се автентично претставени. Исто така, со наведувањето на имиња на: *логори, на историски личности, воени и политички организации, весници, химни и песни* се потврдува тезата за **литературата на фактот**.

6. *Романите се сведоштво, учебник по историја* за македонското минато, документарен приказ, бидејќи низ долгогодишно истражување, авторот прецизно во своите романи ги внел воени позиции кои се однесуваат на борбениот сектор на чии коти се одвивале најтешките и одлучувачки борби, дал целосна слика на подготовките на дивизиите, бригадите, баталјоните, резервите, борбените активности на артилеријата, тенковите, военото воздухопловство на владината војска за напад на војската ДАГ.

7. *Сите ликови во романите се вистински* и авторот дејствата покрај историските факти ги темели и врз сведоштвата на опишаните ликови кои се претставници на одведените деца, на раздомените и учесниците во војната. Секој од ликовите носи свои сеќавања, а преку нивните судбини авторот ја претставува судбината на колективот. Сликовито ги гради ликовите, а тоа се темели врз нивните сведоштва, конкретни животни ситуации, драматика, и е доследен на вистината. Ги претставува во сета нивна автентичност, со длабоки и доживотни лузни и длабоко исполнети со тага. Овие ликови кои се носители на мачни судбини, прогонети, разделени, продолжуваат да траат во и низ времето. Продолжуваат низ времето со својата мака, стравови, очекувања и најважното - надежта.

8. Во нарацијата се забележува стил на уметничко изразување. Делата се напишани на *македонски литературен јазик*, но се збогатени и со *костурскиот говор* и токму со употребата на богатата лексика ја сочувува автентичноста на местото и јазикот, а преку тоа и *белегот на идентитетот* на Македонците. Покрај македонскиот литературен јазик, авторот во делата користи и грчки, руски и албански јазик и на овој начин ја потврдува автентичноста на *настаните, времето и просторот*. Впечатливите дијалози на исказите на сведоците и сведоштвата за

најпотресните случувања се искажани низ емоции и рефлексии преку кои се изразува *литературата на фактот* изнесена во делата.

9. Во романите ликовите на македонските жени се претставени во сета своја автентичност, со длабоки и доживотни лузни и длабоко исполнети со тага. Но, македонските жени во романите се столбот на семејството. Величината и храброста се гледа и во учеството во борбите во редовите на ДАГ под тешки климатски услови, најчесто гладни, жедни, истоштени од маршеви, неспиење. Тие се пример на храброст, јунаштво и посветеност со високо чувство и решителност во извршување на борбените задачи.

10. Низ страниците на анализираните дела, со цел да го сочува и најмалиот детаљ за вистината и трагиката на тоа време, *автор ја доловува традицијата на Македонците* со автентични *описи на домот и семејството* каде што во услови на војна, домот станал место на страдање и трагично живеење, бидејќи било уништено семејството како основна клетка на општеството. Низ *описите на ентериерот* на македонската куќа, селските улички и бавчите, ја претставува душата на македонскиот селанец која секојдневно била уништувана од воените настани. Во романите авторот особено се осврнува на одбележувањето на христијанските православни обичаи: славење имендени и слави на традиционалните македонски православни празници, искажување на вистинската верба во Бога преку молење пред иконата на Богородица, палење свеќи и раздавање храна за покој на душите на мртвите со што се покажува трогателната автентичност на животот и обичаите. Како вреден *доказ* за битот на Македонецот се *македонските ора и македонски народни песни, македонската облека, македонските селски јадења, обичаите по дома*. Романите претставуваат извор на реални факти земени од делничниот живот и се знаења за луѓето и времето во кое живееле.

11. Анализираните дела се облагородени со *симболика.* Сите наслови на романите се симболични, претставуваат симбол на траење и опстојување на единката, колективот - нацијата.

Насловот „И каменот е земја“ симболизира приврзаност кон татковината, родната земја, каменот е трајност, постоењето, гласник на вистината (Божјата вистина била напишана на камен) стражар на сопственоста, каменот е земја и ја претставува

татковината; насловот на романот „Постела за чемерните“ симболизира неизлечива тага кон родното место, чемер на душата на изгонетите и раздомените; насловот „Големата удолница“ - симболизира губење на идеалот; „Големата измама“ ја симболизира измамата на Македонците, а насловот на романот „На пат со времето“ и симболичната слика на запален оган во фенерчето ја симболизира: вечноста, топлината, животот, а авторот ја поврзува со судбината на колективот. Во романите се среќава и симболиката на: иконата, зборот, словото, говорот, дабот што во делата се симболи на траење, опстојување на нацијата.

12. Овие романи носат *пораки* за сегашните и идните генерации. Авторот порачува и остава аманет историјата на Македонците, траумите и страдањата кои се збир од колективната трагедија на нацијата, да ја проучуваат, да ја знаат и да ја пренесуваат и на идните генерации. Тоа што се случило на тие патишта во времето-невреме никогаш да не биде избришано од нивното паметење. Пораката на авторот е јасна: да не се заборави, со една единствена цел: никогаш да не се повтори. Затоа и автор порачува на хартија да се стави за трајно да остане незаборавено, бидејќи како што истакнал професорот Гане Тодоровски „... македонските црнила немаат крај“.[208]

13. Наковски заслужува посебно место во македонската книжевност од аспект на познавањата на „егејската тема“ кои се обележје на неговото творештво. Неговите романи се *свидетелство* на Граѓанската војна во Грција, документ на времето. Од романите на Петре Наковски, читателот има шанса да ја дознае вистината за Македонците под Грција и да најде одговор на прашањето:

- Каква е вистината за Македонците во Граѓанската војна и што знае современиот Македонец?

Затоа романите на Наковски треба да бидат „учебник по историја“, извор на знаење за сегашните и идни ученици кои низ литературата, реалните факти и убавиот пишан збор ќе ја сочуваат и ќе ја дознаат *вистината* за тоа тешко и драматично време, која ќе биде сочувана во поединечната и колективната меморија.

[208] Стожер, јануари-март 2004, стр.44

8. БИО-БИБЛИОГРАФСКА БЕЛЕШКА ЗА ПЕТРЕ НАКОВСКИ

Слика 17. Авторот Петре Наковски

Петре Наковски е роден на 17 јули 1937 година во село Крчишта, Костурско, Егејска Македонија, како петто дете во многучленото семејство на родителите Фимка и Раде.

Во текот на Граѓанската војна во Грција, на единаесетгодишна возраст, заедно со околу 1500 деца од костурските села, на 25 март 1948 година бил одведен во Албанија, каде во градот Драч (Дуреси) останал до 28 ноември 1948 година. Преку тогашна Југославија бил префрлен во Романија, во градот Орадеа, каде останал од 1 декември 1948 до 29 март 1949 година.

На 2 април 1949 бил префрлен во Полска во гратчето Солице -Здруј каде го продолжил основното образование на македонски јазик започнато во ноември 1947, во услови на војна. Од 1 јануари 1950 до 30 јуни 1951 престојувал во Државниот воспитен центар во градот Згожелец каде го продолжил основното образование на полски, македонски и грчки јазик. На 1 јули 1951 Државниот воспитен центар бил пренесен во гратчето Полице, северозападна Полска. Тука Наковски останал до 22

февруари 1953 и во второто полугодие на учебната година 1952/1953 бил префрлен во градот Шчечин каде во полско училиште го завршил основното образование.

Од 31 август 1953 до 30 август 1959 живеел во детски дом во градот Вроцлав, каде матурирал во педагошкиот лицеј. По завршувањето на средното образование се вработил како наставник по македонски јазик во основното училиште број 4 во Полице, каде со својата сопруга Дитта, исто така наставник, со која стапил во брак на 29 јуни 1959 година, живеел и работел до 5 февруари 1962 година.

Брачниот пар Дитта и Петре Наковски на 7 февруари 1962 година се преселил во Република Македонија и во Скопје живеат до денес.

Во ноември 1966 година Наковски се вработил како новинар во весникот „Вечер“, а од 1 јануари 1973 до 1 јули 1977 во весникот „Нова Македонија“. Во август истата година преминал на работа во Уредот за информации на Извршниот совет на СР Македонија, а од 1 август 1978 до пензионирањето во 2001 година работел во Министерството за надворешни работи, извршувајќи задачи на разни одговорни функции.

Од 8 март 1995 до 8 октомври 1999 година бил амбасадор на Република Македонија во Република Полска. Во текот на извршувањето на функцијата амбасадор развил забележителна активност за афирмација на Република Македонија во Полска и меѓу дипломатскиот кор. Организирал бројни официјални посети на републички делегации на ниво на министри и претседатели на парламенти во двете насоки, официјална посета на Претседателот на Република Македонија, г. Киро Глигоров, настапи на културно-уметнички друштва и професионални хорови, туристички презентации, уметнички изложби, литературни средби, бројни интервјуа на полската телевизија, радиото, периодиката и дневниот печат, како и реципрочно објавување антологии на македонската, односно на полската поезија и бројни преводи на поезија од македонски поети на полски јазик.

За покажаната и многу успешна дипломатска активност, ширењето и зацврстувањето на македонско-полските врски и односи, претседателот на Република Полска, Александер Квашњевски го одликува Наковски со високо државно одличие.

9. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Белетристика:

1. Георгиевски, Ташко: *Црно семе; Змиски ветар; Време на молчење*. - Скопје: *Матица македонска,* 2008

2. Колбе, Кица Б: *Егејци*. - Скопје: *Култура*, 1999

3. Денфорт, Лоринг М: *Децата на Граѓанската војна во Грција*. - Скопје: *Фондација Отворено општество,* 2012

4. Наковски, Петре: *Постела за чемерните*. - Скопје: *Култура*, 1985

5. Наковски, Петре: *И каменот е земја*. - Скопје: *Огледало*, 1988

6. Наковски, Петре: *Големата удолница*. - Скопје: *Макавеј,* 2003

7. Наковски, Петре: *Големата измама*. - Скопје: *Макавеј,* 2007

8. Наковски, Петре: *На пат со времето*. - Скопје: *Матица*, 2010

Теорија:

9. Ајановски-Оче, Вангел: *Егејски бури*. - Скопје: *Институт за национална историја*, 1975

10. Андоновски, Венко: *Структура на македонскиот реалистичен роман*. - Скопје, *Детска радост,* 1997

11. Андоновски, Венко: *Абдукција на теоријата. Т.1, Жива семиотика (лингвистика, семиотика, семантика, стилистика).* - Скопје: *Галикул*, 2011

12. Андреев, Љубен: Општа теорија на литературата. - Скопје: *Просветен работник*, 1991

13. Гогов-Црноречки, Раде: *Лекување на борците на ДАГ во Македонија*. - Скопје: *Здружение на децата бегалци на Македонија*, 2010

14. Гушева Мојсиева, Јасмина: *Имагинарни татковини*. - Rijec, 2006, бр. 3

15. Друговац, Миодраг: *Историја на македонската книжевност XXвек*. - Скопје: *Мисла*, 1090

16. Егејска Македонија во НОБ 1948, том 5. - Скопје: *Архив на Македонија*, 1981

17. Егејска Македонија во НОБ 1949, том 4. - Скопје: *Архив на Македонија*, 1983

18. Киселиновски, Стојан: *Егејскиот дел на Македонија 1913-1989*. Скопје: *Култура*, 1990

19. Кочов, Стојан: *Идеолошкиот активизам над Македонците под Грција*. - Скопје: *Матица македонска*, 2000

20. Кочов, Стојан: *Битките на македонските генерации под Грција низ туѓите идеологии.* - Скопје: *Матица македонска*, 2013

21. Кристева, Јулија: *Токати и фуги на другоста*. - Скопје: *Темплум*, 2003

22. Мојсова-Чепишевска, Весна: *(Чинот на пишување како чин на ослободување)*, *Игра и симулации*. - Скопје: *Галикул*, 2011

23. Мојсов, Лазо: *Околу прашањето на македонското национално малцинство во Грција*. - Скопје: *Институт за национална историја*, 1954

24. Мундушев, Коста: *Преспа во пламен*. - Ресен, 1988

25. Мухиќ, Ферид: *Мотивација и медитација*. - Скопје: *Наша книга*, 1988

26. Наковски, Петре: *Македонски деца во Полска*. - Скопје, *Млад борец*, 1987

27. Наковски, Петре: *Македонските бегалци во Полска (документи) том 1 и 2*. - Скопје: *Државен архив на Република*, 2008

28. Пејов, Наум: *Македонците и Граѓанската војна во Грција*. - Скопје: *Институт за национална историја,* 1968

29. Раковски, Павле: *Македонското национално прашање низ политиката на КП на Грција*. - Скопје: *Гласник на Институтот за национална историја*, 1968
Хронологија на Народноослободителната борба во Егејскиот дел на Македонија (1945-1949). - Скопје: *Здруженијата на борците од НОВ на Македонија*, 1973

30. Ќулафкова, Ката: *Поимник на книжевната теорија*. - Скопје: *МАНУ*, 2007

31. Шелева, Елизабета: *Романот како филозофија на сеќавањето*
http://www.blesok.com.mk/tekst.asp?lang=mac&tekst=1033

Полски јазик

Белетристика:

32. Kapuściński, R: *Cesarz*. - Warszawa, 2004 (Император)

33. Jagielski, W: Wieże z kamienia. - Warszawa, 2004 (Кули од камен)

34. Nałkowska, Z: *Medaliony*. - Warszawa, 1993 (Медаљони)

Теорија:

35. Matuszewski, R: *Literatura polska 1939-1991*.- Warszawa, 1995

36. Sławiński, Janusz :Słownik terminów literackich. - Warszawa: Kraków: *Zakład Narodowy im. Ossolińskich -Wydaw*, 2008

37. S`wiech, J: *Literatura polska w latach II wojni s`wiatowej*, Warszawa, 2002 (Полска литература за време на Втората светска војна)

38. Hutnikiewicz, A: *Od czystej formy do literatury faktu,* 1990 (Од чистата форма до литературата на фактот)

39. Wroczynski, Tomasz: Literatura polska po 1939 roku. - Warszawa, 1999

40. Kopalinski, Wladislaw: *Slownik simboli*. - Warszawa, 1990

Српски јазик

Теорија:

41. Kljakik, Dragan: Izgubljena pobeda Generala Markosa. - Beograd: Narodna knjiga, 1987

42. Константиновић, Зоран: Увод у упоредно проучавање књижевности. - Београд: Књижевна мисао, 1984

43. Samik, Midhat: Kako nastaje naucno djelo. - Sarajevo: Svijetlost, 1980

44. Velek, Rene/Voren, Ostin: Teorija knjizevnosti. - Beograd: Nolit, 1985

Хрватски јазик

Теорија:

45. Jonson, Lindon Baines: *Pogled unatrag 1963-1969*. - Zagreb: *Globus*, 1974

46. Skreb, Zdenko/Stamac: Uvod u knjizevnost. - Zagreb: Globus, 1986

Словенечки

Теорија:

47. Bahtin, Mihail: *Teorija romana*. - Ljubljana: *Cankarjeva zalozba*, 1982

Грчки јазик

Теорија:

48. Γριγοριαδης Ν, Σολων: Ο εμφυλιος 1946-1949, τομος 2 (Солон Н. Григоријадис: *Граѓанската 1946-1949*, том втор)

49. Ετσι αρχισε ο εμφυλιος, Εκδοσεις Γλαρος, 1987 (Така почна граѓанската)

50. Кирицас, Никос: Димократикос стратос Еладас. - Атина, 2003

51. Зафиропулос: *Антибандитската војна 1945-1949*

Списанија:

Стожер, јануари-март 2004

Македонија денес, 4 ноември 2003

Интернет извори:

www.misshannigan.com/Genre/nonfiction/nonfictionnotes.html
http://grammar.about.com/od/mo/g/nonfictionterm.htm
http://dictionary.reference.com/browse/nonfiction
http://oxforddictionaries.com/us/definition/american_english/nonfiction
http://nonfictionresources.pbworks.com/w/page/10132476/Nonfiction%20Novels,%20Fictional%20Memoirs%20and%20Creative%20Nonfiction
http://www.readworks.org/sites/default/files/bundles/lessons-grade2-genre.pdf
wspolczesnosc.klp.pl/a-9339.html
http://www.rastko.rs/cms/files/books/4f344d3d7fb2d
www.britannica.com/non fiction novels
radiolav.com.mk › Вести › Македонија СОЈУЗ НА МАКЕДОНЦИТЕ ОД ЕГЕЈОТ „МАКЕДОН“ :70 ГОДИНИ ...
http://proleksis.lzmk.hr/41096/
http://www.makedonski.info/show
http://en.wikipedia.org/wiki/Makronisos
http://www. stil-magazin.com/clanak/broj-82-21-jul-2008/cudesni-svet-bogova